ОПШТИНА ВЕЛЕС



# Велес

## 16 април 2009 - 16 април 2013




Издавач: Општина Велес

за издавачот: Горан Петров

Печати: „Винсент“ - СКОПЈЕ
Април 2013


ОПШТИНА ВЕЛЕС

## Содржина

Страна

| | |
|---|---|
| 1.ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ | 1 |
| 2.ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА | 4 |
| 3.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | 5 |
| 4.ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | 6 |
| 5.ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА | 8 |
| 6.УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ | 10 |
| 7.КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | 12 |
| 8.КУЛТУРА | 15 |
| 9.СПОРТ И МЛАДИ | 18 |
| 10.СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | 20 |
| 11.ОБРАЗОВАНИЕ | 24 |
| 12.ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 25 |
| 13.Список на приоритетни проекти со Одлука на Советот на Општина Велес за кои постои изготвена техничка документација | 26 |
| 14.ПРИЛОЗИ | 27 |
| 15.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2009 | 27 |
| 16.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2010 | 57 |
| 17.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2011 | 87 |
| 18.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012 | 111 |
| 19.ТРИ МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ 2013 | 137 |



**Почитувани сограѓани,**

Пред четири години ја добив Вашата доверба за Градоначалник на Велес. Предизвикот да застанам на оваа одговорна функција беше двоен: да му дадам можност на поединецот, неговите идеи и креативност да ја развие авангардната страна на Велес и се разбира, да создадам услови за квалитетен економски развој, инфраструктурна и културна надградба на општината.

Историјата покажала дека социјалната положба не го назадува прогресот. Напротив. Во најголемите економски кризи на градот напишани се најсветлите историски страници. Своето име за навек Рацин го запиша во историјата на светот, на таванот во својата трошна куќа. Учителот Брашнар не изгради училиште, но изгради генерации Македонци што го следеа неговиот пример на национален јунак и борец за самостојна Македонија. Гемиџиите и Миле Попјорданов не градеа гемии, не пишуваа песни, но во нивна чест се пее и се слави македонскиот непокор. Мојата намера не беше да влезам во историјата на голема врата, како горе спомнатите велешки синови. Јас си поставив за цел да ја отворам вратата на историјата и да им дадам шанса на луѓето чија мисија во развојот на Велес ќе им обезбеди високо место во поновата историја на обичните луѓе со големи идеи.

По овие четири години гордо можам да кажам пред себе си и пред Вас дека задачата што си ја поставив ја исполнив. Му дадов шанса секому што од мене побара помош со единствена цел секој граѓанин да почувствува дека за него се води грижа за подостоинствен и економски постабилен живот.

Воопшто не беше едноставно да се создаваат вредности што ќе го обележат периодот на првата локална власт со различен идеолошки предзнак од сите претходни. Потполно свесен дека овој момент на идеолошки промени предизвикува особено внимание на јавноста, недоверба, па можеби и страв од можни груби дејствија мотивирани од различното политичко раководство, се водев од мислата на Главинов :„Дај му прилика на секој што сака да ти се придружи. Покажи му како и убеди го, научи го да ги види предностите на новата идеологија што води кон напредок и ослободување на личноста. Не брзај со одлуките“.

Токму затоа, првата година од извршувањето на функцијата Градоначалник беше година на планирања, на создавања стратегии и визии за развој на сите области: локалниот економски развој, екологијата, урбанизмот, комуналните дејности, образованието, културата, социјалната заштита, меѓународната соработка, спортот, здравството, соработката со граѓанскиот сектор. Во секоја област во средиштето на мојот интерес повторно беше човекот.

Локалниот економски развој го обележа формирањето на економскиот совет, Стратегијата за вработување, проектот за Бизнис пријателска општина, учеството на меѓународни саеми, одржувањето меѓународни конференции, оформувањето Бизнис центар нематеријална основа за голема материјална придобивка и забрзан локален економски развој.

Борбата за здрава животна средина ја обележа еколошката револуција на 20.000 велешани против рестартот на Топилницата на 9-ти Ноември 2011 година, розите што ги посадивме за ремедијација на почвата, измената на урбанистичкиот план за парцелата на која се наоѓа Топилницата и сите активности на Зелената коалиција на Општина Велес.

Во областа на урбанизмот се вклопивме во реформите на Владата за легализација на дивоградбите, работевме на донесување урбанистичка документација. Комуналните дејности ги обележа населбата Хабитат, замената на уличното осветлување со економични светилки, бројните асфалтирања и бетонирања на улици, уредувањето на јавните зелени површини и ред активности набележани подолу во оваа брошура.

Урбанистичкото планирање и локалниот економски развој многу често се испреплетуваат меѓу себе. Таков е случајот со плановите за развој и уредување на Езерото Младост и индустриските зони Речани и УЗУС.

Особено сум горд на успесите постигнати во образованието, особено во развојот на високото образование. Општина Велес со сопствени средства се вклучи во создавањето услови за негово поттикнување. Делот од хотелот „Вила Зора" што беше во сопственост на општината го отстапивме на Владата на Република Македонија и веќе се преуредува во високообразовен центар и кампус во кој ќе бидат сместени дел од шесте дисперзирани студии и Техничко-технолошкиот факултет чие седиште е во Велес. Во основното и средното образование особено се важни проектите на општината за енергетска ефикасност со кои веќе отпочна процесот за заштеда на електрична енергија со замена на светилките, а ќе продолжи со целосна реконструкција на топловодните системи во училиштата. Иако во извршувањето на мојот мандат се случи голема катастрофа и во пожар до темел изгоре основното училиште во селото Иванковци, успеавме во најкус можен рок да изградиме ново, модуларно училиште. Со помош на ресорното министерство изградивме уште едно модуларно училиште во селото Отовица. Паралелно со градењето на нови училишни објекти се подобруваа условите за работа во сите училишни објекти. За подобрување на безбедноста во училиштата се реализираше проектот поддржан од ОБСЕ „Безбедни училишта, хармонична средина". Во соработка со УСАИД се реализираа проекти за опремување на кабинети и лаборатории во училиштата. Велес е вклучен и во бројни меѓународни проекти кои во следниве две години ќе донесат големи инвестиции во образованието.

Во средиштето на мојот интерес отсекогаш бил човекот и неговиот достоинствен живот. Распадот на индустријата и економскиот колапс во кој го започнав мандатот резултираше со огромен број невработени и социјални случаи. Токму затоа делот од Буџетот за финансирање на Програмата за социјална работа на општината во изминативе 4 години беше десеткратно зголемен.Во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и ОО на Црвениот крст во континуитет сите 4 години се доделуваше еднократна помош на граѓани за лекување и егзистенција. Воведов пракса средствата наменети за обележување на 8-ми Март, Меѓународниот ден на жената да не се трошат на подароци и веселби, туку да се распределат на жените на кои им се неопходни за задоволување на основните животни потреби. Со посебни ставки во Буџетот се помагаа самохраните мајки, жртвите на семејно насилство, лицата со инвалидност. Општина Велес донесе Стратегија за лица со инвалидност и Локален акциски план за периодот 2011-2015 година. Водев сметка сите животни потреби на лицата со инвалидност да бидат задоволени. Затоа Општина Велес го финансира печатењето на единственото звучно списание во Македонија за слепи лица „Зрак", организира специјални емисии за инвалидизирани лица на локалните медиуми и отстранување на архитектонските бариери.Велес беше домаќин на Националната конференција на лицата со инвалидност и 37-мите средби на Сојузот на цивилни инвалиди на Република Македонија. Ова поглавје социјална и здравствена заштита, можеби ќе заземе најголем простор затоа што опфаќа најмногу области: стари лица, превентивна здравствена заштита, родово сензибилирање, заштита на децата и предучилишно згрижување, грижата за немнозинските заедници. Во секоја од нив реализирани се бројни проекти, изготвени стратешки документи, остварена меѓуопштинска, меѓуинституционална и меѓународна соработка.

Велес е најзначајниот културно-историски центар во Република Македонија. Имињата што ја детерминирале македонската кауза во создавањето на национален идентитет се од Велес: Поп Арсов, Чуповски, илинденските стратези и војводи, Брашнаров, Гемиџиите, преродбениците Жинзифов и Џинот, поетите Рацин и Неделковски, неимарите и зографи

Дамјанов и Хаџи Косте, социјалистот Главинов, прекалените борци Алексо Демниевски и Димитар Влахов, актерот Петре Прличко, филологот Шоптрајанов, дипломатите браќата Петкович. Во сите области од животот, во сите историски периоди Велес е стожерот на Македонија.

Со благослов на неговото Високопреосвештенство господин Агатангел, Митрополит на Повардарската епархија од 2010 година Велес има свој светец заштитник великомаченикот и целебник Св. Пантелејмон. Секој 9-ти август велешани го слават својот патрон, а од минатата година во знак на почит на неговата определба да го лекува народот, се одржува Локална конференција од областа на здравството.

Во овие 4 години Велес не само што го задржа атрибутот на град на културата на Република Македонија туку го надгради и го издигна на многу повисоко ниво. Покрај стандардните меѓународни манифестации овозможив востановување на Меѓународен театарски фестивал на алтернативни уметности, возобновување на Вардарската регата „Гемиџии“ и нејзино издигнување на регионално ниво, основање креативни етно-работилници, реализирање на проект за промоција и заштита на богатото архитектонско наследство. Три носечки културни манифестации по пат на делегирана надлежност беа отстапени на целосно организирање и реализирање на здруженија на граѓани кои ги сочинуваат професионалци во својата област. Со тоа ја искажав довербата кон младите, но докажани и признати уметници, копаничари, сликари, актери, режисери. Бенефитот е огромен. За илустрација само фондот на дела создадени на колонијата „Папрадишки мајстори“ ја помина бројката од 150. Колонијата се претстави во Скопје, во Бугарија и во десетина градови во Хрватска. Во моментов се спроведуваат активности за брендирање на општината и за промовирање на традиционалната храна. Уникатната манифестација „Велешка пастрмајлија“ покрај културен има и огромен економски предзнак затоа што го промовира Велес како вински и гастрономски регион во функција на развој на туризмот.

И на спортски план Велес го отворивме пред светот. Востановив меѓународен турнир во одбојка на песок, бевме домаќини на натпревар од „Девис куп“ во тенис, финансиски ги помогнавме нашите олимпијци и ракометни репрезентативци и сите спортисти што учествуваа на светски, европски и балкански натпревари. На сите екипни спортови им создадовме услови за перманентен напредок.

Во нераскинлива врска со спортот се и младите. Општина Велес донесе Стратегија за млади и во 2012 година започна со нејзина имплементација. Пред се целта на овој документ е создавање услови за задржување на младите во општината, обезбедување работни места за нив, отворање на можности за нивен пристоен и исполнет живот. Впрочем младите и нивната иднина се главна водилка во локалниот економски развој, образованието, културата и спортот. Реализираните активности од Стратегијата за млади се насочени кон нивно директно вклучување во работата на Општината, одлучувањето и креирањето нанејзиниот развој по мерка на младите.

Соработката со граѓанските организации ја има истата важност како и другите области во надлежност за кои се трудев да добијат нова димензија, функционална и корисна за граѓаните. Покрај делегирањето надлежности на граѓанските организации особено е значајно што со многу од нив се потпишаа меморандуми за соработка. Би го издвоил меморандумот потпишан со Општинската организација на Црвениот крст кој опфаќа повеќе области на делување: надминување на сиромаштијата, помош на граѓаните во време на елементарни непогоди, превентивата од заразни болести и болести од зависности, проектот за грижа за стари лица во домашни услови, крводарителски акции. Преку меморандуми за соработка се реализираа проекти за поддршка на немнозинските заедници, за решавање на проблемите со животните скитници, за подобрување на демократските процеси, проекти за безбедност и соживот во училиштата и градинките, во сообраќајот, спортот, младите, меѓународната соработка.

Сакам да ја подвлечам и да ставам посебен акцент на улогата на меѓународната соработка што ја развивав изминативе години. Таа беше во функција на економскиот развој но имаше голема рефлексија и во образованието, културата и соработката со граѓанскиот сектор. Бројните повелби, договори и меморандуми за пријателство, соработка и збратимување потпишани со градови од Хрватска, Турција, Руската Федерација, Италија, Франција, Србија, Полска и Босна и Херцеговина збратимија училишта, споија стопански субјекти, го обединија граѓанскиот сектор.

Почитувани сограѓани,

Општина Велес е прва во Република Македонија со кредитен рејтинг, прва со сертификат за квалитет на услугите ISO 9001-2008, прва со сертификат за општина со поволно бизнис опкружување. Овие норми се постигнуваат со упорна и квалитетна работа, со добро планирање ефикасно раководење и координирана соработка. Ова се документи со кои не можат да се пофалат и многу побогати и поголеми европски престолнини. Горд сум што сите постигнати резултати се подигнати на европско рамниште затоа што граѓаните на Велес тоа го заслужуваат.

Овие успеси не се само мои. За нив е заслужна општинската администрација, јавните претпријатија, институциите од локално и национално ниво, медиумите. Но најзаслужни сте Вие почитувани граѓани. Програмите што јас ги реализирав добија виза од Вас на јавните расправи и форуми. Со Вашата поддршка и охрабрување, со довербата и соработката го сменивме правецот на движење на Општина Велес кон остварување на Вашите потреби.

Ви благодарам што со Вашиот глас ми овозможивте 4 години од мојот живот да му ги посветам на мојот град, на градот на моите претци, на Вашиот, на мојот Велес. Се надевам бев достоен на Вашата доверба. Овој отчет или ретроспектива на сработеното нека биде историски показател на нашиот влог во иднината на Велес, во иднината на нашите поколенија, влог во човекот за подостоинствен живот.

Искрено,

Горан Петров,
Градоначалник на Општина Велес

Петров

# ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Истражување и анализа на задоволството на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината

Подготовка и печатење флаери за 14 000 семејства за подигнување на свеста и информирање на граѓаните за одредбите на Законот за јавна чистота

Кампања за наплата на даноци преку средствата за јавно информирање

Кампања за борба против корупцијата

Изработка на „Граѓански информатор за услуги“ со содржина на потребна документација за сите процедури во општината

Специјализирана емисија за промоција на заштитен знак, маскота и печатени материјали со заштитен знак на Велес

Печатен Маркетинг план на Општина Велес

Кампања за информирање на граѓаните со отворени средби со градоначалникот

Промоција на претпристапниот инструмент ИПА со вклучување на бизнис секторот и земјоделците




Промоција на системот за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001: 2008

Видео презентација за меѓународен турнир во одбојка на песок

Промотивно ДВД за Општина Велес

Рекламен простор во „Вардарски магазин“

Изработка на ТВ спот за промовирање на официјалната веб страница на Општина Велес








# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА









Учество во Програмата „Граѓаните за Европа“ со збратимените градови Слобозија, Романија и Свиштов, Бугарија

Потпишување меморандум за соработка со Новогард-Полска, Адалар и Каршијака-Турција, Шербур Октавиљ Франција, Асколи Пичено Италија, Сомбор Србија, Вараждин-Хрватска, Моршанск-Руска Федерација и Зеница Босна и Херцеговина

Учество на саемот „Виро-експо“ во Вировитица заедно со претставници на Регионалната стопанска комора

Организирање на бизнис средба на претставници од градежни фирми од Асколи-Пичено и Велес во Општина Велес

Организирање средба на бизнис секторот од Велес и регионот со претставници од Стопанската комора на Вараждин

Посета на стопанственици од Велес на Сомбор

Отворање франкофонско катче во Локалната библиотека „Гоце Делчев“

Реализирање на проект за инвентаризација на архитектонско наследство поддржан од Регионот Долна Нормнандија-Франција

„Флоријан“ едукативен и донаторски проект реализиран со ТППЕ и Доброволно ПП друштво од Манчестер, Англија



# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Годишните програми за поддршка на граѓанскиот сектор ги содржат сите предлози и иницијативи на здруженијата на граѓани од Општина Велес и други здруженија со активности наменети за граѓаните на Општина Велес. Во оваа листа наведувам само дел од преку 500 реализирани проекти и активности во текот на 4 годишниот мандат.

Обезбеден простор сопственост на Општина Велес за работа на здруженијата на граѓани без надоместок и со платени комунални трошоци

Потпишани меморандуми за соработка и финансиски поддржани 20-тина здруженија на граѓани кои не се опфатени во програмите по области

Реализирани партнерски проекти по иницијатива на здруженија на граѓани

Реализирани заеднички акции на уредување на градот „Зачувај не уништувај" проект за обновување на урбана опрема (поправка на детски забавни паркови, урбана опрема и сл.)

Бројни активности на Зелената коалиција од кои најмасовна беше т.н „Еко револуција" организирана против рестартот на Топилницата за цинк и олово

Етно-работилници во куќите на уметноста (грнчарска, ткајачка и столарска)

Училиште за стрип

Фестивал „Сонце" Пустец, Р. Албанија

Фестивал „Импакт"- алтернативен театар

Денови на Кемал Ататурк

„Богородице мајко-спаси не"- играно документарен филм

„Трагачи на звукот" документарен филм

Сервисни дефектолози во ООУ

Поддршка на програмски активности на здруженија на граѓани

Програма за волонтирање











# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР



Општина Велес обезбедува простор за работа на граѓанските организации во Домот на НВО и објектите сопственост на Општина Велес без надоместок и со платени комунални трошоци.

Поддржани се сите граѓански организации во погоре наведените области, но и голем број здруженија на граѓани чија мисија се волонтаризмот, демократските вредности, човековите права, почитување на различностите и хуманоста.




„Блакцето на баба“ - издание со рецепти на традиционални колачи

Благајничко, даночно работење и пресметка на плати на НВО“

„Подобрување на учеството во демократски процеси на етничките заедници“

„Граѓаните подготвени-СЕГА“

„Биди спокоен„- ДППД „Видра“

Зајакнување на административните капацитети за зачувување и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство

„Родовата рамноправност во структурите на политичките партии предизвици и можности“ со ЖГИ „АНТИКО“










# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Настап на саемски манифестации

Печатен и електронски промотивен материјал

Изградба на инфраструктура на Езеро Младост

Воспоставување на електронски систем за пријавување на проблеми

Подготовка на апликација за контрола на плати во образование

Прирачник за стратешко планирање на локалниот развој

Дисперзирани општински канцеларии

Имплементација на мерки за заштита на лични податоци

Имплементација на Share Point Portal во функција на EDMS

Редизајн на официјалниот web site на Општина Велес

Општински образовен портал

Подршка на центарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион

Изработка на елаборат за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во ООУ и Детска градинка

Подготовка на елаборат за вградување на економични светилки во внатрешноста на училиштата

Изградба на водоводна инфраструктура во индустриска зона Речани 2











http://www.veles.gov.mk/

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА











Имплементација на сервис за проверка на состојбата на даночните обврзници

Стратегијата за информатички и комуникациски технологии - забрзување на процесите поврзани со интеграцијата на системите.

Слободна пристапна точка за интернет во Младинскиот парк и паркот во склоп на Гимназијата „Кочо Рацин";

Сервиси за пријавување на проблеми од различни области преку веб-локацијата на општината и проверка на состојба на даночните обврзници.

Изработен visit.veles.gov.mk, туристичко промотивен портал

Изработен uslugi.veles.gov.mk, портал за следење на реализацијата на програмите кои ги донесува Советот на општината.

Платформата за електронски услуги (е-услуги) вклучувајќи систем за управување со корисници и следење на предмети обезбедува двонасочни, брзи и лесно достапни услуги.

Електронско одвивање на седниците на Советот на општината - нови и напредни функционалности со кои работата на Советот на Општина Велес значително се осовременува и поедноставува.

Програма за поддршка на семејни и мали бизниси

Поволно бизнис инвестирање - проект за сертифицирање на Општина Велес во Општина со поволно бизнис опкружување

Брендирање на Општина Велес

e услуги www.veles.gov.mk

# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Издавање изводи од планови во континуитет

Издавање локациски решенија за градење во континуитет

Издавање одобренија за градење во континуитет

Донесени ДУП-ови согласно потребите на урбанистичкото планирање

Донесени ЛУПД согласно потребите на урбанистичкото планирање

Изработена стратешка оцена за влијанието врз животната средина за измена и дополна на ГУП Топилница, еколошка документација за инфраструктурни објекти за потребите на општината

Поднесени 7864 барања за легализација

Изработка на нумерички и ажурирани подлоги

Детско игралиште во с. Кумарино

Тампонирање улици, банкини и поправка на пат, изградба на фекална канализација во рурални подрачја: Бузалково, Горно Оризари, Сливник, Сопот, Црквино, Кумарино, Дурутовец, Чолошево, Сујаклари, Раштани, Иванковци, Караслари, Ораовец






Индустриска зона „Речани 2"

| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|---|
| 2.5 | 1090 | 436 | 1308 | П+2 hmax=10.5m |
| 2.6 | 1090 | 436 | 1308 | П+2 hmax=10.5m |
| 2.8 | 1160 | 464 | 1392 | П+2 hmax=10.5m |
| 3.1 | 1080 | 432 | 1296 | П+2 hmax=10.5m |
| 3.2 | 1015 | 406 | 1218 | П+2 hmax=10.5m |
| 3.3 | 970 | 388 | 1164 | П+2 hmax=10.5m |
| 3.4 | 925 | 370 | 1110 | П+2 hmax=10.5m |
| 3.5 | 895 | 358 | 1074 | П+2 hmax=10.5m |
| 4.1 | 1060 | 424 | 1272 | П+2 hmax=10.5m |
| 4.2 | 1050 | 420 | 1260 | П+2 hmax=10.5m |
| 4.3 | 1040 | 416 | 1248 | П+2 hmax=10.5m |
| 4.4 | 1020 | 408 | 1224 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.3 | 1060 | 424 | 1272 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.4 | 940 | 376 | 1128 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.5 | 990 | 396 | 1188 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.6 | 950 | 380 | 1140 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.8 | 740 | 296 | 888 | П+2 hmax=10.5m |
| 5.9 | 880 | 352 | 1056 | П+2 hmax=10.5m |








http://www.uslugi.veles.gov.mk/

# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ









° **Изработени проекти:**

-Сервисни улици,
-новопроектирана улици во Сателитска населба Езеро Младост
-две новопроектирани сообраќајници во Сателитска населба Езеро Младост
-водоснабдување с. Раштани
-фекална канализација Езеро Младост
-атмосферска канализација Горно Оризари
-реконструкција на патен правец Велес-с. Бузалково
-реконструкција на патен правец Јазла-с. Иванковци
-потпорен ѕид и проширување на ул „Орце Шутев“
-четири раскрсници за кружно одвивање на сообраќајот
-реконструкција на патен правец Велес-Бузалково
-реконструкција на патен правец Јазла - Иванковци
-потпорен ѕид ул.„Орце Шутев“
-водоснабдување на Езеро Младост од градскиот водовод
-инфраструктура за населба Хабитат
-реконструкција на ул. „Стојан Бурчевски Буридан“
-пристапен пат с. Сливник
-водоснабдување и канализација Сливник
-разводна и канализациона мрежа во с. Сливник
-две новопроктирани улици паралелно со ул.„Тодор Јанев“ и новиот театар
-пешачка патека на Езеро Младост
-колектор Сујаклари, Кумарино и Мамутчево
-покривање на отворен канал од ф-ка „Благој Ѓорев“
-водоснабдување на Бузалково и Раштани
-колектор за атмосферски води
-проект за препумпување на фекална канализација во Горно Оризари
-Елаборати за оценка на влијанието врз животната средина за сите инфраструктурни објекти

# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

°**Водоснабдување**
с.Сливник, с. Црквино, с. Раштани, населба Хабитат, Сателитска населба Езеро Младост, Башино Село,

°**Фекална канализација**
С. Бузалково, Горно Оризари, Сујаклари, населба Речани, Езеро Младост, индустриска зона УЗУС, с. Иванковци

°**Пречистителни станици**
с. Иванковци, Горно Оризари,

°**Ракофати**
„Благој Јосмов“, „Богдан Каракостев“, „Максим Горки“, „Даме Груев“, „Тоше Саздов“, „Ганчо Хаџипанзов“, „Миле Милевски“, „Пеце Карев“, „Родна Ивева“,„ Вера Циривири“ , „ЈХК-Џинот “, „Маца Овчарова “, „Белградска “, „Александар Несторов“, „Петар Дељан “, „Богдан Прличков“, „Питу Гули“, „Титовоужичка“, „Крали Марко“ , „Неретва“

°**Скали и огради**
„Грозда Кочова“, Младински парк, „Ѓорги Димитров“, „Игманска“, „Лазо Осмаков“, „Кирил и Методиј“, Поток, Градски пазар, Градски парк, „Румена Хаџипанзова“, „Маца Овчарова “, „Белградска“, „Александар Несторов“.

°**Потпорни ѕидови**
„Ганчо Хаџипанзов“, Игманска“, „Максим Горки“, Климент Охридски“, „Славе Петков“, Белградска“, Киро Рогужаров“, „Орце Шутев“, „Родна Ивева“, „Роса Плавева“ „Маца Овчарова, „Вера Циривири“, „Богдан Каракостев“, „Јовче Чучук“, Раштански пат, „Коле Цветков“, „Андон Шурков“, „Сараевска“, населба Хабитат,„Тодор Ацев“, „Милан Страчков“, „Орце Мартинов“, „Петре Алчев“, „Крушевска“, „Даме Груев“, „Васил Ѓоргов“, „Јордан Џурнов“, ,„Прохор Пчински“ „Илија Климкаров“, „Љубен Весов“,„Костурска„, „Георги Димитров“









http://www.uslugi.veles.gov.mk/

# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ













***Тротоари**

„Андон Шурков", „ЈХК Џинот", „Вардарска", „Гоце Делчев", „Димче Мирчев", патеки во Градски парк,„ Љубљанска"

***Пробивање на улици и паркинг простори**

Сателитска населба Езеро Младост, пристап кон депонија за градежен шут, паркинг пред црква Св. Спас, „Киро Чауле",обиколница околу зграда ХИВ,

***Камени коцки**

Улици: „Кирил и Методиј", „Орце Шутев", ул.„Вера Циривири", „Прохор Пчински", „Петар Милевски", Јовче Чучук", „Ганчо Хаџипанзов", „Богдан Каракостев", „Браќа Попјорданови", „Максим Горки", „Васа Кошулчева", „Крали Марко", Спомен-костурница,„Милан Страчков",

***Тампонирање**

Улици во Населба Речани, „Васа Кошулчева", населба Хабитат, Горно Оризари, патен правец Бузалково-'Рлевци, Горно Караслари-Долно Караслари,

***Поплочување на улици и патишта**

„Сараевска", дел од патот Чолошево-Дурутовец, „Прохор Пчински", „Кирил и Методиј", паркинг кај црква Свети Спас, „ЈХК Џинот", „Петре Алчев",„Вера Циривири", „Димитар Влахов", „Киро Рогужаров",„Ѓоре Органџиев", „Максим Горки",парк „Гемиџии2 ", реконструкција на сервисна ул.„Благој Ѓорев " „Прва Комуна", Плоштад Којник, паркинг на Стар мост, паркинг Работнички универзитет,

***Бетонирање на улици**

„Јордан Џурнов", „Стојан Бурчевски-Буридан", „Киро Чауле", „Невена Ѓеоргиева Дуња", Киро Пракицов", „Ката Капчева" улици во населба Превалец, „Мите Богоевски, „Јане Сандански", „Лазо Трпков", Андон Шурков", „Ганчо Хаџипанзов", „Славе Петков", „Игманска", „Родна Ивева", „Ванчо А. Ѓакот", „Орце Мартинов", „Коле Цветков", „Јовче Тикваров"

***Асфалтирање на улици и патишта**

„Костурска", обиколен пат Велес-Башино Село, Чолошево-Дурутовец, „Алексо Демниевски", „Гоце Делчев", „Киро Ќучук",, Невена Ѓеоргиева Дуња", „Тодор Јанев", „Коле Цветков", „Костурска", „Орце Мартинов", „Самоборска", „Никола Карев", „Моша Пијаде", улица во Оризари.

# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

°**Атмосферска канализација**

Ул.„Орце Шутев“, „Љубљанска“, „Петре Прличко“, „Игманска“, „Благој Ѓорев“, „Белградска“, викенд населба Езеро Младост, „Родна Ивева“ локален пат Бузалково-'Рлевци, сателитска населба Езеро Младост ,објект на новиот театар, с. Иванковци

°**Урбана опрема**

Поставување автобуски стојалишта, контејнери, корпи за отпад, клупи, конструкции за кошеви со обрач, ракометни стативи,огради од плетена мрежа, уредување и одржување на детските забавни паркови и игралишта во континуитет.

°**Осветлување**

Ул.„Невена Ѓеоргиева Дуња“, Железничка станица, ул.„Јовче Тикваров“, ул.„Тодор Јанев“, ул. „Промајска“, спотрски терени на ООУ „Блаже Конески“, дел од Градски парк, ул. „Игманска“, Прокредит академија, ул.„Благој Абрашев“ ул.„Наце Димов“, ракометно и одбојкарско игралиште во Градски парк, населба Речани, „Прва Комуна“ „Родна Ивева“, „Маца Овчарова“,„Крсте Мисирков“,„ Камка Тоцинова“, УЗУС, „8-ми Септември“ и Новогодишно украсување-илуминација.Кумарино, Чолошево, Оризари, Превалец, Отовица, Крушје, Горно Караслари, Мамутчево, Бузалково.

°**Други комунални зафати**

-Адаптација на железничкиот мост Велес-Кочани со конструкција на пешачка патека, пристап кон пешачката патека,

- чистење на диви депонии во населба Речани, Езеро Младост, ул.„Питу Гули“, локален пат Отовица-Сујаклари, „Васил Иљоски“, „Вера Циривири“, населба Порцеланка, пат Велес-Раштани, Железен мост.

-изнивелиран терен на Градски парк, монтажа на ивичници, уредување на трим патека

-видиковец на ул.„Славко Ѓеоргиев- Сватот“

- пристапни патеки за лица со инвалидност

- изградена пешачка патека за поврзување на Градски базен со Градски парк

°**Стабилизирање на потенцијално нестабилни блокови**

Црква Св. Пантелејмон, ул. „Вера Циривири“, „Коле Цветков“,„Орце Мартинов“

°**Улично осветлување**

Во континуитет новопоставеното улично осветлување е со економични светилки, а во исто време по утврдена динамика се врши замена на постојното осветлување со економични светилки

°**Уредување на јавно прометни површини**

Во извештајниот период јавно прометните зелени површини паркови, скверови и улично зеленило, во потполност го изменија својот изглед. Се уредуваат со сезонско цвеќе, се поставуваат цветни жардињери на сите слободни површини, а висечки жардињети се поставени по мостовите и столбовите за улично осветлување. За прв пат е воведен систем капка по капка. Со новиот начин на грижа и уредување на јавно-прометните површини.



# КУЛТУРА

















***Меѓународни манифестации***

-Рацинови средби (46-49)

-Меѓународен фолклорен фестивал „Велес“(6-9)

-Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“(8-11)

-Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ (5-8)

***Традиционални културни манифестации***

-Априлијада

-Велигденско јајце

-Денот на сесловенските просветители

-Недела на детето

-Детски рацинови средби

-Средби на Бошњаците од Република Македонија

-Пеливански средби

-Денови на Кемал Ататурк

-Свечености по повод празниците на заедниците

-Велешко културно лето

-Топол културен бран

-Питијада

-Доделување на актерска награда „Петре Прличко“

***Нововостановени манифестации***

-Moto beach party

-Концерт на велешките легенди

-етно работилници

-Грнчарска колонија

-Фестивал на младо вино „Божоле“

-концерт на патриотска песна на Вардарска регата „Гемиџии“

-обележување на патрон заштитник на Велес Св. вмч Пантелејмон

-Фестивал на алтернативен театар „Импакт“

***Обележување на значајни настани, личности и јубилеи***

-8-ми Септември

-11-ти Октомври

-23-ти Октомври изложба посветена на овој историски период

-Нова Година

-70 години од излегувањето од печат на збирката „Бели мугри“

-170 години од раѓањето на Рајко Жинзифов

-140 години од раѓањето на Васил Главинов

# КУЛТУРА

-70 години од смртта на Димитрија Чуповски - свечена академија
-30 години од смртта на Бане Андреев Ронката - историски час
-Петар Поп Арсов
-Панко Брашнар поставување спомен плоча на Градските гробишта „Мирогој" - Загреб
-Коле Неделковски
-130 год. од смртта на ЈХК Џинот трајна музејска поставка и симпозиум на тема „Џинот живот и дело" со печатен билтен од трудовите
-175 години од раѓањето и 115 од смртта на Андреја Петкович поставување спомен-плоча во Ријека
-150 години од раѓањето на Димитар Андонов Папрадишки

- **Концерти**

-Симон Трпчески
-Ансамбл „Танец"
-Гудачки квартет „Марија"
-Благој Ламјов
-„Еквилибријум"
-„Љубојна"
-„Баклава"
-Венко Серафимовски
-Драган Милајковски
-Гоце Арнаудов,
-Елена Велеска,
-„Езерки" и оркестар 7/8
-Сузана Спасовска

- **Презентирање на велешката култура во странство**

-70 години „Бели мугри" гостување во Самобор
-поддршка на КУД за учество на фестивали во Бугарија, Турција и Романија
-Гостување на Градскиот црковен хор во Виена
-Изложба на дела од Колонијата „Папрадишки мајстори" во Хрватска
-Секоја година се одржуваат по два саема на книгата, по 15 промоции на книги и по 25 изложби на македонски и велешки автори, годишни концерти на сите пет КУД од градот, концерти на млади музички надежи, филмски вечери, детски театарски претстави и други културни настани.











# КУЛТУРА









*** Инвестиции и организација**

-Куќата на Касапови седиште на Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори“

-делегирани надлежности на две ЗГ од културата

-Прогласување на спомен- куќите во куќи на уметноста

-опремување на куќите на уметноста

-археолошки истражувања на локалитет Латински гробишта

-евиденција и каталогизација на куќите со стара градска архитектура, проект со Асоцијација на градови со архитектонско наследство

**Во извештајниот период се организирани уште 166 културни настани по разни поводи под покровителство на Општина Велес.**





# СПОРТ И МЛАДИ

- **Спортски манифестации**

- Сите на велосипед
- Да трчаме здраво е
- Меѓународен куп во лов на јадица на пливка „Цветници“
- Меморијален турнир „Зоран Паунов“
- Турнир во мал фудбал - Горно Оризари
- Приказ на стари спортови:Мала спортска олимпијада
- Турнир во мал фудбал  Мамутчево
- Турнир во мал фудбал „Велес “
- Вардарска регата „Гемиџии“
- Турнир во мал фудбал „Тунел “
- Меѓународен турнир во одбојка на песок „Велес “
- Турнир во голем фудбал „Превалец “ за пионери
- турнир во мал фудбал „Поток“
- Кајак слалом „Илинден“
-Отворени забавни фудбалски школи
- Турнир во борење на пеливани - с. Бузалково
- Меѓуноропден куп во спортски риболов на пливка „Бабуна “
- Меѓународен АИКИДО семинар
- Меѓународен фудбалски турнир „8-ми Септември - „Велес“
- Отворен турнир во стрелање со воздушна пушка „Велес“
- турнир во стрелање со бојна пушка
- Меморијален турнир „Ѓорги Гајдов“
- Меморијален турнир „Тони Виларов“
- Отворено градско првенство во тенис за сите категории
- Турнир во мал фудбал „Кубан Бајрам“
- Вечер на боречки вештини
- Државно првенство во мото трка
- 9-то Ноемвтиски куп во спортски риболов
- Меѓународен натпревар во кајак „9-ти Ноември“
- Карате куп во борби и кати ЕНОЕДА
- Избор на најдобар спортист и спортска екипа
- Голем Футсал
- Голем новогодишен ракометен турнир
- Турнир во мал фудбал помеѓу урбани и месни заедници
- Турнир во мал фудбал за пионери и кадети - Дворови“











# СПОРТ И МЛАДИ










* **Поддршка на спортски сојузи**

-Сојуз на училишен спорт
-Сојуз за спортска рекреација на инвалидизирани лица
-Општински фудбалски сојуз
-Сојуз на спортови

* **Масовна физичка култура**

-Спортска гимнастика,
-карате,
-спортски риболов,
-велосипедизам,
-сите во кајак,
-стрит бол,
-тенис
-Отворен спортски ден

* **Поддршка на спортот во градот**

-Поддршка на квалитетен спорт -надомест за користење на спортски објекти
-Поддршка на младински екипи- надомест за користење на спортски објекти
-Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри

* **Инвестиции и организација**

-Делегирана надлежност на два субјекта (на Сојуз на спортови и ЗГ)
-игралиште во Башино Село
-игралиште за одбојка на песок
-тениско игралиште
-семафор за мали спортови
-спортска сала „Гемиџии“
-патека на р. Вардар за кајак на диви води
-реконструкција и санација на градското стрелиште
- Стратегија за млади 2012-2016
-Реализација на Стратегија за млади со динамика за 2012 година
-набавка на спортски реквизити и опрема
- „Градење на капацитети на младите за креирање на механизми за алтернативни начини на информирање “ со ФОКУС

**Во континуитет се одржуваат отворените спортски терени со кои стопанисува ЈПССО „Парк-спорт“ и спортските сали и терени во основните и среднните училишта. Во затворените спортски терени паралелно со реконструкцијата се врши и соодветно осветлување.**

# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

°**Социјална поддршка на заедницата**

-Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства
врз основа на решенија за доделување еднократна парична помош
- Набавка на социјални пакети во соработка со ОО на Црвен крст и Меѓуопштински центар за социјална работа
- Поддршка на лица жртви на семејно насилство во соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа
- Поддршка на припадници на маргинализирани групи
- Декада на Роми инклузија на деца Роми во Детска градинка и обезбеден бесплатен превоз

°**Општина по мерка на детето**

-Поддршка на проектни активности:
„Заедно е подобро“- меѓуетничка толеранција и соживот
-Соработка со UNICEF и Прва детска амбасада „Меѓаши“
-поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година
-Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби
-Основање локални Совети за превенција од малолетничко престапништво со УНИЦЕФ
-„Правата на детето со осврт на ранливите групи деца“ со Прва детска амбасада „ Меѓаши“
-Рехабилитација на деца во природа















# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА







°**Лица со хендикеп**

-Локален акциски план за лица со инвалидност во Општина Велес 2011-2015 (ЛАПЛИ)

-Активности согласно ЛАПЛИ

-Специјални ТВ емисии за лица со инвалидност „Под исто сонце“

-„Отвори го срцето“ инклузија на деца со инвалидност

-„Инклузија на лица со церебрална парализа“

-Едукативен караван“- екскурзија за слепи лица

-„Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво“

-Печатење на аудио списание за слепи „Зрак“

-Национална конференција за изедначување на правата на лицата со инвалидност

-Партнерски активности со Центарот за лица со посебни потреби и ПОУ „Маца Овчарова“

-Покровителство на хуманитарни претстави и концерти

-Акциски план за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи во објекти од јавен интерес сопственост на Општина Велес

-Изложби и промоции на книги на лица со инвалидност

-Поддршка на активности на здруженија на лица со хендикеп - по предлози од ГО

°**Меѓуинституционална соработка**

-Учество во партнерски проекти со

-Образовани институции

- Центар за социјална работа

- СВР-Велес Одделение за превенција

- Институт за јавно здравје,

- Поддршка на проектни активности на Здруженија на граѓани:

-Акциски план за борба против туберкулозата во Општина Велес

-Активности по Акциски план за борба против туберкулозата (работилници, трибини, посета на рурални средини, едукативен печатен материјал, бесплатни превентивни прегледи)

-Акциски план за борба против болести на зависности

-Активности по Акциски план за борба против болести на зависности (работилници, трибини, посета на рурални средини, едукативен печатен материјал), соработка со ОО на Црвен крст, Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР СВР Велес, Центарот за лекувани нарко-зависници и Клуб на лекувани алкохолличари

# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

°**Родова рамноправност**

-Промовирање на родовата рамноправност

-Регионална соработка за развивање на родовата рамноправност

-Локална мрежна соработка-НВО (по пристигнати предлози од ГО)

-„Стоп за семејно насилство“- опфат на жени од рурални средини

-„16 дена против насилството“- кампања

-Ревидирање на Национален план за борба против семејно насилство

-„Жени и традиција“ зачувување на традиционални и семејни вредности“

- Спроведување на Резолуцијата 1325 на Советот за Безбедност на ОН (РСБ ОН) за жени, мир и безбедност на Западниот Балкан (2011-2013)” со УНИФЕМ и МТСП

- „Родовата рамноправност во структурите на политичките партии предизвици и можности“ со ЖГИ „АНТИКО“

° **Грижа за стари лица - трето животно доба**

- Донесување Стратегија за стари лица

-Активности по Стратегија за стари лица 2012-2016

-Поддршка на проектни активности на здруженија на граѓани

-Манифестација-„Блакцето на баба“

-Поддршка на иновативни форми за испорака на услуги од социјална и здравствена заштита- Грижа за стари лица во домашни услови

-Поддршка на спортски активности на старите лица

°**Меѓуопштинска соработка**

-Учество во партнерски проекти од областа на социјалната заштита со општините од Вардарски плански регион

-Поддршка на иновативни форми од социјална заштита










http://www.uslugi.veles.gov.mk/

# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА








°**Здравствена заштита**

-Рехабилитација на деца
-Локална конференција од областа на здравството
-Активности за превентивна заштита на населението од заразни болести трибини, предавања, прегледи, вакцини и сл.
-Дезинфекција, дезинсекција и дератизација
-Набавка на дефибрилатор
-Вонредна хигиено-техничка заштита во училиштата за време на епидемии
-Редовни медицински и санитарни прегледи на вработените во образование
-Активности во време на елементарни непогоди за заштита на здравјето на населението (топлотен бран, екстремно ниски температури, поплави, пожари и сл.)

°**Инвестиции**

- Замена на салонитни табли на покривот на клон II во ОЈУДГ „Димче Мирчев“
- Отворање на прва спортска сала во ОЈУДГ „Димче Мирчев“
- Уредување на дворни места и опремување со урбани елементи за забавни детски катчиња ОЈУДГ „Димче Мирчев“
- Реновирање на неколку занимални во ОЈУДГ „Димче Мирчев“




# ОБРАЗОВАНИЕ

°**Активности**

-Поддршка на манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи патрони празници, годишнини, јубилеи, Ден на пролет, Априлијада и сл.
-Прогласување на најдобар наставник во одделенска и предметна настава
-Прогласување на најдобар наставник во средното образование
-Свечена академија по повод 24 Мај - Денот на сесловенските просветители
-Екскурзии на матуранти и наградувани ученици
-Поддршка на талентирани ученици за учество на меѓународни натпревари
-Стипендирање на талентирани ученици и студенти
-Свечености по повод зачленување на првачињата во Светската детска организација

° **Поддршка на проекти**

-Поддршка на проекти од областа на образованието од ЗГ
-Образовно рандеву
-Матурска парада
-Матурски екскурзии (матурантите од сите средни училишта) и
-награден караван (екскурзија за најуспешните средношколци од сите ОСУ
-Учество на општината во партнерски проекти
-Здрави запчиња за сите дечиња, проект за стоматолошка превентива
-„Безбедност вособраќајот-придружи се и ти“
-„Безбедни училишта хармонична средина“
-„Детски семафор“
-Зелен пакет јуниор“
-„Еко-знаме“



°**Инвестиции**

-Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции,топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка документација во основни и средни училишта и ученички дом
-Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта
-Изградба, реконструкција и уредување на отворени спотрски терени и дворни места во училиштата и ученичкиот дом
-Изградба на две модуларни училишта





# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА





Тековно одржување на објектот и опремата на ТППЕ Велес

Реализирање на проектот „Операција Флоријан“ во соработка со Фондација „Черити“ од Обединетото Кралство со што се обезбедени:

Голема количина лична опрема за пожарникарите,

ПП возило

Комбе за пренесување техничка опрема

Едукација на вработените

Студиска посета и обука на пожарникари во Обединетото Кралство

Формирање Доброволно противпожарно друштво „Видра“ и реализирање партнерски проекти за едукација на населението за заштитата од пожари

Снимање на едукативен документарен филм за деца од основно образование „Биди пожарникар“

Зголем возниот парк со ПП возило донација од Владата на РМ



## Список на приоритетни проекти со Одлука на Советот на Општина Велес за кои постои изготвена техничка документација

1. Оризари зона 1 и 2
2. Оризари зона 3 к-1
3. Реконструкција на водоводна линија „Орце Шутев“ „Јовче Чучук“
4. реконструкција на водоводна линија „Мицко Козар“
5. реконструкција на водоводна линија „Благој Ѓорев“ висококатници
6. реконструкција на водоводна линија „Васил Главинов“
7. реконструкција на водоводна линија „Гемиџиска“
8. реконструкција на водоводна линија „Првомајска“
9. реконструкција на водоводна линија „Киро Ќучук“
10. Фекална канализација УБ1 и УБ2 Езеро Младост и водоснабдување
11. Водоснабдување Речани 2
12. Комплекс УЗУС водоснабдување
13. Водоснабдување Црквино
14. Водовод Сливник
15. Реконструкција на водоводна линија „Игманска“
16. Реконструкција на водоводна линија Превалец Оризари
17. Реконструкција на водоводна линија „Маца Овчарова“
18. Реконструкција на водоводна линија „Титова Ужичка“
19. Реконструкција на водоводна линија „Маршал Тито“
20. Фекална канализација Клуковец
21. Канализација село Сливник
22. Водовод Џидимирци
23. Водовод Венуле
24. Водоснабдување Рлевци
25. Продолжување на колекторот за фекална канализација с. Сојаклари- с. Мамутчево
26. Продолжување на канал за атмосферски води на ул. „Вардарска“(Дервен )

| | Проект | Изработен од | Фаза |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен сообраќаен проект за воведување на светлосна сигнализација со меѓусебна координација на крстосницата „Благој Ѓорев“ и „8ми Септември“ (поранешна „Маршал Тито“) и крстосница на „Благој Ѓорев“ и „Васил Ѓоргов“ во Велес | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | Основен сообраќаен проект со технички број 04/13-С |
| 2 | Основен Проект за Локален патен правец село Отовица –МЗ Младост од км 0+000 до 0+416,64 | Институт за урбанизам, сообраќај и екологија | Основен Проект за Локален патен правец со технички број 36/2012 |
| 3 | Основен Проект за фекална канализација за Населба Отовица Велес | Институт за урбанизам, сообраќај и екологија | Основен Проект за фекална канализација со технички број 04/2013 |
| 4 | Основен Проект за колско пешачка патека 1 и колско пешачка патека 2 во Велес | Институт за урбанизам, сообраќај и екологија | Основен Проект за колско пешачка патека 1 и 2 со технички број 161/2012 |
| 5 | Основен и сообраќаен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу регионалниот пат Р 526 и регионалниот пат Р103 и улицата „Димитар Влахов“ во Велес | Студио ТТ Трајко ДООЕЛ Скопје | Основен сообраќаен проект со технички број 08-05-10 |
| 5 | Основен и сообраќаен проект за воведување на кружна крстосница на вкрстувањето помеѓу „Благој Ѓорев“ – „Тодор Јанев“ –„ 8ма Велешка бригада“ - „Тодор Христов Офицерчето“ во Велес | Студио ТТ Трајко ДООЕЛ Скопје | Основен сообраќаен проект со технички број |
| 6 | Сообраќајна студија со варјантни решенија за крстосниците на дел од уличната мрежа во Општина Велес | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје | Сообраќајна студија со технички број 04/12 |
| 7 | Основен проект за изградба на пешачки надвозник на Битолска пруга („Кумановска“-„ Енгелсова“) | Бетон Проект Скопје | |

# ПРИЛОЗИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2009

## 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2009 | Реализирано 2009 | реал/плани % |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 13.242.000 | 11.565.296 | 87,33 |
| Социјална заштита | 57.330.484 | 53.964.109 | 94,13 |
| Спорт и рекреација | 4.245.000 | 3.114.419 | 73,37 |
| Култура | 22.075.795 | 18.533.698 | 83,95 |
| Образование | 334.682.329. | 304.224.619 | 90,90 |
| Локален економски развој | 6.481.302 | 1.745.795 | 26,94 |
| Програма за уредување на градежно земјиште | 103.445.500 | 71.025.978 | 68,66 |
| Капитални трошоци на Општината | 3.320.000 | 2.249.777 | 67,76 |
| Општинска администрација | 34.697.829 | 29.440.956 | 84,85 |
| Месна самоуправа | 50.000 | 30.954 | 61,91 |
| Градоначалник | 2.691.000 | 2.368.705 | 88,02 |
| Совет на Општина | 10.061.500 | 8.358.510 | 83,07 |
| **Вкупно** | **592.322.739** | **506.622.816** | **85,53** |




## 3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 10.061.500 денари реализирани се 8.358.510 денари односно реализирана е програмата на советот со 83,07 %.

Советот на Општина Велес во 2009 година одржа 19 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2009 година на име надоместоци исплатени се 3.431.553 денари, односно 41,05 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 490.648 ден односно 5.87 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста", „Пограма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка ", „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот"и „Програма за активностите на општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита". Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по поеделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА ЗА 2009 ГОДИНА.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година беше фокусирана на зајакнување на капацитетите за комуникација со граѓаните. Генерална цел на програмата беше промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

Покрај фокусот на двонасочната комуникација со граѓаните, програмата беше насочена и кон воведувањето на практиката за истражување и анализа на задоволството на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината во рамките на своите надлежности во насока на обезбедување на валидни податоци што ќе послужат како потенцијални точки на подобрување.

Насочена кон сите граѓани на подрачјето на општина Велес како генерална целна група, програмата опфати и рамка на активности насочени кон специфични целни групи.

Генерално, програмата целеше кон подобрување на комуникациските капацитети и обезбедување на ефикасна, ефективна комуникација со граѓаните и зголемување на транспарентноста на општината.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година опфати вкупно 9 активности. За реализација на програмата беа планирани средства во висина од 1.200.000 денари. Во имплементацијата на програмата се потрошени вкупно 611.250 денари.

За реализација на кампања за јавна чистота, потрошени се 80.476 денари за подготовка и печатење на вкупно 14.000 флаери за подигање на свеста на граѓаните и нивно информирање за одредбите на Законот за јавна чистота.

Кампањата за наплата на даноци е реализирана преку известувања на јавноста (преку сите локални електронски медиуми – 2 локални телевизии, три локални радија и два локални електронски весници) за обврската на граѓаните за плаќање на данокот на имот и комунални такси. За реализација на кампањата се потрошени 7.087 денари.

Кампањата за борба против корупцијата е реализирана во соработка со Државната комисија за превенција и репресија на корупцијата.

Отпечатени се и дистрибуирани плакати и флаери за информирање на граѓаните за можностите да пријават корупција. Бидејќи сите средства за општините Комисијата ги обезбеди на национално ниво, за реализација на оваа планирана активност не се потрошени середства од буџетот на општината.

За реализација на две планирани испитувања на јавното мислење (степен на задоволство на граѓаните од услугите на општината), не се потрошени средства од општинскиот буџет. Спроведувањето на оваа активност го обезбеди Програмата за развој на Обединетите Нации –УНДП во рамките на воспоставувањето на Системот за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001-2008 ( финална фаза на проектот „Борба против корупцијата за подобро управување).

За изработка на „Граѓански информатори за услуги" потрошени се 93.804 денари. Изработени се два граѓански информатори: Еден во вид на метална призма е поставен во централното подрачје, а еден во вид на книга е поставен во Граѓанскиот сервис центар. Граѓанските информатори за услуги содржат информации за потребната документација за сите процедури во општината, пополнети пример обрасци и карти на услуги со контакти на одговорните службеници по сектори и одделенија. Средствата се потрошени за изработка на двата информатори и поставување на плоча со натписи на информаторот лоциран во централното градско подрачје.

За промоција на заштитен знак и маскота на Велес реализирани се 68.440 денари. Средствата се потрошени за реализација на специјализирана емисија за промоција на заштитен знак и маскота како и печатење на материјали со заштитниот знак на Велес.

189.000 денари од Програмата се потрошени за подготовка и печатење на Маркетинг план на Општина Велес.

163.000 денари се реализирани за печатење на ѕидни,столни календари и визит карти.

8.550 денари се потрошени за кампања за информирање на граѓаните за отворени средби со градоначалникот.

Активноста промоцијата на претпристапниот инструмент ИПА е реализирана од страна на Секретаријатот за европски прашања кој работеше со специфични целни групи: бизнис секторот и земјоделците. За реализација на оваа активност не се потрошени средства од буџетот на општината.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година е во целост остварена.

Реализираните активности придонесоа за поголема информираност на граѓаните за работата и услугите на Општина Велес. Особена придобивка на програмата е изработката на Граѓанските информатори на услуги и примената на практиката за истражување и анализа на степенот на задоволство на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината.

- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Меѓународната соработка во 2009 година беше насочена кон продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.Конкретно, програмата целеше кон продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес, реализација на заеднички активности и проекти, зајакнување на капацитетите преку размена на искуства и искористување на можностите за туристичка и економска презентација на Велес.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка опфати вкупно 5 области на активности. Од предвидените 500.000 денари во програмата, реализирани се 245.736 денари.

За организиран престој на делегации на збратимените градови и градовите пријатели на Велес во рамките на традиционалните меѓународни манифестации, реализирани се 122.540 денари.

За организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општина Велес и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес реализирани се средства во висина од 61.480 денари.

Во рамките на Програмата, 61.716 денари се реализирани за организирано учество на групи и поединци од Велес на културни манифестации и работилници во странство.

Во 2009 година, Општина Велес заеднички со организацијата АЛДА со седиште во Стразбур аплицираше до Европската Унија за реализација на проект во рамките на програмата „Граѓаните за Европа“. Проектот во кој учествуваат вкупно 20 партнери од 7 европски земји е одобрен од Европската Комисија. Во фазата на

апликација не беа реализирани средства од буџетот на општината. Општина Велес во 2009 година ги започна подготвките за заедничка апликација со збратимените општини и општините пријатели Слобозија, Република Романија, Силистра, Република Бугарија и Самобор, Република Хрватска за аплицирање на програмата „на ЕУ „Култура 2007-2013“. Апликацијата ќе биде доставена до Европската Комисија во мај 2010 година.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка е во целост остварена. Покрај продлабочувањето на соработката на билатерален план, општината започна со реализацијата на проекти во рамките на Програмите на заедницата на Европската Унија.

Реализираните активности придонесоа за продлабочување на соработката со збратимените и градовите пријатели на Велес како и отворање преговори за проширување на соработката со општини од други земји. Во март, 2009 година Општина Велес се збратими со градот Чан, Република Турција, ја продлабочи соработката со Република Франција со реализација на заеднички активности и гостување на уметници од Република Франција, во рамките на манифестацијата „Рацинови средби“ како и преку продлабочување на соработката со Националната француска асоцијација на градови со историја и уметност. Во 2009 година, Општина Велес воспостави првични контакти и со регионот Нормандија. Програмата овозможи зајакнување на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка како на меѓуопштинско, така и на регионално ниво.

- ПОДДРШКА НА НВО СЕКТОРОТ

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2009 година беше димензионирана на 560.000 денари од кои 140.000 за подмирување на комуналните трошоци во Домот на НВО (струја и вода). Овие средства се исплаќани од друга позиција од Буџетот, а не од оваа Програма и затоа треба да се иземат од процентот на реализација на Програмата.

За учество во реализација на партнерски проекти со здруженија на граѓани реализирани се 280.400 денари, за поддршка на програмски активности на ЗГ 23.145 денари, а за поддршка на проекти на ЗГ 50.000 денари или вкупно 353.545 денари што е 84% од планираното.

-„ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА“

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година содржи активности како што се помошта што ја дава Општината на социјално загрозени семејства, планирани активности по Агенда 22, едукации, рехабилитација на деца, едукации за превентива, како и поддршка на 2 многу значајни проекта: Декада на Ромите и Општина по мерка на детето. За реализација на оваа програма потрошени се 300.788 денари средства од Буџетот на Општина Велес иако со првичните планирања оваа бројка беше двојно поголема. Меѓутоа дел од средствата беа планирани како учество на општината во проекти чиј носител е Министерството за труд и социјална политика или меѓународните фондации во Република Македонија. Бидејќи до реализација на вакви проекти не дојде до крајот на 2009 година, планираните средства не се искористени.

Согласно надлежностите во оваа област во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на одделни групи граѓани, организирање трибини за родова сензибилизација и здравствени едукации за превенција итн. Но, сепак останаа одредени позиции од

програмата не доволно разработени и не реализирани како СОС линијата, набавка на социјални пакети и сл.

Тековни активности

Покрај наведените активности Општина Велес на почетокот на учебната година на децата без родители кои се ученици во основно и средното образование им обезбеди училишен прибор, а за новогодишните празници за нив и за децата со посебни потреби беше организирана театарска претстава и им беа доделени прикладни подароци.

## 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 2.691.000 денари во буџетот, реализирани се 2.368.705 ден. односно 88,02 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.216.044 денари односно 51,34 %. Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 872.115 денари или 36,82% за исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции. Остатокот од средствата во износ од 11,84 % се исплатени на име патни и дневни трошоци и комунални услуги, комуникации и транспорт.

## 3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 37.776.948 денари, а се реализирани 31.690.733 денари или 83,89 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 18.258.375 ден односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 57,61 %. На име договорни услуги реализирани се 2.342.244 денари или 7,39 % во однос на вкупната реализација по оваа програма. Најголем дел отпаѓа за члеовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на граѓаните на Општина Велес а истовремено истите членови на Комисијата беа ангажирани и како доставувачи на Решенијата за данок на имот. За стоки и услуги (комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар и тековно одржување) се потрошени 8.573.856 ден или 27,05 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација. За субвенции и трансфери исплатени се 266.481 денари односно 0,84%.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 2.249.777 денари или 7,10 % . Најголем дел се реализирани за набавка компјутерска опрема (хардвер и софтвер) , реконструкција на делови во зградата на Општината,како и купување на друга опрема во Општината.

## 3.4. Г- Локален економски развој

Активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој се дефинирани во рамки на Програмата за ЛЕР. Цел на оваа Програма е забрзан и

динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Активностите се групирани во:

- Г10 – Подршка на ЛЕР,
- Г20 – Поттикнување на развојот на туризмот, и
- ГА0 – Изградба на комерцијални објекти.

Согласно ова, за реализација на планираните активности во текот на 2009 год. предвидени беа буџетски средства во висина од 6.481.302,00 денари.

Преглед на намена на планирани и реализирани трошоци.

ГА0) Поддршка на локалниот економски развој

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Потрошени средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Пооддршка на центарот за регионален развој на Вардарски плански регион | 800.000 | 383.826 |
| 2. | Подготовка на маркетинг план за Општина Велес како атрактивна бизнис локалција | 150.000 | 176.410 |
| 3. | Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА | 81.302 | 81.302 |
| | ВКУПНО: | 1.031.302 | 641.538 |

Г20) Поттикнување на развојот на туризмот

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Планирани средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Настап на саемски манифестации | 200.000 | 80.120 |
| 2. | Подготовка на печатени и електронски и печатење на промотивен материјал | 250.000 | 168.000 |
| | ВКУПНО: | 450.000 | 248.120 |

ГА0) Изградба на комерцијални објекти

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Планирани средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на дел од инфраструктура на Езеро Младост | 5.000.000 | 856.137 |
| | ВКУПНО: | 5.000.000 | 856.137 |

Согласно прегледот, потрошени се 1.745.795 денари.

Мора да се има во предвид дека активностите на одделението, и во делот на економскиот развој и во делот на развојот на информатичката технологија, во значителен дел беа проектно орјентирани. Во текот на 2009 година, во соработка

со други домашни странски, владини и невладини, институции, агенции и фонадации, реализирани се следните проекти:

Проект 1: Воспоставување на електронски систем за пријавување на проблеми
Опис на проектот: Подготовка на апликативно решение за пријавувње на проблеми од страна на граѓаните, во доменот на надлежностите на општината. За реализацијата на проектот, вработените во одделението, на предлог на носителот на проектот – USAID, учествуваа во осмислување на системот, негово тестирање и прилагодување. Проектот е реализиран, целосно функционален и достапен преку официјалниот сајт на Општина Велес
Учество/Статус: Нефинансиско / партнерско

Проект 2: Подготовка на апликација за контрола на плати во образование
Опис на проектот: Подготовка на адаптирана апликација за контрола на платите во образовните институции.
Учество/Статус: Нефинансиско

Проект 3: Подготовка на Прирачник за стратешко планирање на локалниот развој
Опис на проектот: Развој на алатки за стратешко планирање, сублимирани во форма на Прирачник за стратешко планирање на локалниот развој. Проектот е реализиран во соработка со SUDEP.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 4: Подготовка на Програма за енергетска ефикасност
Опис на проектот: Собирање на податоци за состојбите на јавните објекти, нивна анализа, дефинирање на препораки за подобрување на состојбите, како и конкретни проекти. Проектот беше финансиски подржан од USAID - во делот на ангажирање консултант, кој соработуваше со одделението во изработката на финалниот документ.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 5: Подобрување на конкурентноста
Опис на проектот: Градење на капацитети на локалната бизнис заедница за подобрување на конкурентноста.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 6: Дисперзирани општински канцеларии
Опис на проектот: Реновирање на постојаната канцеларија во Г. Оризари, опремување, поврзување и отварање на општински канцеларии во Иванковци и Бузалково. Проектото е реализиран во соработка со ЕУ во рамки на проектот SUDEP.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

| |
|---|
| Проект 7: Изработка на локални ИКТ стратегии<br>Опис на проектот: Подготовка на целните општини за изработка на локални ИКТ стретгии. Во рамки на проектот е изработен соодветен Прирачник. Улогата на одделенето беше, со своето искуство и знаење да придонесе за креирање на соодветни приоритети, задачи и активности, кои сублимирани во Прирачник ќе им овозможат на општините да креират ефективни ИКТ стратегии. Проектот е реализиран во соработка со ЗЕЛС.<br>Учество/Статус: Нефинансиско/Партнерско |

| |
|---|
| Проект 8: Државен натпревар по информатика за учениците од основните училишта<br>Опис на проектот: Натпревар на знаење од областа на ИТ за учениците од основните училишта во Република Македонија. Општина Велес беше генерален покровител на натпреварот, а организацијата ја реализираше одделениото во соработка со ЗИМ.<br>Учество/Статус: Партнерско / финансиско - 10.000 ден. |

| |
|---|
| Проект 9: Имплементација на мерки за заштита на лични податоци<br>Опис на проектот: Техничка подготовка на постојниот ИС за примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. Подготвителните активности се целосно завршени.<br>Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско |

| |
|---|
| Проект 10: Имплементација на Share Point Portal во функција на EDMS<br>Опис на проектот: Подготовка на единствен систем за управување со документи во Општина Велес. Системот е во фаза на развој и продолжува со имплементација во наредните години. Истиот треба во целост да овозможи електронско управување со документите согласно воведениот Стандард за управување со квалитет ISO 9001-2008 и практичните потреби на секојдневното работење.<br>Учество/Статус: Нефинансиско |

| |
|---|
| Проект 11: Подготовка на „Студија на случај„ за ООП<br>Опис на проектот: Подготовка на електронски промотивни материјали за предностите на ИКТ во образованието и искуството од примената на ООП. Проектот е реализиран во соработка со корисниците на порталот и Microsoft, а промовиран на 7-мата технолошка конференција „Визија 2009“.<br>Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско |

| |
|---|
| Проект 12: Редизајн на официјалниот web site на Општина Велес<br>Опис на проектот: Надградба на постојниот Content management System, миграција на базата на податоци, редизајн, оптимизација и воведување на нови сервиси.<br>Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско |

Проект 13: Општински образовен портал
Опис на проектот: Воведување на дополнителни функционалности, кодирање на модули за ЕКТС и надградба на базата на податоци.
Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско

## 3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 12.600.000 денари а реализирани се 10.043.056 денари или 79,71 %. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции ( потпрограми).

**Позиција Ф1** - Урбанистичко планирање

За оваа намена се планирани средства во износ од 2.500.000 ден а реализирани 2.024.563 ден или 81 % остварување на планот. Во 2009 год., по Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Велес, реализирани се следните планови

На седница на Совет, донесени се следните планови:

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018) (13,25ха), -Општина Велес. Со Планот се предвидува локација за изградба на црква во кругот на касарната.

Детален урбанистички план, Урбан блок „8“- Општина Велес (2008-2013) (5.89ха),. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, мало стопанство и бензинска пумпа.

Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица-М.З.Алексо Демниевски (дел) изменување и дополнување – 2008-2013 (0.62ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи и деловен објект.

Урбанистички план вон населено место Башино село, м.в. „Зад црква“ - Општина Велес (2008-2018) (4,05ха). Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет – дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 (1,37ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

На седница на Совет, утврдени се Нацртите на следните планови:

ДУП за дел од УЕ„10” – дел од УБ„52” плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на деловни објекти и бензинска пумпа.

ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат” КО Башино Село, 29.97ha (2009 – 2019) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство и бензински пумпи.

Урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) (10,56ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува викенд куќи, деловни објекти, мотели, спорт и рекреација

Детален урбанистички план за Градски парк - Велес - (2008-2013) (15,25ха) - општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, катна гаража, деловни објекти, спорт и рекреација.

Детален урбанистички план дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) (1,40ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи

Детален урбанистички план дел од УЕ 5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) (1,21ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план УЕ 4 и УЕ 9 дел од урбан блок 32, 47 и 48 локалитет „Пазар"– (2008-2013) (6,50ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, колективно домување, деловни објекти и образование

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019) (16,65ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува колективно домување.

Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (0,96ха) (2009-2014) Велес - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на деловен објект.

Во постапка за изработка на Нацрт се следните планови:

Урбанистички план вон населено место Велес Урбана единица1-блок 5 Езеро Младост ЕД (2,91ха) - Општина Велес.Со планот се предвидува доградба на хотел

Детален урбанистички план за Тунел 2 - дел од УЕ 12 - дел од блок УБ 59 (2,3ха) - измена и дополна - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план за Велес локалитет, дел од урбана единица 01, дел од урбан блок 06 - (помеѓу дел од жел. пруга, дел од станбена ул., дел од ул. "Моша Пијаде", дел од ул. бр. "5" и дел од КП 1327) (2,93ха) ОПШТИНА ВЕЛЕС ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2009 – 2014. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

Детален урбанистички план за УЕ3, дел од урбан блок 24 (плански опфат помеѓу улиците „Благој Ѓорев" и „Алексо Демниевски"(1,10ха) – Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план за дел од блок 33 – Општа болница - Општина Велес(3,45ха) . Со планот се предвидува изградба на објекти во кругот на болницата.

**Позиција Ф2** - Уредување на градежно земјиште

За експропријација, за надзор над изведба на градежни објекти и геодетските услуги од предвидените средства во износ од 3.600.000 денари се потрошени средства во износ од 2.503.063,00 денари односно реализираните се планираните активности во износ од 70%.

**Позиција Ф3** - Уредување на простор во рурални подрачја

Од предвидените средства во износ од 4.500.000 денари се потрошени средства во износ од 4.430.665,50 денари и остварена е реализација од 98%.

Од ставката уредување на простор во рурални подрачја се изврши Изградба со потребно оградување на детско игралиште во с.Кумарино, се изврши

тампонирање на улици во с.Бузалково, се реши делумно проблемот со атмосверски води во с.Горно Оризари, на дел од патот кон Сливник се изврши тампонирање, тампонирање на банкините Велес – Градски гробишта (Раштани), поправка на патот Сујаклари – Кумарино , парковско уредување во с.Горно Оризари, Изведба на крак за фекална канализација во с.Иванковци, тампонирање на пристапен пат кон Пречистителна станица, Пристапен пат за резервоар за с.Црквино, чистење на локален пат кон с.Бузалково, изведба на крак за фекална канализација во с.Бузалково, партерно уредување на простор во центарот на Башино село, приклучување на два крака за фекална канализација во с.Отовица во колекторот, поправка на постоечка фекална канализација во населба Дурутовец, изведба на крак на водоводна линија во с.Иванковци.

**Позиција ФА** - Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000 денари за оваа намена потрошени се средства во износ од 1.084.765,00 денари и остварена е реализација од 54%.

Се изработија проекти за Сервисна улица со паркинг помеѓу ул."Благој Ѓорев" и ул."Прва Комуна" Велес, Новопроектирана улица во УЕ 1 Блок 1 Сателитска населба Езеро Младост, Изградба на новопроектирани сообраќајници 1 и 2 во УЕ 2 Езеро Младост, Проект за подобрување на водоснабдувањето на с.Раштани, Фекална канализација за населено место УБ1, УБ2 Езеро Младост, Атмосверска канализација за с.Горно Оризари, Проект за реконструкција на патен правец Велес с.Бузалково, Реконструкција на патен правец Јазла – с. Иванковци, Потпорен ѕид на ул.Орце Шутев со проширување на почетокот на ул.Орце Шутев и др.

## 3.5. J – Комунални дејности

Во програмата за комунални дејности за 2009 беа предвидени средства во износ од 90.195.500, а беа реализирани 61.774.700 односно реализацијата на прогармата изнесува од 68%. Програмата се реализираше по одделни подпрограми чија реализација чие извршување ќе биде подолу образложено:

**J0 - Одржување на урбана опрема**

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема со потребни фарбања и промена на оштетени делови при што се потрошија 124.247 денари од предвидените 300.000 ден. (или 41%)

**JH - Урбана опрема (капитални расходи)**

Се вршеше континуирано поставување на ракофати и огради по барања на граѓаните и набавка на урбана опрема при што се потрошија 3.288.144 денари од предвидените 3.500.000 ден. или планираните активности се реализираа со 94%.

**JГ - Изградба на системи за водоснабдување**

Се изведе систем за водоснабдување во с.Сливник со учество на невладината организација „Алка“, се изведе резервоар за водоснабдување на с.Црквино со зафатнина од 100м3 (Фонд за води), се отпочна со подобрување на водоснабдувањето во с.Раштани за што се продолжува со градежни активности и во текот на оваа година (Министерство за транспорт и врски).

Од предвидените 7.100.000 денари потрошени се 3.858.395 денари (реализацијата е поголема меѓутоа дел од фактурите за с.Сливник се префрлени за наплата во Програмата за 2010 година) односно реализацијата изнесува 54%.

**Ј2 - Одведување и пречистување на отпадни води**

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосверска канализација (поради појава од невреме и таложење на наноси ), се изградија краци за фекална канализација во с.Бузалково, се изведе продолжување на крак за фекална канализација и Пречистителна станица за 1000 ЕЖ во с.Иванковци, се избетонира отворен канал за атмосверски води на ул.Орце Шутев и др. (при што се потрошија 8.781.147 денари од предвидените 9.100.000 ден. или 96% остварување .

**ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Се изведе фекална канализација во с.Горно Оризари – Зона 3 краци со пречистителна станица.(работата е изведен во износ од 6.000.000,00 денари меѓутоа не е извршено наплата од страна на Министерство за транспорт и врски) Поради тоа реализацијата изнесува 501.893 од предвидените 9.000.000 денари.

**Ј3 - Јавно осветлување**

Од оваа ставка се изврши наплатата за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, се врши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се проширува постоечката мрежа за улично осветлување (ул.Невена Ѓеорѓиева Дуња, Железничка станица, Јовче Тикваров, Тодор Јанев, Првомајска, Кумарино, Чалошево, Оризари, Превалец, Отовица и др.), се поправаат дефекти на постоечката мрежа и дефектите на опремата за улично осцветлување и се изврши набавка на економични светилки во месец декември (монтажата на светилките е започната во 2010 на ул.Владимир Назор, Љубен Весов, Димко Најдов, Луј Пастер, Кирил и Методиј и ќе продолжи се додека набавените 600 светилки не се монтираат). Од предвидените 20.000.000 реализирани се 19.813.312 денари односно планираните активности се реализирани со 99%.

**ЈА – Изградба на јавно осветлување**

Овој дел од програмата е комплетно реализиран со исклучок на осветлување во Индустриска зона Речани поради незаинтересираност за изградба на индустриски објекти во овој дел од Индустриската зона.(се осветлија спортските терени кај Блаже Коневски, се осветли дел од градскиот парк, ул.Игманска –краци, Прокредит академија, ул.Благој Абрашев, ул.100, Отовица). Од предвидените 2.430.000 реализирани се 1.766.439 денари или 73%.

**Ј4 - Јавна чистота**

Согласно Програмата за чистење на јавнопрометни површини за 2008 година во јануари 2009 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за месец декември 2009 година.(реализација 100%)

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**

Се прередија камени коцки на ул.Кирил и Методиј, ул.Орце Шутев, Вера Циривири, Прохор Пчински, Петар Милевски, Јовче Чучук, Ганчо Хаџи Панзов и др.

Се изврши бетонирање на повеќе од 2.000м2 улици со учество на граѓани (ул.Јордан Џурнов, Стојан Бурчевски Буридан, Киро Чауле, Невена Ѓеорѓиева Дуња, Киро Пракицов и др.) се изведе уште една кампада на потпорен ѕид на ул.Маца Овчарова и потпорен ѕид на ул.Вера Виривири.

Зимското одржување на локалните патишта се вршеше, тековно, како и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација, а од ставката редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи се изврши чистење на наноси од елементарни непогоди, тампонирање на улици во населба Речани, тампонирање на улици во с.Оризари, тампонирање на улица Васа Кошулчева, изведба на тротоар на ул.Андон Шурков , поправка на дел од ЈХК Џинот со бехатон, поправка на оштетените делови од локалниот пат Велес – с.Чалошево, се постави метална решетка за прибирање на атмосверски води на ул.Лазо Осмаков и тампонирање на дел од патниот правец Бузалково – Р'левци. Од предвидените 8.400.000 реализирани се 6.822.623 денари односно планираните активности се реализирани во износ од 81%.

**ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Се изврши асфалтирање на дел од ул.Костурска, дел од обиколниот пат Велес – Башино село, дел од ул.Алексо Демниевски и се изврши асвалтирање на дел од патот Чалошево Дурутовец.

Се поплочи со префабрикувани бетонски елементи дел од Сараевска, се изврши поплочување на делови од патот Чалошево Дурутовец и се поплочи со бехатон тротоарот на улица Вардарска.

Бетонирање се изврши на ул.Ката Капчева, бетонирање на две

улици во Населба Превалец, бетонирање на крак од Мите Богоевски, бетонирање на ул.Јане Сандански, изведба на скали на ул.Грозда Кочова, бетонирање на ул.Лазо Трпков, бетонирање на крак од ул.Андон Шурков

Се изврши крпење на улица позади Брако, на ул.Сараевска, Игманска , ул.Лазо Осмаков, ул.Крушевска , ул.Енгелсова, и др.

Изградба на потпорни зидови се изврши изведба на потпорен ѕид на ул.Ганчо Хаџи Панзов, прва фаза од потпорен ѕид на Игманска, потпорен ѕид на ул.Максим Горки, потпорен ѕид на ул.Климент Охридски, потпорен ѕид на ул.Славе Петков, потпорен ѕид на ул.Белградска и потпорен ѕид на ул.Киро Рогужаров.

Од предвидените 12.400.000 реализирани се 8.085.341 денари или реализирани се активност во износ од 65% од планираните.

**ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација**

Извршено е хоризонтално обележување на улиците низ градот и вертикална сигнализација и се изврши замена на легнатите полицајци во вкупен износ од 360.000 денари (реализација 100%).

**Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2009 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавен е дендро материјал за уредување на жардиниерите пред Комерцијална, Стопанска и УНИ банка, како и набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини опишани во ЈМ0. Од предвидените 4.770.000 реализирани се 4.642.496 денари (97%)

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Се уреди зеленилото на ул.11 Октомври , уредување на просторот пред споменикот на Алексо Демниев Бауман, изработка на патека за пристап до малото езерце во Градскиот парк и рампа за инвалиди кај Помошното фудбалско игралиште. Се уреди партер пред зграда на ул.Ленинова, во непосредна близина на ОУ Васил Главинов, ул.Крсте Мисирков (кај перална), ул.Благој Ѓорев (кај Сивиот дом) и партер пред зграда на ул.Андон Шурков , поплочување на патека на ул.Петре Прличков, поставување на бетонски платоа на повеќе локации од градот за поставување на контејнери. Се изврши демонтажа, транспорт и поставување на сплавот од река Вардар на Езеро Младост. Од предвидените 3.353.000 реализирани се 2.587.989 денари (77%)

**Ј8 - Други комунални услуги**

Во стабилизирање на потенцијално нестабилен блок над црквата Свети Пантелејмон со свои средства учествуваше и Општина Велес, а останатиот дел се финансираше со сретства од UNDP.

Во 2009 година извршена е пролетна и есенска дератизација на јавнопрометни површини и брегот на реката Вардар од страна на Завод за здравствена заштита Велес ; извршено е авионско третирање против комарци во два наврати; како и редовно и континуирано справување со кучиња скитници согласно Договорот склучен со Ветеринарна станица Велес.

Од предвидените 2.550.000 реализирани се 960.184 денари или 37,65% .

**ЈЛ - Други комунални услуги (Капитални расходи)**

Во потпрограмата ЈЛ - други комунални услуги (капитални расходи) точка 1 е предвидена Адаптација на железничкиот мост на пругата Велес – Кочани и приодите со додавање на конструкција за пешачка патека .

Постапката за изготвување на инвестициона техничка документација, добивање на сите потребни согласности и добивање на Одобрението за градење за "Адаптација на железничкиот мост на пругата Велес – Кочани и приодите со додавање на конструкција за пешачка патека на локалитет во Велес" бидејќи се работи за градба од втора категорија Одобрението за градење го издава Министерство за транспорт и врски. Одобрението е добиено на 17.09.2009 со број 19 Уп.-537/2 .

По добивање на Одобрени за градење и извршено воведување на избраниот изведувач . Работите се отпочнати во работилница со изработка на деловите од челичната конструкција. Пред отпочнување на монтирање извршен е надзор на деловите од челичната конструкција и констатирани се одредени недостатоци и даден е налог истите да се отстранат. Сето ова допринесе да изведбата на проектот биде не биде реализирана во 2009 година и истата да се пролонгира во 2010 година.

**Р1 - Заштита на животната средина**

Во ставката Анализи на квалитет на животната средина извршени се анализи на водата од водоснабдителен објект Бела вода на Езеро Младост, сопственост на Општина Велес. Извршени се и мерења на бучава во животната средина и емисии на бучава во соседство од угостителски и други објекти.

Во ставката Б интегрирани еколошки дозволи средствата се искористени за нотарски услуги во постапката на издавање на Дозволи за усогласување со

оперативен план и објава на барањата и дозволите во дневен весник, согласно Законот за животна средина .

Во ставката чистење на диви депонии извршено е чистење на неколкугодишната дива депонија во Населба Речани и комплетно е саниран просторот; исчистени се дивите депонии на езеро Младост во два наврати ; изнивелиран е теренот во Градски парк при пуштање во употреба на малата фонтана.

Од предвидените 650.000 реализирани се 292.985 денари или 45,07% реализација.

**Напомена**

Од предвидените средства во износ од 103.445.500 за Програмата за урбано планирање, комунални дејности и заштита на животната средина и природата на Општина Велес за 2009 година реализирани се 71.025.976,50 денари (69%) . Реализацијата е поголема (74,46 %) меѓутоа Министерството за Транспорт и врски не изврши трансвер на средствата за Фекалната канализација во с.Горно Оризари Зона 3 со Пречистителна станица во износ од приближно 6.000.000.

## 3.7. К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 26.201.048,50 денари. Од овие средства 11.175.000 беа од Буџетот на Општина Велес, а преостанатите од Министерството за култура и други извори.

Во текот на годината Програмата претрпе измени и дополнувања така што средствата од Буџетот на Општина Велес од првично планираните 11.175.000 се намалија на 7.688.829 денари од кои се реализира износ од 6.774.078,50 денари односно реализирана е програмата со 88,10%.

Од Министерството за култура преку оваа програма се трансферирани сретства за блок-дотации на локалните установи од областа на културата – Локалната библиотека и Народниот музеј, како и вкупно 1.030.000 денари за поддршка на културните манифестации од национално значење – „Рацинови средби“, Фестивалот на античка драма „Стоби“ и Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“.

Програмата за култура опфаќа четири дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската години, инвестиции со кои се создаваат уметнички добра, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

**Манифестации**

Во Програмата е предвидено реализирање на 34 манифестации од меѓународен, републички и локален карактер, но некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали, изложби, промоции, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и изнесува преку 100 културни настани. За оваа ставка од Програмата реализирани се 6.182.349,50 денари.

Реализирани Меѓународни културни манифестации се:

46-тите Рацинови средби

VI Меѓународен фолклорен фестивал „Велес"

VIII-тиот Фестивал на античка драма „Стоби"

V-та Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори".

-Презентирање на велешката култура во странство

За Рациновите средби, Фолклорниот фестивал и Фестивалот на античка драма Советот на Општина Велес усвои поединечни наративни и финансиски извештаи подготвени од организационите одбори на манифестациите.

Во рамките на културните настани поврзани со името на Кочо Рацин е и обележувањето на 70 годишнината од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“ во Самобор – Република Хрватска. Настанот беше организиран од Здружението на Македонците во Хрватска, Општина Самобор и Општина Велес.

V-та Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се одржа во јули 2009 година во с. Папрадиште. На неа учествуваа 14 сликари и 7 копаничари. Од учесниците 4 беа гости од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, а останатите беа од Република Македонија и Велес. Раководител на сликарскиот дел од колонијата беше академскиот скулптор Ангел Коруновски, а на копаничарскиот копаничарот Љубомир Бисин. Од колонијата во сопственост на Општина Велес останаа 24 слики масло на платно, 7 длабокореза и 2 релјефа.

Во 2009 година Колонијата се совпадна со големиот јубилеј 150 години од раѓањето и 55 години од смртта на последниот зограф и првиот македонски сликар Димитар Андонов Папрадишки и затоа за своја тема го имаше неговиот живот и творештво.

Делата од колонијата се врамени и за нив е изработен каталог. На јавноста и беа презентирани на изложбата поставена по повод општинскиот празник 9-ти Ноември. Финансиската конструкција на колонијата изнесува 402.000 денари.

Во текот на летниот период од 10-јуни до 8-ми септември реализирани се повеќе културни збиднувања на отворен простор во рамките на Велешкото културно лето кое се заокружи со голем концерт на Велешки легенди по повод 8-ми Септември, Денот на независноста на Република Македонија. Во овој период во рамките на Летен културен бран- проект на Министерството за култура, во Велес се одржаа 3 концерта .

Традиционални културни манифестации одржани во 2009 година се: Питијада - избор на Пита мајстор за 2009 год. Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце", Денот на Македонските просветители Св. Кирил и Методиј, Концерт „Илинден“, Недела на детето, Детски рацинови средби, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

Негување на културата, традициите и обичаите на заедниците

На негувањето на културата, традицијата и обичаите во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2009 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува на 6 мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на албанската заедница што годинава се одржа по повод 11-ми Октомври во с. Бузалково. Исто така од Програмата се оддвоени средства за обележување на празниците на Ромите, Турците, Власите и другите припадници на заедниците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие ентитети.

За обележувањето на Денот на Општината 9-ти Ноември беше организирана богата уметничка програма - Концерт на Симон Трпчески, јубилејни концерти на КУД „Керамичар“ по повод 55 години постоење, настап на гудачкиот квартет „Марија“, изложбата на дела од Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори“ и концерт на младите велешки уметници Орхидеја Дукова, Благој Ламњов и Антоније Аранѓеловиќ.

Актерската награда за животно дело Петре Прличко годинава му беше доделена на актерот Благоја Чоревски.

И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

Во 2009 година беа обележани и два големи јубилеја – 170 години од раѓањето на Рајко Жинзифов и 140 години од раѓањето на Васил Главинов.

Наместо организиран дочек на Нова Година на отворено, годинава се реализираа 12 новогодишни театарски претстави за сите ученици од I-во до IV-то одделение од општината и една претстава за децата со посебни потреби.

**Инвестиции**

Инвестициите во областа на културата согласно Програмата за 2009 година овозможија археолошки истражувања на локалитетот Латински гробишта и тековно одржување на објектите од областа на културата сопственост на Општина Велес. Од оваа ставка на сите основни и средни училишта и на Детската градинка им беа набавени електронски табли за модернизирање и олеснување на наставата.

**Трансфер на средства**

Овој дел од Програмата ги содржи блок дотациите во областа на културата за Локалната библиотека „Гоце Делчев" и Локалната установа Народнен музеј.

**Други расходи**

Во Програмата во Други расходи се планирани средствата за персонален данок, репрезентација на културните манифестации и непредвидени трошоци.

**Начин на реализирање**

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

## 3.8. Л – Спорт и рекреација

Користејќи го законското право Општина Велес и во 2009 година ги делегираше надлежностите од областа на спортот на Здружението на граѓани "Сојуз на спортови" Велес за реализирање на Програмата во делот што се однесува на спортот.

По донесувањето на Програмата, Сојузот на спортови, во соработка со своите членки спортските клубови, друштва и организации, пристапи кон нејзина практична реализација.

Програмата од областа на спортот во 2009 година опфаќа:

Спортски манифестации
Поддршка на спортски сојузи
Масовна физичка култура
Поддршка на спортот во градот
Инвестиции

**Спортски манифестации**

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаат турнирите во мал фудбал, Турнирот во борење на пеливани, спортската манифестација во боречки вештини и Бон бон куп –забавна спортска манифестација за деца. Од планираните 760.000 денари во оваа ставка на Програмата реализирани се 665.000 денари.

**Подршка на спортски сојузи**

Со цел да вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортски сојузи и нивните активности. Во 2009 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица, Општинскиот фудбалски сојуз и Сојузот на спортови. Сите сојузи во своите програми за 2009 година реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола. За оваа ставка од Програмата за спорт беа планирани 135.000 денари, а реализирани се 115.000 денари. Лига системот наа натпревари во големј фудбал за пионери не се реализираше од страна на ОФС и затоа ставката не е реализирана во целост.

**Масовната физичка култура**

Најмасовна спортска манифестација во 2009 година беше „Отворен спортски ден“, манифестација за сите граѓани во чија организација се вклучи Сојузот на училишен спорт, спортските клубови од градот, ОО на Црвениот крст од Велес, НВО секторот и медиумите. На овој масовен спортски настан зедоа учество преку 700 граѓани од најразлична воздаст од ученици до пензионери, во масовните спортови и општествени игри.

Во оваа ставка од Програмата вниманието на јавнота го привлекоа и одржаните градски првенства во спортски риболов и велосипедизам.

За масовна физичка култура беа предвидени вкупно 100.000 денари од кои се реализирани 65.000. Сите планирани активности се реализирани, а заштедата на средства се должи на волонтерската работа на спортските работници.

**Поддршка на спортот во градот**

Согласно основните цели на Програмата, Општината Велес прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт. Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2009 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Велес донесе Решение за распределба на средства во висина од 1.604.000 денари за поддршка на квалитетниот спорт во градот. Согласно изградените критериуми најголем дел од

средствата се доделени на спортски екипи кои се натпреваруваат во првата и втората лига, а потоа редоследно на екипите од пониските спортски рангови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

Во овој дел од Програмата се предвидуваат средства и за поддршка на кадетски и пионерски спортски екипи од кои се потрошени120.000 денари и за поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни натпревари за што се реализирани 95.000 денари.

За поддршка на спортот во градот планирани се 2.300.000 денари, а реализирани се 1.819.000 денари.

**Инвестиции**

Со средства од Буџетот на Општина Велес набавена е спортска опрема и реквизити за потребите на спортските манифестации, вложувано е во одржување на отворени спортски терени, во уредување на игралиштето во Башино Село и други помали инвестиции.

Во оваа ставка беа предвидени 950.000 денари, а реализирани се 490.419 денари.

Вкупно од Буџетот на Општина Велес за 2009 година за Прогрмата за спорт биле планирани 4.245.000 денари, а се реализирани 3.154.419 денари.

Начин на реализирање

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2009 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше здружението на граѓани Сојуз на спортови на која и се делегирани надлежностите од областа на спортот.

## 3.9. М – Социјална заштита и заштита на децата

Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита и заштита на децата преку Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“. За реализација на оваа програма беа планирани средства во износ од **57.330.484** денари кои во најголем дел се однесуваат на блок дотација за плати на вработените во Детската градинка, наменските дотации и средствата од самофинансирање.Во 2008 година за планираните активности во областа на социјалнта заштита и заштита на децата се реализирани средства во вкупен износ од **53.964.296** денари или програмата е реализирана со 94,13 %.

Износот на планираните средства за блок дотацијата изнесува 40.240.484 денари додека во текот на 2009 година истите се реализирани во износ од 39.664.958 денари односно реализирани се средствата во износ од 98,57 %.

Детската градинка работи во 6 клона , во објекти за кои е потребно редовно да се одделуваат средства за одржување и реконструкција. Иако капиталните инвестиции во оваа област се обврска на државата, Општина Велес со средствата

од Буџетот на општината во износ од 1.999.263 денари изврши замена на салонитни табли на покривот на клон II во Детската градинка. Покрај ова општината даде поддршка на отворањето на првата спортска сала во објект за згрижување деца од предучилишна воздраст, создаде услови за реализирање на завршната програма на Градинката пред поширокатa велешка јавност, ги вклучи децата од градинка во сите манифестации кои се подобни за нивна воздраст како Априлијада, велигденско јајце, 9-ти Ноември и тн.

Општината даде и целосна поддршка на сите проекти што ОЈУ ДГ „Димче Мирчев" во текот на 2009 година ги реализираше со свои средства и со средства на Министерството за труд и социјална политика.

## 3.10. Н – Образование

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година планирани се средства во износ од 334.682.329 денари а реализирани се 304.224.619 денари или Програмата е реализирана во износ од 90,90 %. Во делот на трансфер на средства се прикажани средствата за блок дотација во основното и средното образование.

Планираните трансфери за основното образование за 2009 година изнесуваат 180.942.733 ден. и истите се реализирани во износ од 177.925.983 ден. или 98,33 %.

Планираните трансфери за 2009 година изнесуваат 109.228.996 ден. за средното образование и истите се реализирани во износ од 104.367.345 ден. или 95,55 %.

**Активности**

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година, во делот Активности се предвидени манифестациите што училиштата самостојно ги организираат на почетокот и крајот на секоја учебна година, како и изборот на најдобар наставник во основното и средното образование чие прогласување е поврзано со обележувањето на Денот на просветните работници 24 Мај. Во 2009 година за најдобар наставник во основното образование беше избрана г-ѓа Македонка Виларова, наставник по македонски јазик во ООУ „Благој Кирков", а за најдобар наставник во средно образование беше прогласен г-дин Јовица Темов, наставник по македонски јазик во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин".

Исто така беше поддржана и републичката манифестација „Образовно рандеву" така што со средства од Буџетот на Општина Велес беше обезбеден превоз на учениците од средните стручни училишта на оваа манифестација.

Сите позиции од овој дел од програмата се реализирани но со големо залагање на училиштата наместо со планираните 130.000 со средства во висина од 38.660 денари.

**Инвестиции**

Во делот Инвестиции планирани беа 3.760.000 денари за реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, поправка на топловодни системи, реконструкција на отворени и затворени спортски објекти. Од планираните средства потрошени се 1.062.565 денари од оваа Програма, за реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Благој Кирков", замена на олуци во Гимназијата „Кочо Рацин и ОСУ „Јовче Тесличков" каде се изврши и санација на поктивот на објектот. Во ООУ „Васил Главинов", ССОУ „Коле Неделковски" и ОСУ„Јовче Тесличков" се

инвестираше во замена на ПВЦ врати и прозорци. Во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ се постави хидроизолација, а во ООУ „Блаже Конески“ се интервенираше на топловодната инсталација. Во подрачните училишта во населените места Чолошево, Црквино и Кумарино се извршија неопходни санации во објектите за нормално одвивање на наставата.

**Тековни работи**

Делот од Програмата Тековни работи ги опфаќа позициите за санитарни и медицински прегледи за што од планираните 1.300.000 денари се потрошени 303.485 денари. Ова е од причина што не се реализирани планираните медицински прегледи, а санитарните чинеа помалку од планираните средства.

За осигурување на училишните објекти беа планирани 1.000.000 денари, а заради поволните понуди од осигурителните компании потрошени се само 281.851 денар.

За обезбедување на објектите (видеонадзор) беа планирани 1.000.000 денари но за жал оваа ставка не се реализираше.

Во делот Трансфер на средства прикажани се средствата за блок дотација за основното и средното образование и средствата од самофинансирање.

Вкупно за реализирање на Програмата за активностите на Општина Велес во 2009 година од Буџетот на Општината беа реализирани 1.686.561 денар.

Голем дел од планираните инвестициони активности беа реализирани со средства од Министерството за образование и наука, па затоа и не се искористија планираните средства за инвестиции од Програмата во целост.

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Детските рацинови средби итн. Зачленувањето на првачињата во Светската детска организација беше збогатено со гостување на Театарот за деца „Чекорче“ - Скопје со претставата „Еко приказна", за 8-ми Септември во Градскиот парк беше оформено детско катче и се одигра претставата „Штурецот и мравката“, Новогодишна театарска претстава и тн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование како на пр. Лига систем натпреварите, бон-бон купот и Отворениот спортски ден итн.

Во Програмата за социјална заштита за одредена категорија ученици бесплатно е поделен училишен прибор и испратени се ученици на рехабилитација.

## 3.11. W – Противпожарна заштита

Со новите надлежности на општините во процесот на децентрализацијата работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари. Во моментот на преземањето од

страна на Министерството за внатрешни работи беа укинати средствата за плата за едно лице, кое беше на отслужување на казна затвор.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 25 вработени во ТППЕ планирани се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 10.622.000 денари а реализирани се во износ од 10.181.803 ден.

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година беа планирани 2.3100.000денари од Буџетот на Општина Велес.

Со оглед на фактот дека со Законот за пожарникарство е предвидено финансиско учество на општините кои не формираат Територијална противпожарна единица, во Програмата за 2009 година планирани се 310.000 денари од општините Чашка и Градско, на кои Општина Велес им дава услуги од областа на противпожарната заштита. Меѓутоа, и покрај законската обврска, ниту една од двете општини не уплатија средства за оваа намена на сметката на Општина Велес. И покрај настојувањата на Општина Велес ова прашање да се регулира во текот на извештајниот период, не се постигнати позитивни резултати.

Во текот на 2009 година Општината интервенираше во тековното одржување на зградата, направена е набавка заради докомплетирање на униформата за пожарникарите 9 капи, панталони,маици, чевли, чорапи, вратоврски), а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат.

Во 2009 година за прв пат се планирани 80.000 денари за лекарски прегледи на пожарникарите, од кои се потрошени 54.500 денари.

Во 2009 година продолжи реализацијата на проектот „Операција Флоријан“ со фондацијата „Черити“ од Обединетото Кралство, преку која ТППЕ од Велес доби големи количини лична опрема за пожарникарите, ПП возило и комбе за пренесување на техничката опрема потребна при гаснење на пожари од поголеми размери. Во 2009 година оваа соработка продолжи на планот на едукацијата на вработените во ТППЕ..

Инаку, планираните и потрошените средства во најголем дел од Програмата за 2009 година се усогласени и се движат во рамките на планираното.

Разлика во планираното и реализираното се јавува во делот на средствата планирани од наплатени премии од каско осигурување, па така наместо планираните 1.500.000 денари реализирани се само 1.288.057 денари. Не се реализирани ниту планираните 310.000 од општините Чашка и Градско, кои имаат обврска во согласност со законот за пожарникарство.

Од планираните приходи ( без наменските дотации од Буџетот на РМ ) од планираните 2.620.000 реализирани се вкупно 1.288.057 денари, додека од планираните 2.620.000 потрошени се 1.372.555 денари.

Според податоците, со добро планирање и менаџирање со средствата, потрошените средства се движат во рамките на планираните расходи според Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година.

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма АО - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.000.000 денари реализирани се во износ од 490.647 денари или 49,06 %. И во програма Д0-Градоначалник, планирани се тековни резерви и тоа на ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 900.000,00 денари од кои во 2009 година се рализирани 872.1150денари односно 96,90 % од планираните средства.

Подолу ќе бидат презентирани детални прегледи за трошењето на овие тековни резерви.

**Тековни резерви-Програма А0-Совет на Општина**

| Име презиме | Помош за лекување | Помош од пожар | Помош од поплава | Помош од одрон на карпи | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| Марија Гаврилова | 15.000,00 | | | | 15.000,00 |
| Сашко Андреевски | 9.000,00 | | | | 9.000,00 |
| Лилјана Максимовиќ | 12.000,00 | | | | 12.000,00 |
| Светлана Ангелова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Ѓорѓи Зафиров | 15.000,00 | | | | 15.000,00 |
| Мартин Малинов | 10.000,00 | | | | 10.000,00 |
| Љубе Мирчевски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сузана Ботарева | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Љубомир Димовски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сатки Асановски | 6.000,00 | | | | 6.000,00 |
| Кадир Кадриов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Стефан Пеев | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сали Зекиров | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Мухамед Алиев | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Муса Муратов | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Милка Миткова | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Сенада Исовска | 10.000,00 | | | | 10.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Татјана Лазаревски | 30.000,00 | | | | 30.000,00 |
| Ајше Кадирова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Елизабета Јовчевска | 50.000,00 | | | | 50.000,00 |
| Захиде Демирова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Шезане Усеинова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Алајдин Јашаров | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Нурија Демирова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Спасев Ангел | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Трајче драскачев | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Христина Николова | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Лилјана Жабева | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Благица Сарагонова | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Ненад Петрушевски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Ајдин Дураковски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Стево Чонков | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Марјан Шијан | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Сузана Essa Oнчева | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Слободан Андревски | | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| Михајло Михајловски | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| Љубомир Василевски | 2.000,00 | | | | 2.000,00 |
| Александар Јамандиев | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Марија Јосифовска | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Румена Теовска | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Веса Митрева | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Биљана Бабунска | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Јордан Покрајзидов | 2.000,00 | | | | 2.000,00 |
| Рејхат Усеинова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Силвана Бајрам | | | | 9.500,00 | 9.500,00 |
| Паун Благоевиќ | | | | 12.000,00 | 12.000,00 |
| Серхан Рашидов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Зоран Бараков | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Рукија Ахмедова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Анде Стојанов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Киро Панов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Вкупно | 302.000,00 | 18.000,00 | 20.000,00 | 21.500,00 | 361.500,00 |

| Име презиме | Учество за подигање биста на Кочо Рацин | Помош за егзистенцијални потреби | За учество на меѓународна олимпијада на математичари | За персонален данок | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Самобор | 61.480,00 | | | | 61.480,00 |
| Стефан Стојчевски | - | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| Кристина Ончева | | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| Јасминка Златарова | | 12.000,00 | | | 12.000,00 |
| Туркијан Брзева | | 5.000.00 | | | 5.000.00 |
| Галип Зејнелова | | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| Загорка Манојлова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Дејанче Давитков | | 6.000,00 | | | 6.000,00 |
| Благој Стефановски | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Светлана Андонова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Персонален данок | | | | 667,00 | 667,00 |
| Вкупно | 61.480,00 | 47.000,00 | 20.000,00 | 667,00 | 129.147,00 |

Од извештајот се гледа дека на име финансиска помош за лекување е исплатен износ од 302.000,00 денари.За санирање на штети настанати од пожар исплатени се средства во износ од 18.000,00 денари, додека санирање на штети настанати од поплави 20.000,00 денари,а за санација на штети настанати од одрон на карпи се исплатени средства во изнс од 21.500,00 денари.На име финансиска помош за егзистенцијални потреби се исплатени средства во износ од 47.000,00 денари. По одлука на Советот на Општината се исплатени средства за учество на Општина Велес за подигање на биста на Кочо Рацин во Општина Самобор износ од 61.480,00 денари.

**Тековни резерви-Програма Д0-градоначалник**

| Име и презиме | Отпремнина за пензија | Смрт на вработен | Смрт на член на потесно семејство | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|
| Исо | - | 30.000,00 | - | 30.000,00 |
| Благој Страчковски | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Бисера Зафирчевска | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Николче Николов | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Драгољупче Саздов | 34.726,00 | - | - | 34.726,00 |
| Татјана Андовска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Цветанка Настова | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Стојна Ѓорѓиевска | 34.726,00 | - | - | 34.726,00 |
| Верка Анѓушева | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Борис Стефановски | 39.196,00 | - | - | 39.196,00 |
| Соња Давчевска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Крсте Панов | - | 30.000,00 | - | 30.000,00 |
| Зорка Ќимова | | 30.000,00 | 15.000,00 | 45.000,00 |
| Јагода Павловска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Иван Кичуков | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Кирил Унев | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Љубица Михајлова | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Димитар Новачев | 39.526,00 | - | - | 39.526,00 |
| Благојка Атанасова | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Васа Ботинова | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Македонка Синадинова | 39.492,00 | - | - | 39.492,00 |
| Добре Донев | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Мирјана Ризова | 39.526,00 | - | 15.000,00 | 54.526,00 |
| Благојка Јавашева | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Гордана Палашева | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Боро Ристовски | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Василка Боцевска | 39.734,00 | - | - | 39.734,00 |
| Зора Пановска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Елена Јаневска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 569.152,00 | 90.000,00 | 195.000,00 | 854.152,00 |

| Име и презиме | Боледување подолго од 6 месеци | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|
| Благојка Илиева | 17.963,00 | 17.963,00 |

Од тековни резерви програма До- Градоначалник,на име отпремнина при заминување во пензија исплатени се средства во износ од 569.152,00 денари.Средства по основ на смрт на вработени се исплатени во износ од 90.000,00 денари,а за смрт на член на потесно семејство се исплатени средства во износ од 195.000,00 денари.За боледување подолго од шест месеци исплатено е на едно лице износ од 17.963,00 денари





# ПРИЛОЗИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2010

## 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2010 | Реализирано 2010 | реал/плани 2010 % |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 13.194.000 | 11.425.056 | 86,59 |
| Социјална заштита | 54.194.043 | 49.426.605 | 91,20 |
| Спорт и рекреација | 5.550.000 | 4.398.095 | 79,24 |
| Култура | 24.055.357 | 17.708.876 | 73,62 |
| Образование | 339.778.972 | 316.564.214 | 93,17 |
| Локален економски развој | 9.984.000 | 9.158.389 | 91,73 |
| Програма за уредување на градежно земјиште | 110.500.000 | 87.439.719 | 79,13 |
| Капитални трошоци на Општината | 2.000.000 | 1.433.684 | 71,68 |
| Општинска администрација | 39.288.843 | 35.981.674 | 91,58 |
| Месна самоуправа | 50.000 | 32.886 | 65,73 |
| Градоначалник | 3.286.140 | 2.595.499 | 78,98 |
| Совет на Општина | 14.299.000 | 9.702.275 | 67,85 |
| Донации | 1.640.881 | 1.381.500 | 84,19 |
| **Вкупно** | **617.821.236** | **547.248.472** | **88,58** |




## 3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 10.061.500 денари реализирани се 8.358.510 денари односно реализирана е програмата на советот со 83,07 %.

Советот на Општина Велес во 2009 година одржа 19 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2009 година на име надоместоци исплатени се 3.431.553 денари, односно 41,05 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 490.648 ден односно 5.87 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста“, „Пограма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка “, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот“и „Програма за активностите на општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по поеделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА ЗА 2009 ГОДИНА.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година беше фокусирана на зајакнување на капацитетите за комуникација со граѓаните. Генерална цел на програмата беше промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

Покрај фокусот на двонасочната комуникација со граѓаните, програмата беше насочена и кон воведувањето на практиката за истражување и анализа на задоволството на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината во рамките на своите надлежности во насока на обезбедување на валидни податоци што ќе послужат како потенцијални точки на подобрување.

Насочена кон сите граѓани на подрачјето на општина Велес како генерална целна група, програмата опфати и рамка на активности насочени кон специфични целни групи.

Генерално, програмата целеше кон подобрување на комуникациските капацитети и обезбедување на ефикасна, ефективна комуникација со граѓаните и зголемување на транспарентноста на општината.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година опфати вкупно 9 активности. За реализација на програмата беа планирани средства во висина од 1.200.000 денари. Во имплементацијата на програмата се потрошени вкупно 611.250 денари.

За реализација на кампања за јавна чистота, потрошени се 80.476 денари за подготовка и печатење на вкупно 14.000 флаери за подигање на свеста на граѓаните и нивно информирање за одредбите на Законот за јавна чистота.

Кампањата за наплата на даноци е реализирана преку известувања на јавноста (преку сите локални електронски медиуми – 2 локални телевизии, три локални радија и два локални електронски весници) за обврската на граѓаните за плаќање на данокот на имот и комунални такси. За реализација на кампањата се потрошени 7.087 денари.

Кампањата за борба против корупцијата е реализирана во соработка со Државната комисија за превенција и репресија на корупцијата.

Отпечатени се и дистрибуирани плакати и флаери за информирање на граѓаните за можностите да пријават корупција. Бидејќи сите средства за општините Комисијата ги обезбеди на национално ниво, за реализација на оваа планирана активност не се потрошени середства од буџетот на општината.

За реализација на две планирани испитувања на јавното мислење (степен на задоволство на граѓаните од услугите на општината), не се потрошени средства од општинскиот буџет. Спроведувањето на оваа активност го обезбеди Програмата за развој на Обединетите Нации –УНДП во рамките на воспоставувањето на Системот за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001-2008 ( финална фаза на проектот „Борба против корупцијата за подобро управување).

За изработка на „Граѓански информатори за услуги“ потрошени се 93.804 денари. Изработени се два граѓански информатори: Еден во вид на метална призма е поставен во централното подрачје, а еден во вид на книга е поставен во Граѓанскиот сервис центар. Граѓанските информатори за услуги содржат информации за потребната документација за сите процедури во општината, пополнети пример обрасци и карти на услуги со контакти на одговорните службеници по сектори и одделенија. Средствата се потрошени за изработка на

двата информатори и поставување на плоча со натписи на информаторот лоциран во централното градско подрачје.

За промоција на заштитен знак и маскота на Велес реализирани се 68.440 денари. Средствата се потрошени за реализација на специјализирана емисија за промоција на заштитен знак и маскота како и печатење на материјали со заштитниот знак на Велес.

189.000 денари од Програмата се потрошени за подготовка и печатење на Маркетинг план на Општина Велес.

163.000 денари се реализирани за печатење на ѕидни,столни календари и визит карти.

8.550 денари се потрошени за кампања за информирање на граѓаните за отворени средби со градоначалникот.

Активноста промоцијата на претпристапниот инструмент ИПА е реализирана од страна на Секретаријатот за европски прашања кој работеше со специфични целни групи: бизнис секторот и земјоделците. За реализација на оваа активност не се потрошени средства од буџетот на општината.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година е во целост остварена.

Реализираните активности придонесоа за поголема информираност на граѓаните за работата и услугите на Општина Велес. Особена придобивка на програмата е изработката на Граѓанските информатори на услуги и примената на практиката за истражување и анализа на степенот на задоволство на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината.

- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Меѓународната соработка во 2009 година беше насочена кон продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.Конкретно, програмата целеше кон продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес, реализација на заеднички активности и проекти, зајакнување на капацитетите преку размена на искуства и искористување на можностите за туристичка и економска презентација на Велес.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка опфати вкупно 5 области на активности. Од предвидените 500.000 денари во програмата, реализирани се 245.736 денари.

За организиран престој на делегации на збратимените градови и градовите пријатели на Велес во рамките на традиционалните меѓународни манифестации, реализирани се 122.540 денари.

За организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општина Велес и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес реализирани се средства во висина од 61.480 денари.

Во рамките на Програмата, 61.716 денари се реализирани за организирано учество на групи и поединци од Велес на културни манифестации и работилници во странство.

Во 2009 година, Општина Велес заеднички со организацијата АЛДА со седиште во Стразбур аплицираше до Европската Унија за реализација на проект во

рамките на програмата „Граѓаните за Европа". Проектот во кој учествуваат вкупно 20 партнери од 7 европски земји е одобрен од Европската Комисија. Во фазата на апликација не беа реализирани средства од буџетот на општината. Општина Велес во 2009 година ги започна подготвките за заедничка апликација со збратимените општини и општините пријатели Слобозија, Република Романија, Силистра, Република Бугарија и Самобор, Република Хрватска за аплицирање на програмата „на ЕУ „Култура 2007-2013". Апликацијата ќе биде доставена до Европската Комисија во мај 2010 година.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка е во целост остварена. Покрај продлабочувањето на соработката на билатерален план, општината започна со реализацијата на проекти во рамките на Програмите на заедницата на Европската Унија.

Реализираните активности придонесоа за продлабочување на соработката со збратимените и градовите пријатели на Велес како и отворање преговори за проширување на соработката со општини од други земји. Во март, 2009 година Општина Велес се збратими со градот Чан, Република Турција, ја продлабочи соработката со Република Франција со реализација на заеднички активности и гостување на уметници од Република Франција, во рамките на манифестацијата „Рацинови средби" како и преку продлабочување на соработката со Националната француска асоцијација на градови со историја и уметност. Во 2009 година, Општина Велес воспостави првични контакти и со регионот Нормандија. Програмата овозможи зајакнување на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка како на меѓуопштинско, така и на регионално ниво.

- ПОДДРШКА НА НВО СЕКТОРОТ

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2009 година беше димензионирана на 560.000 денари од кои 140.000 за подмирување на комуналните трошоци во Домот на НВО (струја и вода). Овие средства се исплаќани од друга позиција од Буџетот, а не од оваа Програма и затоа треба да се иземат од процентот на реализација на Програмата.

За учество во реализација на партнерски проекти со здруженија на граѓани реализирани се 280.400 денари, за поддршка на програмски активности на ЗГ 23.145 денари, а за поддршка на проекти на ЗГ 50.000 денари или вкупно 353.545 денари што е 84% од планираното.

-„ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА"

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година содржи активности како што се помошта што ја дава Општината на социјално загрозени семејства, планирани активности по Агенда 22, едукации, рехабилитација на деца, едукации за превентива, како и поддршка на 2 многу значајни проекта: Декада на Ромите и Општина по мерка на детето. За реализација на оваа програма потрошени се 300.788 денари средства од Буџетот на Општина Велес иако со првичните планирања оваа бројка беше двојно поголема. Меѓутоа дел од средствата беа планирани како учество на општината во проекти чиј носител е Министерството за труд и социјална политика или меѓународните фондации во Република Македонија. Бидејќи до реализација на вакви проекти не дојде до крајот на 2009 година, планираните средства не се искористени.

Согласно надлежностите во оваа област во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на

одделни групи граѓани, организирање трибини за родова сензибилизација и здравствени едукации за превенција итн. Но, сепак останаа одредени позиции од програмата не доволно разработени и не реализирани како СОС линијата, набавка на социјални пакети и сл.

Тековни активности

Покрај наведените активности Општина Велес на почетокот на учебната година на децата без родители кои се ученици во основно и средното образование им обезбеди училишен прибор, а за новогодишните празници за нив и за децата со посебни потреби беше организирана театарска претстава и им беа доделени прикладни подароци.

## 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 2.691.000 денари во буџетот, реализирани се 2.368.705 ден. односно 88,02 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.216.044 денари односно 51,34 %. Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 872.115 денари или 36,82% за исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции. Остатокот од средствата во износ од 11,84 % се исплатени на име патни и дневни трошоци и комунални услуги, комуникации и транспорт.

## 3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 37.776.948 денари, а се реализирани 31.690.733 денари или 83,89 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 18.258.375 ден односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 57,61 %. На име договорни услуги реализирани се 2.342.244 денари или 7,39 % во однос на вкупната реализација по оваа програма. Најголем дел отпаѓа за членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на граѓаните на Општина Велес а истовремено истите членови на Комисијата беа ангажирани и како доставувачи на Решенијата за данок на имот. За стоки и услуги (комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар и тековно одржување) се потрошени 8.573.856 ден или 27,05 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација. За субвенции и трансфери исплатени се 266.481 денари односно 0,84%.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 2.249.777 денари или 7,10 % . Најголем дел се реализирани за набавка компјутерска опрема (хардвер и софтвер) , реконструкција на делови во зградата на Општината,како и купување на друга опрема во Општината.

## 3.4. Г- Локален економски развој

Активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој се дефинирани во рамки на Програмата за ЛЕР. Цел на оваа Програма е забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Активностите се групирани во:

- Г10 – Подршка на ЛЕР,
- Г20 – Поттикнување на развојот на туризмот, и
- ГА0 – Изградба на комерцијални објекти.

Согласно ова, за реализација на планираните активности во текот на 2009 год. предвидени беа буџетски средства во висина од 6.481.302,00 денари.

Преглед на намена на планирани и реализирани трошоци.

ГА0) Поддршка на локалниот економски развој

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Потрошени средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Пooддршка на центарот за регионален развој на Вардарски плански регион | 800.000 | 383.826 |
| 2. | Подготовка на маркетинг план за Општина Велес како атрактивна бизнис локалција | 150.000 | 176.410 |
| 3. | Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА | 81.302 | 81.302 |
| | ВКУПНО: | 1.031.302 | 641.538 |

Г20) Поттикнување на развојот на туризмот

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Планирани средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Настап на саемски манифестации | 200.000 | 80.120 |
| 2. | Подготовка на печатени и електронски и печатење на промотивен материјал | 250.000 | 168.000 |
| | ВКУПНО: | 450.000 | 248.120 |

ГА0) Изградба на комерцијални објекти

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (ден.) | Планирани средства (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на дел од инфраструктура на Езеро Младост | 5.000.000 | 856.137 |
| | ВКУПНО: | 5.000.000 | 856.137 |

Согласно прегледот, потрошени се 1.745.795 денари.

Мора да се има во предвид дека активностите на одделението, и во делот на економскиот развој и во делот на развојот на информатичката технологија, во значителен дел беа проектно ориjентирани. Во текот на 2009 година, во соработка со други домашни странски, владини и невладини, институции, агенции и фонадации, реализирани се следните проекти:

Проект 1: Воспоставување на електронски систем за пријавување на проблеми
Опис на проектот: Подготовка на апликативно решение за пријавувње на проблеми од страна на граѓаните, во доменот на надлежностите на општината. За реализацијата на проектот, вработените во одделението, на предлог на носителот на проектот – USAID, учествуваа во осмислување на системот, негово тестирање и прилагодување. Проектот е реализиран, целосно функционален и достапен преку официјалниот сајт на Општина Велес
Учество/Статус: Нефинансиско / партнерско

Проект 2: Подготовка на апликација за контрола на плати во образование
Опис на проектот: Подготовка на адаптирана апликација за контрола на платите во образовните институции.
Учество/Статус: Нефинансиско

Проект 3: Подготовка на Прирачник за стратешко планирање на локалниот развој
Опис на проектот: Развој на алатки за стратешко планирање, сублимирани во форма на Прирачник за стратешко планирање на локалниот развој. Проектот е реализиран во соработка со SUDEP.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 4: Подготовка на Програма за енергетска ефикасност
Опис на проектот: Собирање на податоци за состојбите на јавните објекти, нивна анализа, дефинирање на препораки за подобрување на состојбите, како и конкретни проекти. Проектот беше финансиски подржан од USAID - во делот на ангажирање консултант, кој соработуваше со одделението во изработката на финалниот документ.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 5: Подобрување на конкурентноста
Опис на проектот: Градење на капацитети на локалната бизнис заедница за подобрување на конкурентноста.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 6: Дисперзирани општински канцеларии
Опис на проектот: Реновирање на постојаната канцеларија во Г. Оризари, опремување, поврзување и отварање на општински канцеларии во

Иванковци и Бузалково. Проектото е реализиран во соработка со ЕУ во рамки на проектот SUDEP.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 7: Изработка на локални ИКТ стратегии
Опис на проектот: Подготовка на целните општини за изработка на локални ИКТ стретгии. Во рамки на проектот е изработен соодсветен Прирачник. Улогата на одделенето беше, со своето искуство и знаење да придонесе за креирање на соодветни приоритети, задачи и активности, кои сублимирани во Прирачник ќе им овозможат на општините да креират ефективни ИКТ стратегии. Проектот е реализиран во соработка со ЗЕЛС.
Учество/Статус: Нефинансиско/Партнерско

Проект 8: Државен натпревар по информатика за учениците од основните училишта
Опис на проектот: Натпревар на знаење од областа на ИТ за учениците од основните училишта во Република Македонија. Општина Велес беше генерален покровител на натпреварот, а организацијата ја реализираше одделението во соработка со ЗИМ.
Учество/Статус: Партнерско / финансиско - 10.000 ден.

Проект 9: Имплементација на мерки за заштита на лични податоци
Опис на проектот: Техничка подготовка на постојниот ИС за примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. Подготвителните активности се целосно завршени.
Учество/Статус: Нефинансиско / Партнерско

Проект 10: Имплементација на Share Point Portal во функција на EDMS
Опис на проектот: Подготовка на единствен систем за управување со документи во Општина Велес. Системот е во фаза на развој и продолжува со имплементација во наредните години. Истиот треба во целост да овозможи електронско управување со документите согласно воведениот Стандард за управување со квалитет ISO 9001-2008 и практичните потреби на секојдневното работење.
Учество/Статус: Нефинансиско

Проект 11: Подготовка на „Студија на случај„ за ООП
Опис на проектот: Подготовка на електронски промотивни материјали за предностите на ИКТ во образованието и искуството од примената на ООП. Проектот е реализран во соработка со корисниците на порталот и Microsoft, а промовиран на 7-мата технолошка конференција „Визија 2009“.
Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско

Проект 12: Редизајн на официјалниот web site на Општина Велес

| |
|---|
| Опис на проектот: Надградба на постојниот Content management System, миграција на базата на податоци, редизајн, оптимизација и воведување на нови сервиси.<br>Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско |

| |
|---|
| Проект 13: Општински образовен портал<br>Опис на проектот: Воведување на допонителни функционалности, кодирање на модули за ЕКТС и надградба на базата на податоци.<br>Учество/Статус: Нефинансиско/партнерско |

## 3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 12.600.000 денари а реализирани се 10.043.056 денари или 79,71 %. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции ( потпрограми).

**Позиција Ф1** - Урбанистичко планирање

За оваа намена се планирани средства во износ од 2.500.000 ден а реализирани 2.024.563 ден или 81 % остварување на планот. Во 2009 год., по Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Велес, реализирани се следните планови

На седница на Совет, донесени се следните планови:

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7", УБ „42" (2008-2018) (13,25ха), -Општина Велес. Со Планот се предвидува локација за изградба на црква во кругот на касарната.

Детален урбанистички план, Урбан блок „8"- Општина Велес (2008-2013) (5.89ха),. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, мало стопанство и бензинска пумпа.

Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-станбена единица-М.З.Алексо Демниевски (дел) изменување и дополнување – 2008-2013 (0.62ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи и деловен објект.

Урбанистички план вон населено место Башино село, м.в. „Зад црква" - Општина Велес (2008-2018) (4,05ха). Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет – дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски", дел од урбан блок 38 (1,37ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

На седница на Совет, утврдени се Нацртите на следните планови:

ДУП за дел од УЕ„10" – дел од УБ„52" плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на деловни објекти и бензинска пумпа.

ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат” КО Башино Село, 29.97ha (2009 – 2019) - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство и бензински пумпи.

Урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) (10,56ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува викенд куќи, деловни објекти, мотели, спорт и рекреација

Детален урбанистички план за Градски парк - Велес - (2008-2013) (15,25ха) - општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, катна гаража, деловни објекти, спорт и рекреација.

Детален урбанистички план дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) (1,40ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи

Детален урбанистички план дел од УЕ 5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) (1,21ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план УЕ 4 и УЕ 9 дел од урбан блок 32, 47 и 48 локалитет „Пазар“– (2008-2013) (6,50ха) Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи, колективно домување, деловни објекти и образование

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6”, УБ „36” (2009-2019) (16,65ха) - Општина Велес. Со планот се предвидува колективно домување.

Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7”, дел од УБ „40”, (0,96ха) (2009-2014) Велес - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на деловен објект.

Во постапка за изработка на Нацрт се следните планови:

Урбанистички план вон населено место Велес Урбана единица1-блок 5 Езеро Младост ЕД (2,91ха) - Општина Велес.Со планот се предвидува доградба на хотел

Детален урбанистички план за Тунел 2 - дел од УЕ 12 - дел од блок УБ 59 (2,3ха) - измена и дополна - Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план за Велес локалитет, дел од урбана единица 01, дел од урбан блок 06 - (помеѓу дел од жел. пруга, дел од станбена ул., дел од ул. “Моша Пијаде”, дел од ул. бр. “5” и дел од КП 1327) (2,93ха) ОПШТИНА ВЕЛЕС ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2009 – 2014. Со планот се предвидува изградба на објекти од мало стопанство.

Детален урбанистички план за УЕ3, дел од урбан блок 24 (плански опфат помеѓу улиците „Благој Ѓорев“ и „Алексо Демниевски“(1,10ха) – Општина Велес. Со планот се предвидува изградба на семејни куќи.

Детален урбанистички план за дел од блок 33 – Општа болница - Општина Велес(3,45ха) . Со планот се предвидува изградба на објекти во кругот на болницата.

**Позиција Ф2 -** Уредување на градежно земјиште

За експропријација, за надзор над изведба на градежни објекти и геодетските услуги од предвидените средства во износ од 3.600.000 денари се потрошени средства во износ од 2.503.063,00 денари односно реализираните се планираните активности во износ од 70%.

**Позиција Ф3 -** Уредување на простор во рурални подрачја

Од предвидените средства во износ од 4.500.000 денари се потрошени средства во износ од 4.430.665,50 денари и остварена е реализација од 98%.

Од ставката уредување на простор во рурални подрачја се изврши Изградба со потребно оградување на детско игралиште во с.Кумарино, се изврши тампонирање на улици во с.Бузалково, се реши делумно проблемот со атмосверски води во с.Горно Оризари, на дел од патот кон Сливник се изврши тампонирање, тампонирање на банкините Велес – Градски гробишта (Раштани), поправка на патот Сујаклари – Кумарино , парковско уредување во с.Горно Оризари, Изведба на крак за фекална канализација во с.Иванковци, тампонирање на пристапен пат кон Пречистителна станица, Пристапен пат за резервоар за с.Црквино, чистење на локален пат кон с.Бузалково, изведба на крак за фекална канализација во с.Бузалково, партерно уредување на простор во центарот на Башино село, приклучување на два крака за фекална канализација во с.Отовица во колекторот, поправка на постоечка фекална канализација во населба Дурутовец, изведба на крак на водоводна линија во с.Иванковци.

**Позиција ФА** - Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000 денари за оваа намена потрошени се средства во износ од 1.084.765,00 денари и остварена е реализација од 54%.

Се изработија проекти за Сервисна улица со паркинг помеѓу ул."Благој Ѓорев" и ул."Прва Комуна" Велес, Новопроектирана улица во УЕ 1 Блок 1 Сателитска населба Езеро Младост, Изградба на новопроектирани сообраќајници 1 и 2 во УЕ 2 Езеро Младост, Проект за подобрување на водоснабдувањето на с.Раштани, Фекална канализација за населено место УБ1, УБ2 Езеро Младост, Атмосверска канализација за с.Горно Оризари, Проект за реконструкција на патен правец Велес с.Бузалково, Реконструкција на патен правец Јазла – с. Иванковци, Потпорен ѕид на ул.Орце Шутев со проширување на почетокот на ул.Орце Шутев и др.

## 3.5. Ј – Комунални дејности

Во програмата за комунални дејности за 2009 беа предвидени средства во износ од 90.195.500, а беа реализирани 61.774.700 односно реализацијата на прогармата изнесува од 68%. Програмата се реализираше по одделни подпрограми чија реализација чие извршување ќе биде подолу образложено:

**Ј0 - Одржување на урбана опрема**

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема со потребни фарбања и промена на оштетени делови при што се потрошија 124.247 денари од предвидените 300.000 ден. (или 41%)

**ЈН - Урбана опрема (капитални расходи)**

Се вршеше континуирано поставување на ракофати и огради по барања на граѓаните и набавка на урбана опрема при што се потрошија 3.288.144 денари од предвидените 3.500.000 ден. или планираните активности се реализираа со 94%.

**ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување**

Се изведе систем за водоснабдување во с.Сливник со учество на невладината организација „Алка“, се изведе резервоар за водоснабдување на с.Црквино со зафатнина од 100м3 (Фонд за води), се отпочна со подобрување на водоснабдувањето во с.Раштани за што се продолжува со градежни активности и во текот на оваа година (Министерство за транспорт и врски).

Од предвидените 7.100.000 денари потрошени се 3.858.395 денари (реализацијата е поголема меѓутоа дел од фактурите за с.Сливник се префрлени за наплата во Програмата за 2010 година) односно реализацијата изнесува 54%.

**Ј2 - Одведување и пречистување на отпадни води**

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосверска канализација (поради појава од невреме и таложење на наноси ), се изградија краци за фекална канализација во с.Бузалково, се изведе продолжување на крак за фекална канализација и Пречистителна станица за 1000 ЕЖ во с.Иванковци, се избетонира отворен канал за атмосверски води на ул.Орце Шутев и др. (при што се потрошија 8.781.147 денари од предвидените 9.100.000 ден. или 96% остварување .

**ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Се изведе фекална канализација во с.Горно Оризари – Зона 3 краци со пречистителна станица.(работата е изведен во износ од 6.000.000,00 денари меѓутоа не е извршено наплата од страна на Министерство за транспорт и врски) Поради тоа реализацијата изнесува 501.893 од предвидените 9.000.000 денари.

**Ј3 - Јавно осветлување**

Од оваа ставка се изврши наплатата за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, се врши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се проширува постоечката мрежа за улично осветлување (ул.Невена Ѓеорѓиева Дуња, Железничка станица, Јовче Тикваров, Тодор Јанев, Првомајска, Кумарино, Чалошево, Оризари, Превалец, Отовица и др.), се поправаат дефекти на постоечката мрежа и дефектите на опремата за улично осцветлување и се изврши набавка на економични светилки во месец декември (монтажата на светилките е започната во 2010 на ул.Владимир Назор, Љубен Весов, Димко Најдов, Луј Пастер, Кирил и Методиј и ќе продолжи се додека набавените 600 светилки не се монтираат). Од предвидените 20.000.000 реализирани се 19.813.312 денари односно планираните активности се реализирани со 99%.

**ЈА – Изградба на јавно осветлување**

Овој дел од програмата е комплетно реализиран со исклучок на осветлување во Индустриска зона Речани поради незаинтересираност за изградба на индустриски објекти во овој дел од Индустриската зона.(се осветлија спортските терени кај Блаже Коневски, се осветли дел од градскиот парк, ул.Игманска –краци, Прокредит академија, ул.Благој Абрашев, ул.100, Отовица). Од предвидените 2.430.000 реализирани се 1.766.439 денари или 73%.

**Ј4 - Јавна чистота**

Согласно Програмата за чистење на јавнопрометни површини за 2008 година во јануари 2009 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за месец декември 2009 година.(реализација 100%)

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**

Се прередија камени коцки на ул.Кирил и Методиј, ул.Орце Шутев, Вера Циривири, Прохор Пчински, Петар Милевски, Јовче Чучук, Ганчо Хаџи Панзов и др.

Се изврши бетонирање на повеќе од 2.000м2 улици со учество на граѓани (ул.Јордан Џурнов, Стојан Бурчевски Буридан, Киро Чауле, Невена Ѓеорѓиева Дуња, Киро Пракицов и др.) се изведе уште една кампада на потпорен ѕид на ул.Маца Овчарова и потпорен ѕид на ул.Вера Виривири.

Зимското одржување на локалните патишта се вршеше, тековно, како и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација, а од ставката редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи се изврши чистење на наноси од елементарни непогоди, тампонирање на улици во населба Речани, тампонирање на улици во с.Оризари, тампонирање на улица Васа Кошулчева, изведба на тротоар на ул.Андон Шурков , поправка на дел од ЈХК Цинот со бехатон, поправка на оштетените делови од локалниот пат Велес – с.Чалошево, се постави метална решетка за прибирање на атмосверски води на ул.Лазо Осмаков и тампонирање на дел од патниот правец Бузалково – Р'левци. Од предвидените 8.400.000 реализирани се 6.822.623 денари односно планираните активности се реализирани во износ од 81%.

**ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Се изврши асфалтирање на дел од ул.Костурска, дел од обиколниот пат Велес – Башино село, дел од ул.Алексо Демниевски и се изврши асвалтирање на дел од патот Чалошево Дурутовец.

Се поплочи со префабрикувани бетонски елементи дел од Сараевска, се изврши поплочување на делови од патот Чалошево Дурутовец и се поплочи со бехатон тротоарот на улица Вардарска.

Бетонирање се изврши на ул.Ката Капчева, бетонирање на две

улици во Населба Превалец, бетонирање на крак од Мите Богоевски, бетонирање на ул.Јане Сандански, изведба на скали на ул.Грозда Кочова, бетонирање на ул.Лазо Трпков, бетонирање на крак од ул.Андон Шурков

Се изврши крпење на улица позади Брако, на ул.Сараевска, Игманска , ул.Лазо Осмаков, ул.Крушевска , ул.Енгелсова, и др.

Изградба на потпорни зидови се изврши изведба на потпорен ѕид на ул.Ганчо Хаџи Панзов, прва фаза од потпорен ѕид на Игманска, потпорен ѕид на ул.Максим Горки, потпорен ѕид на ул.Климент Охридски, потпорен ѕид на ул.Славе Петков, потпорен ѕид на ул.Белградска и потпорен ѕид на ул.Киро Рогужаров.

Од предвидените 12.400.000 реализирани се 8.085.341 денари или реализирани се активност во износ од 65% од планираните.

**ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација**

Извршено е хоризонтално обележување на улиците низ градот и вертикална сигнализација и се изврши замена на легнатите полицајци во вкупен износ од 360.000 денари (реализација 100%).

**Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2009 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавен е

дендро материјал за уредување на жардињерите пред Комерцијална, Стопанска и УНИ банка, како и набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини опишани во ЈМ0. Од предвидените 4.770.000 реализирани се 4.642.496 денари (97%)

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Се уреди зеленилото на ул.11 Октомври , уредување на просторот пред споменикот на Алексо Демниев Бауман, изработка на патека за пристап до малото езерце во Градскиот парк и рампа за инвалиди кај Помошното фудбалско игралиште. Се уреди партер пред зграда на ул.Ленинова, во непосредна близина на ОУ Васил Главинов, ул.Крсте Мисирков (кај перална), ул.Благој Ѓорев (кај Сивиот дом) и партер пред зграда на ул.Андон Шурков , поплочување на патека на ул.Петре Прличков, поставување на бетонски платоа на повеќе локации од градот за поставување на контејнери. Се изврши демонтажа, транспорт и поставување на сплавот од река Вардар на Езеро Младост. Од предвидените 3.353.000 реализирани се 2.587.989 денари (77%)

**Ј8 - Други комунални услуги**

Во стабилизирање на потенцијално нестабилен блок над црквата Свети Пантелејмон со свои средства учествуваше и Општина Велес, а останатиот дел се финансираше со срества од UNDP.

Во 2009 година извршена е пролетна и есенска дератизација на јавнопрометни површини и брегот на реката Вардар од страна на Завод за здравствена заштита Велес ; извршено е авионско третирање против комарци во два наврати; како и редовно и континуирано справување со кучиња скитници согласно Договорот склучен со Ветеринарна станица Велес.

Од предвидените 2.550.000 реализирани се 960.184 денари или 37,65% .

**ЈЛ - Други комунални услуги (Капитални расходи)**

Во потпрограмата ЈЛ - други комунални услуги (капитални расходи) точка 1 е предвидена Адаптација на железничкиот мост на пругата Велес – Кочани и приодите со додавање на конструкција за пешачка патека .

Постапката за изготвување на инвестиционо техничка документација, добивање на сите потребни согласности и добивање на Одобрението за градење за "Адаптација на железничкиот мост на пругата Велес – Кочани и приодите со додавање на конструкција за пешачка патека на локалитет во Велес" бидејќи се работи за градба од втора категорија Одобрението за градење го издава Министерство за транспорт и врски. Одобрението е добиено на 17.09.2009 со број 19 Уп.-537/2 .

По добивање на Одобрени за градење и извршено воведување на избраниот изведувач . Работите се отпочнати во работилница со изработка на деловите од челичната конструкција. Пред отпочнување на монтирање извршен е надзор на деловите од челичната конструкција и констатирани се одредени недостатоци и даден е налог истите да се отстранат. Сето ова допринесе да изведбата на проектот биде не биде реализирана во 2009 година и истата да се пролонгира во 2010 година.

**Р1 - Заштита на животната средина**

Во ставката Анализи на квалитет на животната средина извршени се анализи на водата од водоснабдителен објект Бела вода на Езеро Младост, сопственост на

Општина Велес. Извршени се и мерења на бучава во животната средина и емисии на бучава во соседство од угостителски и други објекти.

Во ставката Б интегрирани еколошки дозволи средствата се искористени за нотарски услуги во постапката на издавање на Дозволи за усогласување со оперативен план и објава на барањата и дозволите во дневен весник, согласно Законот за животна средина .

Во ставката чистење на диви депонии извршено е чистење на неколкугодишната дива депонија во Населба Речани и комплетно е саниран просторот; исчистени се дивите депонии на езеро Младост во два наврати ; изнивелиран е теренот во Градски парк при пуштање во употреба на малата фонтана.

Од предвидените 650.000 реализирани се 292.985 денари или 45,07% реализација.

**Напомена**

Од предвидените средства во износ од 103.445.500 за Програмата за урбано планирање, комунални дејности и заштита на животната средина и природата на Општина Велес за 2009 година реализирани се 71.025.976,50 денари (69%) . Реализацијата е поголема (74,46 %) меѓутоа Министерството за Транспорт и врски не изврши трансвер на средствата за Фекалната канализација во с.Горно Оризари Зона 3 со Пречистителна станица во износ од приближно 6.000.000.

## 3.7. К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во обласа на културата за 2009 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 26.201.048,50 денари. Од овие средства 11.175.000 беа од Буџетот на Општина Велес, а преостанатите од Министерството за култура и други извори.

Во текот на годината Програмата претрпе измени и дополнувања така што средствата од Буџетот на Општина Велес од првично планираните 11.175.000 се намалија на 7.688.829 денари од кои се реализира износ од 6.774.078,50 денари односно реализирана е програмата со 88,10%.

Од Министерството за култура преку оваа програма се трансферирани сретства за блок-дотации на локалните установи од областа на културата – Локалната библиотека и Народниот музеј, како и вкупно 1.030.000 денари за поддршка на културните манифестации од национално значење – „Рацинови средби“, Фестивалот на античка драма „Стоби“ и Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“.

Програмата за култура опфаќа четири дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската години, инвестиции со кои се создаваат уметнички добра, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

**Манифестации**

Во Програмата е предвидено реализирање на 34 манифестации од меѓународен, републички и локален карактер, но некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали, изложби, промоции, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и изнесува преку 100 културни настани. За оваа ставка од Програмата реализирани се 6.182.349,50 денари.

Реализирани Меѓународни културни манифестации се:
46-тите Рацинови средби
VI Меѓународен фолклорен фестивал „Велес"
VIII-тиот Фестивал на античка драма „Стоби"
V-та Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори".

-Презентирање на велешката култура во странство

За Рациновите средби, Фолклорниот фестивал и Фестивалот на античка драма Советот на Општина Велес усвои поединечни наративни и финансиски извештаи подготвени од организационите одбори на манифестациите.

Во рамките на културните настани поврзани со името на Кочо Рацин е и обележувањето на 70 годишнината од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“ во Самобор – Република Хрватска. Настанот беше организиран од Здружението на Македонците во Хрватска, Општина Самобор и Општина Велес.

V-та Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се одржа во јули 2009 година во с. Папрадиште. На неа учествуваа 14 сликари и 7 копаничари. Од учесниците 4 беа гости од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, а останатите беа од Република Македонија и Велес. Раководител на сликарскиот дел од колонијата беше академскиот скулптор Ангел Коруновски, а на копаничарскиот копаничарот Љубомир Бисин. Од колонијата во сопственост на Општина Велес останаа 24 слики масло на платно, 7 длабокореза и 2 рељефа.

Во 2009 година Колонијата се совпадна со големиот јубилеј 150 години од раѓањето и 55 години од смртта на последниот зограф и првиот македонски сликар Димитар Андонов Папрадишки и затоа за своја тема го имаше неговиот живот и творештво.

Делата од колонијата се врамени и за нив е изработен каталог. На јавноста и беа презентирани на изложбата поставена по повод општинскиот празник 9-ти Ноември. Финансиската конструкција на колонијата изнесува 402.000 денари.

Во текот на летниот период од 10-јуни до 8-ми септември реализирани се повеќе културни збиднување на отворен простор во рамките на Велешкото културно лето кое се заокружи со голем концерт на Велешки легенди по повод 8-ми Септември, Денот на независноста на Република Македонија. Во овој период во рамките на Летен културен бран- проект на Министерството за култура, во Велес се одржаа 3 концерта .

Традиционални културни манифестации одржани во 2009 година се: Питијада - избор на Пита мајстор за 2009 год. Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце", Денот на Македонските просветители Св. Кирил и Методиј, Концерт „Илинден“, Недела на детето, Детски рацинови средби, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

Негување на културата, традициите и обичаите на заедниците

На негувањето на културата, традицијата и обичаите во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2009 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува на 6 мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на албанската заедница што годинава се одржа по повод 11-ми Октомври во с. Бузалково. Исто така од Програмата се оддвоени средства за обележување на празниците на Ромите, Турците, Власите и другите припадници на заедниците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие ентитети.

За обележувањето на Денот на Општината 9-ти Ноември беше организирана богата уметничка програма - Концерт на Симон Трпчески, јубилејни концерти на КУД

„Керамичар“ по повод 55 години постоење, настап на гудачкиот квартет „Марија“, изложбата на дела од Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори“ и концерт на младите велешки уметници Орхидеја Дукова, Благој Ламњов и Антоније Аранѓеловиќ.

Актерската награда за животно дело Петре Прличко годинава му беше доделена на актерот Благоја Чоревски.

И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

Во 2009 година беа обележани и два големи јубилеја – 170 години од раѓањето на Рајко Жинзифов и 140 години од раѓањето на Васил Главинов.

Наместо организиран дочек на Нова Година на отворено, годинава се реализираа 12 новогодишни театарски претстави за сите ученици од I-во до IV-то одделение од општината и една претстава за децата со посебни потреби.

**Инвестиции**

Инвестициите во областа на културата согласно Програмата за 2009 година овозможија археолошки истражувања на локалитетот Латински гробишта и тековно одржување на објектите од областа на културата сопственост на Општина Велес. Од оваа ставка на сите основни и средни училишта и на Детската градинка им беа набавени електронски табли за модернизирање и олеснување на наставата.

**Трансфер на средства**

Овој дел од Програмата ги содржи блок дотациите во областа на културата за Локалната библиотека „Гоце Делчев" и Локалната установа Народнен музеј.

**Други расходи**

Во Програмата во Други расходи се планирани средствата за персонален данок, репрезентација на културните манифестации и непредвидени трошоци.

**Начин на реализирање**

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

## 3.8. Л – Спорт и рекреација

Користејќи го законското право Општина Велес и во 2009 година ги делегираше надлежностите од областа на спортот на Здружението на граѓани

"Сојуз на спортови" Велес за реализирање на Програмата во делот што се однесува на спортот.

По донесувањето на Програмата, Сојузот на спортови, во соработка со своите членки спортските клубови, друштва и организации, пристапи кон нејзина практична реализација.

Програмата од областа на спортот во 2009 година опфаќа:

Спортски манифестации
Поддршка на спортски сојузи
Масовна физичка култура
Поддршка на спортот во градот
Инвестиции

**Спортски манифестации**

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаат турнирите во мал фудбал, Турнирот во борење на пеливани, спортската манифестација во боречки вештини и Бон бон куп –забавна спортска манифестација за деца. Од планираните 760.000 денари во оваа ставка на Програмата реализирани се 665.000 денари.

**Подршка на спортски сојузи**

Со цел да вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортски сојузи и нивните активности. Во 2009 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица, Општинскиот фудбалски сојуз и Сојузот на спортови. Сите сојузи во своите програми за 2009 година реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола. За оваа ставка од Програмата за спорт беа планирани 135.000 денари, а реализирани се 115.000 денари. Лига системот наа натпревари во големј фудбал за пионери не се реализираше од страна на ОФС и затоа ставката не е реализирана во целост.

**Масовната физичка култура**

Најмасовна спортска манифестација во 2009 година беше „Отворен спортски ден", манифестација за сите граѓани во чија организација се вклучи Сојузот на училишен спорт, спортските клубови од градот, ОО на Црвениот крст од Велес, НВО секторот и медиумите. На овој масовен спортски настан зедоа учество преку 700 граѓани од најразлична воздаст од ученици до пензионери, во масовните спортови и општествени игри.

Во оваа ставка од Програмата вниманието на јавнота го привлекоа и одржаните градски првенства во спортски риболов и велосипедизам.

За масовна физичка култура беа предвидени вкупно 100.000 денари од кои се реализирани 65.000. Сите планирани активности се реализирани, а заштедата на средства се должи на волонтерската работа на спортските работници.

**Поддршка на спортот во градот**

Согласно основните цели на Програмата, Општината Велес прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт. Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2009 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Велес донесе

Решение за распределба на средства во висина од 1.604.000 денари за поддршка на квалитетниот спорт во градот. Согласно изградените критериуми најголем дел од средствата се доделени на спортски екипи кои се натпреваруваат во првата и втората лига, а потоа редоследно на екипите од пониските спортски рангови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

Во овој дел од Програмата се предвидуваат средства и за поддршка на кадетски и пионерски спортски екипи од кои се потрошени120.000 денари и за поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни натпревари за што се реализирани 95.000 денари.

За поддршка на спортот во градот планирани се 2.300.000 денари, а реализирани се 1.819.000 денари.

**Инвестиции**

Со средства од Буџетот на Општина Велес набавена е спортска опрема и реквизити за потребите на спортските манифестации, вложувано е во одржување на отворени спортски терени, во уредување на игралиштето во Башино Село и други помали инвестиции.

Во оваа ставка беа предвидени 950.000 денари, а реализирани се 490.419 денари.

Вкупно од Буџетот на Општина Велес за 2009 година за Прогрмата за спорт биле планирани 4.245.000 денари, а се реализирани 3.154.419 денари.

Начин на реализирање

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2009 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше здружението на граѓани Сојуз на спортови на која и се делегирани надлежностите од областа на спортот.

## 3.9. М – Социјална заштита и заштита на децата

Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита и заштита на децата преку Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев". За реализација на оваа програма беа планирани средства во износ од **57.330.484** денари кои во најголем дел се однесуваат на блок дотација за плати на вработените во Детската градинка, наменските дотации и средствата од самофинансирање.Во 2008 година за планираните активности во областа на социјалнта заштита и заштита на децата се реализирани средства во вкупен износ од **53.964.296** денари или програмата е реализирана со 94,13 %.

Износот на планираните средства за блок дотацијата изнесува 40.240.484 денари додека во текот на 2009 година истите се реализирани во износ од 39.664.958 денари односно реализирани се средствата во износ од 98,57 %.

Детската градинка работи во 6 клона , во објекти за кои е потребно редовно да се одделуваат средства за одржување и реконструкција. Иако капиталните инвестиции во оваа област се обврска на државата, Општина Велес со средствата од Буџетот на општината во износ од 1.999.263 денари изврши замена на салонитни табли на покривот на клон II во Детската градинка. Покрај ова општината даде поддршка на отворањето на првата спортска сала во објект за згрижување деца од предучилишна возраст, создаде услови за реализирање на завршната програма на Градинката пред пошироката велешка јавност, ги вклучи децата од градинка во сите манифестации кои се подобни за нивна возраст како Априлијада, велигденско јајце, 9-ти Ноември и тн.

Општината даде и целосна поддршка на сите проекти што ОЈУ ДГ „Димче Мирчев" во текот на 2009 година ги реализираше со свои средства и со средства на Министерството за труд и социјална политика.

## 3.10. Н – Образование

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година планирани се средства во износ од 334.682.329 денари а реализирани се 304.224.619 денари или Програмата е реализирана во износ од 90,90 %. Во делот на трансфер на средства се прикажани средствата за блок дотација во основното и средното образование.

Планираните трансфери за основното образование за 2009 година изнесуваат 180.942.733 ден. и истите се реализирани во износ од 177.925.983 ден. или 98,33 %.

Планираните трансфери за 2009 година изнесуваат 109.228.996 ден. за средното образование и истите се реализирани во износ од 104.367.345 ден. или 95,55 %.

**Активности**

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година, во делот Активности се предвидени манифестациите што училиштата самостојно ги организираат на почетокот и крајот на секоја учебна година, како и изборот на најдобар наставник во основното и средното образование чие прогласување е поврзано со обележувањето на Денот на просветните работници 24 Мај. Во 2009 година за најдобар наставник во основното образование беше избрана г-ѓа Македонка Виларова, наставник по македонски јазик во ООУ „Благој Кирков", а за најдобар наставник во средно образование беше прогласен г-дин Јовица Темов, наставник по македонски јазик во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин".

Исто така беше поддржана и републичката манифестација „Образовно рандеву" така што со средства од Буџетот на Општина Велес беше обезбеден превоз на учениците од средните стручни училишта на оваа манифестација.

Сите позиции од овој дел од програмата се реализирани но со големо залагање на училиштата наместо со планираните 130.000 со средства во висина од 38.660 денари.

**Инвестиции**

Во делот Инвестиции планирани беа 3.760.000 денари за реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, поправка на топловодни системи, реконструкција на отворени и затворени спортски објекти. Од планираните средства потрошени се 1.062.565 денари од оваа Програма, за реконструкција на

санитарни јазли во ООУ „Благој Кирков", замена на олуци во Гимназијата „Кочо Рацин и ОСУ „Јовче Тесличков" каде се изврши и санација на поктивот на објектот. Во ООУ „Васил Главинов", ССОУ „Коле Неделковски" и ОСУ„Јовче Тесличков" се инвестираше во замена на ПВЦ врати и прозорци. Во ООУ „Св. Кирил и Методиј" се постави хидроизолација, а во ООУ „Блаже Конески" се интервенираше на топловодната инсталација. Во подрачните училишта во населените места Чолошево, Црквино и Кумарино се извршија неопходни санации во објектите за нормално одвивање на наставата.

**Тековни работи**

Делот од Програмата Тековни работи ги опфаќа позициите за санитарни и медицински прегледи за што од планираните 1.300.000 денари се потрошени 303.485 денари. Ова е од причина што не се реализирани планираните медицински прегледи, а санитарните чинеа помалку од планираните средства.

За осигурување на училишните објекти беа планирани 1.000.000 денари, а заради поволните понуди од осигурителните компании потрошени се само 281.851 денар.

За обезбедување на објектите (видеонадзор) беа планирани 1.000.000 денари но за жал оваа ставка не се реализираше.

Во делот Трансфер на средства прикажани се средствата за блок дотација за основното и средното образование и средствата од самофинансирање.

Вкупно за реализирање на Програмата за активностите на Општина Велес во 2009 година од Буџетот на Општината беа реализирани 1.686.561 денар.

Голем дел од планираните инвестициони активности беа реализирани со средства од Министерството за образование и наука, па затоа и не се искористија планираните средства за инвестиции од Програмата во целост.

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Детските рацинови средби итн. Зачленувањето на првачињата во Светската детска организација беше збогатено со гостување на Театарот за деца „Чекорче" - Скопје со претставата „Еко приказна", за 8-ми Септември во Градскиот парк беше оформено детско катче и се одигра претставата „Штурецот и мравката", Новогодишна театарска претстава и тн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование како на пр. Лига систем натпреварите, бон-бон купот и Отворениот спортски ден итн.

Во Програмата за социјална заштита за одредена категорија ученици бесплатно е поделен училишен прибор и испратени се ученици на рехабилитација.

## 3.11. W – Противпожарна заштита

Со новите надлежности на општините во процесот на децентрализацијата работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари. Во моментот на преземањето од страна на Министерството за внатрешни работи беа укинати средствата за плата за едно лице, кое беше на отслужување на казна затвор.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 25 вработени во ТППЕ планирани се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 10.622.000 денари а реализирани се во износ од 10.181.803 ден.

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година беа планирани 2.3100.000денари од Буџетот на Општина Велес.

Со оглед на фактот дека со Законот за пожарникарство е предвидено финансиско учество на општините кои не формираат Територијална противпожарна единица, во Програмата за 2009 година планирани се 310.000 денари од општините Чашка и Градско, на кои Општина Велес им дава услуги од областа на противпожарната заштита. Меѓутоа, и покрај законската обврска, ниту една од двете општини не уплатија средства за оваа намена на сметката на Општина Велес. И покрај настојувањата на Општина Велес ова прашање да се регулира во текот на извештајниот период, не се постигнати позитивни резултати.

Во текот на 2009 година Општината интервенираше во тековното одржување на зградата, направена е набавка заради докомплетирање на униформата за пожарникарите 9 капи, панталони,маици, чевли, чорапи, вратоврски), а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат.

Во 2009 година за прв пат се планирани 80.000 денари за лекарски прегледи на пожарникарите, од кои се потрошени 54.500 денари.

Во 2009 година продолжи реализацијата на проектот „Операција Флоријан" со фондацијата „Черити" од Обединетото Кралство, преку која ТППЕ од Велес доби големи количини лична опрема за пожарникарите, ПП возило и комбе за пренесување на техничката опрема потребна при гаснење на пожари од поголеми размери. Во 2009 година оваа соработка продолжи на планот на едукацијата на вработените во ТППЕ..

Инаку, планираните и потрошените средства во најголем дел од Програмата за 2009 година се усогласени и се движат во рамките на планираното.

Разлика во планираното и реализираното се јавува во делот на средствата планирани од наплатени премии од каско осигурување, па така наместо планираните 1.500.000 денари реализирани се само 1.288.057 денари. Не се реализирани ниту планираните 310.000 од општините Чашка и Градско, кои имаат обврска во согласност со законот за пожарникарство.

Од планираните приходи ( без наменските дотации од Буџетот на РМ ) од планираните 2.620.000 реализирани се вкупно 1.288.057 денари, додека од планираните 2.620.000 потрошени се 1.372.555 денари.

Според податоците, со добро планирање и менаџирање со средствата, потрошените средства се движат во рамките на планираните расходи според

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година.

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма АО - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.000.000 денари реализирани се во износ од 490.647 денари или 49,06 %. И во програма Д0-Градоначалник, планирани се тековни резерви  и тоа на ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 900.000,00 денари од кои  во 2009 година се рализирани 872.1150денари односно 96,90 % од планираните средства.

Подолу ќе бидат презентирани детални прегледи за трошењето на овие тековни резерви.

**Тековни резерви-Програма А0-Совет на Општина**

| Име презиме | Помош за лекување | Помош од пожар | Помош од поплава | Помош од одрон на карпи | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| Марија Гаврилова | 15.000,00 | | | | 15.000,00 |
| Сашко Андреевски | 9.000,00 | | | | 9.000,00 |
| Лилјана Максимовиќ | 12.000,00 | | | | 12.000,00 |
| Светлана Ангелова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Ѓорѓи Зафиров | 15.000,00 | | | | 15.000,00 |
| Мартин Малинов | 10.000,00 | | | | 10.000,00 |
| Љубе Мирчевски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сузана Ботарева | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Љубомир Димовски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сатки Асановски | 6.000,00 | | | | 6.000,00 |
| Кадир Кадриов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Стефан Пеев | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Сали Зекиров | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Мухамед Алиев | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Муса Муратов | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Милка | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Миткова | | | | | |
| Сенада Исовска | 10.000,00 | | | | 10.000,00 |
| Татјана Лазаревски | 30.000,00 | | | | 30.000,00 |
| Ајше Кадирова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Елизабета Јовчевска | 50.000,00 | | | | 50.000,00 |
| Захиде Демирова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Шезане Усеинова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Алајдин Јашаров | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Нурија Демирова | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Спасев Ангел | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Трајче драскачев | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Христина Николова | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Лилјана Жабева | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Благица Сарагонова | 4.000,00 | | | | 4.000,00 |
| Ненад Петрушевски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Ајдин Дураковски | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Стево Чонков | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Марјан Шијан | 7.000,00 | | | | 7.000,00 |
| Сузана Ончева | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Слободан Андревски | | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| Михајло Михајловски | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| Љубомир Василевски | 2.000,00 | | | | 2.000,00 |
| Александар Јамандиев | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Марија Јосифовска | 5.000,00 | | | | 5.000,00 |
| Румена Теовска | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Веса | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Митрева | | | | | |
| Биљана Бабунска | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Јордан Покрајзидов | 2.000,00 | | | | 2.000,00 |
| Рејхат Усеинова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Силвана Бајрам | | | | 9.500,00 | 9.500,00 |
| Паун Благоевиќ | | | | 12.000,00 | 12.000,00 |
| Серхан Рашидов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Зоран Бараков | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Рукија Ахмедова | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Анде Стојанов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Киро Панов | 3.000,00 | | | | 3.000,00 |
| Вкупно | 302.000,00 | 18.000,00 | 20.000,00 | 21.500,00 | 361.500,00 |

| Име презиме | Учество за подигање биста на Кочо Рацин | Помош за егзистенцијални потреби | За учество на меѓународна олимпијада на математичари | За персонален данок | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Самобор | 61.480,00 | | | | 61.480,00 |
| Стефан Стојчевски | - | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| Кристина Ончева | | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| Јасминка Златарова | | 12.000,00 | | | 12.000,00 |
| Туркијан Брзева | | 5.000.00 | | | 5.000.00 |
| Галип Зејнелова | | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| Загорка Манојлова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Дејанче Давитков | | 6.000,00 | | | 6.000,00 |
| Благој | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стефановски | | | | | |
| Светлана Андонова | | 3.000,00 | | | 3.000,00 |
| Персонален данок | | | | 667,00 | 667,00 |
| Вкупно | 61.480,00 | 47.000,00 | 20.000,00 | 667,00 | 129.147,00 |

Од извештајот се гледа дека на име финансиска помош за лекување е исплатен износ од 302.000,00 денари.За санирање на штети настанати од пожар исплатени се средства во износ од 18.000,00 денари, додека санирање на штети настанати од поплави 20.000,00 денари,а за санација на штети настанати од одрон на карпи се исплатени средства во изнс од 21.500,00 денари.На име финансиска помош за егзистенцијални потреби се исплатени средства во износ од 47.000,00 денари. По одлука на Советот на Општината се исплатени средства за учество на Општина Велес за подигање на биста на Кочо Рацин во Општина Самобор износ од 61.480,00 денари.

**Тековни резерви-Програма Д0-градоначалник**

| Име и презиме | Отпремнина за пензија | Смрт на вработен | Смрт на член на потесно семејство | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|
| Исо | - | 30.000,00 | - | 30.000,00 |
| Благој Страчковски | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Бисера Зафирчевска | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Николче Николов | 33.842,00 | - | - | 33.842,00 |
| Драгољупче Саздов | 34.726,00 | - | - | 34.726,00 |
| Татјана Андовска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Цветанка Настова | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Стојна Ѓорѓиевска | 34.726,00 | - | - | 34.726,00 |
| Верка Анѓушева | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Борис Стефановски | 39.196,00 | - | - | 39.196,00 |
| Соња Давчевска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Крсте Панов | - | 30.000,00 | - | 30.000,00 |
| Зорка Ќимова | | 30.000,00 | 15.000,00 | 45.000,00 |
| Јагода Павловска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Иван Кичуков | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Кирил Унев | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Љубица Михајлова | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Димитар Новачев | 39.526,00 | - | - | 39.526,00 |
| Благојка Атанасова | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Васа Ботинова | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Македонка Синадинова | 39.492,00 | - | - | 39.492,00 |
| Добре Донев | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Мирјана Ризова | 39.526,00 | - | 15.000,00 | 54.526,00 |
| Благојка Јавашева | 40.140,00 | - | - | 40.140,00 |
| Гордана Палашева | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Боро Ристовски | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Василка Боцевска | 39.734,00 | - | - | 39.734,00 |
| Зора Пановска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Елена Јаневска | - | - | 15.000,00 | 15.000,00 |
| Вкупно | 569.152,00 | 90.000,00 | 195.000,00 | 854.152,00 |

| Име и презиме | Боледување подолго од 6 месеци | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|
| Благојка Илиева | 17.963,00 | 17.963,00 |

Од тековни резерви програма До- Градоначалник,на име отпремнина при заминување во пензија исплатени се средства во износ од 569.152,00 денари.Средства по основ на смрт на вработени се исплатени во износ од 90.000,00 денари,а за смрт на член на потесно семејство се исплатени средства во износ од 195.000,00 денари.За боледување подолго од шест месеци исплатено е на едно лице износ од 17.963,00 денари





# ПРИЛОЗИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2011

## 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2011 | Реализирано 2011 | реал/плани 2011 % |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 13.454.000 | 12.055.588 | 89,61 |
| Социјална заштита | 54.453.573 | 52.182.951 | 95,48 |
| Спорт и рекреација | 7.052.234 | 5.106.842 | 72,41 |
| Култура | 27.211.993 | 20.094.581 | 73,84 |
| Образование | 353.311.550 | 327.854.471 | 92,79 |
| Локален економски развој | 13.786.000 | 9.144.545 | 66,33 |
| Програма за уредување на градежно земјиште | 113.400.000 | 53.413.096 | 47,10 |
| Капитални трошоци на Општината | 1.700.000 | 521.299 | 30,66 |
| Општинска администрација | 39.690.786 | 33.559.730 | 84,55 |
| Месна самоуправа | 200.000 | 109.293 | 54,65 |
| Градоначалник | 3.375.000 | 2.542.529 | 75,33 |
| Совет на Општина | 13.658.689 | 8.721.831 | 63,86 |
| Донации | 440.880 | / | / |
| **Вкупно** | **641.734.705** | **525.306.757** | **81,86** |




### 3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 13.658.689 денари реализирани се 8.721.831 денари односно реализирана е програмата на советот со 63,85 %.

Советот на Општина Велес во 2011 година одржа 19 работни и две вонредни седница. За работењето на членовите на советот во 2011 година на име надоместоци исплатени се 3.934.111 денари, односно 45,11 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 135.000 ден односно 1,55 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста“, „Пограма за активностите на општина Велес во области на меѓународната соработка “, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот“и „Програма за активностите на општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по поодделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА ЗА 2011 ГОДИНА.

1. Основа

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2011 година беше фокусирана на комуникацијата со специфични целни групи.

Генерално, програмата целеше кон подобрување на комуникациските капацитети и обезбедување на ефикасна, ефективна комуникација со различните целни групи на граѓани (граѓаните даночни обврзници, туристи, посетители и др).

2. Имплементација

Во 2011 година, врз основа на Програмата од вкупно планираните 2.220.000 денари, реализирани се 254.548 денари

Во рамките на програмата од вкупно планирани 300.000 денари за објавување на соопштенија за јавност во рамките на комуникацијата со различни целни групи на граѓани се реализирани 116.970 денари.

За реализација на кампања за наплата на даноци од планираните 150.000 денари реализирани се 17.672 денари.

Во рамките на програмата 98.530 денари се реализирани за услуги за копирање, печатење и издавање на промотивни материјали, а 21.358 денари се реализирани за други оперативни расходи.

Заклучок:

Програмата е реализирана согласно потребите во текот на годината. Реализацијата на Извештајот за изведбата согласно динамиката на доставување на податоци и показатели од секторите и одделенијата и насоките на Словенечкиот институт за метрологија и квалитет е пренесена во 2012 година како и реализацијата на Стратегијата за комуникација со јавност.

- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ЗА 2011 ГОДИНА.

1. Основа

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Меѓународната соработка во 2011 година беше насочена кон продлабочување на меѓународната соработка со фокус на соработката со збратимените и градовите пријатели. Програмата овозможи размена на искуства во контекст на евроинтегративните процеси и промоција на културните, економските и туристичките потенцијали на Велес на меѓународен план.

2. Имплементација

Од вкупно планираните 1.853.689 денари, врз основа на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2011 година се реализирани 1.012.717 денари.

За организиран престој на делегации во Велес реализирани се 651.345 денари од кои 349.657 денари за услуги за сместување и патување, а 107.566 денари за транспорт на луѓе, 181.747 денари за репрезентација, 2.310 денари

за прехрамбени продукти и пијалоци. За други оперативни расходи се реализирани 8.399 денари, а за други трансфери 1.500 денари.
Средствата се реализирани за пречек и сместување на гости од збратимените и градовите пријатели..
За организиран престој на Делегации на Општина Велес во странство, во 2011 година реализирани се 70.303 денари од кои 27.077 денари се реализирани за патувања во странство, 3.959 денари се реализирани за други материјали, 15.050 денари за репрезентација, а 23.958 денари се реализирани за други оперативни расходи.
За реализација на активностите од оските на Програмата за децентрализирана соработка на Република Македонија со регионот Долна Нормандија, Република Франција реализирани се 207.524 денари.
За учество на Општина Велес на саемот „Вироекспо“ 2011 реализирани се 35.400 денари.
За други оперативни расходи реализирани се 48.144 денари.

Заклучок:
Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка е во целост остварена. Покрај продлабочувањето на соработката на билатерален план, општината започна со реализацијата на проектни апликации во рамките на Програмите на заедницата на Европската Унија го зголеми бројот на збратимени и градови пријатели и активно се вклучи во Програмата за децентрализирана соработка на Република Македонија со регионот Долна Нормандија.

- ПОДДРШКА НА НВО СЕКТОРОТ

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2011 година беше димензионирана на 740.000 денари.
За учество во реализација на партнерски проекти со здруженија на граѓани предвидени се 300.000 денари.
Во 2011 година посебно беше изразена соработката со здруженијата на граѓани од областа на заштитата на животната средина, областа на културата. Особено се издвојува проектот на ЗГ „Разбој“ – Етно работилници, како и производството на сувенири. Во 2011 година голема активност пројавија невладините организации од заедниците што живеат на територијата на Општина Велес за промовирање на својата култура, традиција и обичаи. Голем успех постигна Здржението на Турците кое воведе традиција на презентирање на турската култура на живеење преку отворен ден на Турците во манифестацијата „Денови на Кемал Ататурк“.
Процентот на реализација на оваа програма е 69,20%. Овој процент го покажува нивото на реализирани активности и доставени барања од здруженија на граѓани, но не и средствата потрошени од оваа програма.

### 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 3.375.000 денари во буџетот а реализирани се 2.542.529 ден. односно 75,33 %.
Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.086.062 денари односно 42,72 %. Од тековните резерви

во програмата на градоначалник се потрошени 135.000 денари или 5,31 % и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општинските установи.За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции се исплатени средства во вкупен износ од 1.173.732 денари односно 46,16 % од вкупната реализација. Остатокот од средствата во износ од 147.735 денари односно 5,81 % се исплатени на име патни и дневни трошоци, комунални услуги, комуникации и транспорт.

## 3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на ова програма беа предвидени средства во износ од 41.390.786 денари, а се реализирани 34.081.029 денари или 82,33 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 19.252.035 ден односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 56,48 %. За стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги,други тековни расходи и привремени вработувања) се потрошени 14.193.495 ден или 41,64 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 521.299 денари или 1,52 % . Најголем дел се реализирани за набавка опрема и машини и реконструкција на делови од имотот на Општината.

## 3.4. Г- Локален економски развој

Извештај за реализирани активности на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и информатичката технологија во 2011 година.

**Развојни приоритети и цели**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој и развојот (ЛЕР)на информатичката технологија, во текот на 2011 година беа насочени кон три цели.

Продолжување со подготовка на елаборати и проекти во делот на енергетската ефикасност, со цел да се заокружи овој процес, а истовремено да се создадат можности за практична имплементација на дефинираните мерки во објектите управувани од страна на општината. На овој начин континуирано се остваруваат стратешките цели поврзани со потребата за намалување на трошоците во делот на употребата на енергенсите, добротот управување и подобрување на севкупните услови.

Доизградба на инфраструкурата на Езеро Младост. И оваа година, како и неколкуте предходни, ќе се продолжи со подобрување на условите и развој на инфраструктурата на Езерото Младост.

Велес е центар на Вардарскиот плански регион и носител на развојот во регионот во Централна Македонија. Затоа во делот на информатичката технологија, оваа година посебно внимание е посветено на регионалниот

контекст. Општина Велес покрај тековните проекти започнати предходната година поврзани со интеграцијата (поврзување во единствен информатички систем) и подобрувањето на работата на Советот на Општина Велес, администрацијата и Градоначалникот, ќе се обиде да го промовира Велес како ИТ центар во регионот, особено во делот на образовно – административните ИТ системи.

Проектни активности и реализација

Генерално, проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР и ИТ ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, нејзин организациски развој и зајакнување на капацитетите и ќе обезбедат подобри услуги кон граѓаните, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

| Програма | Назив | Планирано | Потрошено | Реализација | Статус |
|---|---|---|---|---|---|
| Г1 | 11-Г1.ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РЕГИО.РАЗ.ВАРД.ПЛАНС | 550.000,00 | 550.000,00 | 100,00% | Реализиран |
| Г1 | 11-Г1.ТРОШОЦИ ЗА ОДРЖУВ.НА АПЛИКАЦИИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА | 354.000,00 | 153.324,00 | 43,31% | Реализиран |
| Г1 | 11-Г1.ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ХАРДВЕР И СОФТВЕР | 300.000,00 | 101.034,00 | 33,68% | Реализиран |
| Г1 | 11-Г1.СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ОБУКИ | 300.000,00 | - | 0,00% | Одложен |
| Г2 | 11-Г2.УЧЕС. ВО ПРОЕКТ ПРОТОПОР-СОРАБ.СО ТЕРМАИКО Г | 482.000,00 | - | 0,00% | Одложен |
| Г2 | 11-Г2-НАСТАП НА САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | 300.000,00 | 36.900,00 | 12,30% | Реализиран |
| Г2 | 11-Г2.ПОДГОТОВКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ | 350.000,00 | 201.510,00 | 57,57% | Реализиран |
| Г2 | 11-Г2.ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ | 100.000,00 | - | 0,00% | Во тек |
| ГА | 11-ГА.ИМПЛЕ.НА МЕРКИ-ЕНЕР.ЕФ.ВО ОБЈЕКТИ УПР.ОД ОПШ | 600.000,00 | - | 0,00% | Одложен |
| ГА | 11-ГА.ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАС.НА ЕЗ.МЛАДОСТ | 3.000.000,00 | 2.184.938,00 | 72,83% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.ИЗГРАДБА НА ВОДОВ.ИНФРАС.ВО ИНД.ЗОНА РЕЧАНИ2 | 500.000,00 | 246.419,00 | 49,28% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.КУПУВАЊЕ НА ИНФОР.ОПРЕМА - ХАРДВЕР | 930.000,00 | 817.179,00 | 87,87% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕН.НА ПЛАТФОРМА ЗА ЕЛ.УСЛУГИ | 1.400.000,00 | 1.097.400,00 | 78,39% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.РАЗВОЈ И ИМП.НА ИНТЕГ.РЕШЕНИЕ ЗА РАБОТА НА С | 1.120.000,00 | 1.050.000,00 | 93,75% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.НАБАВКА НА САТЕЛИТСКА СНИМКА | 360.000,00 | - | 0,00% | Во тек |
| ГА | 11-ГА.НАБАВКА НА ХАРДВЕР, СОФТВЕР И ЛИЦЕНЦИ | 1.220.000,00 | 915.117,00 | 75,01% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.СЛОБОДНА ИНТЕР.ПРИС.ТОЧКА - МЛАДИНСКИ ПАРК | 95.000,00 | - | 0,00% | Реализиран |
| ГА | 11-ГА.ИЗРА.ЕНЕРГЕТСКИ КОНТРОЛИ СО ДЕТАЛНИ ИЗ.ЗА ЕН | 1.850.000,00 | 1.557.600,00 | 84,19% | Реализиран |
| | **Вкупно** | **13.811.000,00** | **8.911.421,00** | **64,52%** | |

Мора да се има во предвид дека активностите на одделението, во делот на информатичката технологија, во значителен дел беа ориентирани

кон целосна имплементација на новата платформа за електронски услуги, новиата web страна за туристичка промоција, новото решение за работата на советот и усогласувањата на електронскиот систем за управување со документи, согласно барањата на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2008.

## 3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 9.400.000 денари а реализирани се 2.935.484 денари или 31,23 %. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции ( потпрограми).

**Позиција Ф1** - Урбанистичко планирање

1.ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место се изработија урбанистички проекти за :

Дел од Велес - локалитет 9ти ноември - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. "Благој Ѓорев", ул. "Тодор Јанев", пешачка улица и ул. "8ма Велешка Бригада") - Општина Велес

Детален урбанистички план за дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 Општина Велес

Детален урбанистички план за дел од урбана единица 09 , дел од урбан блок 47 – помеѓу дел од ул. Ордан Џинот , дел од ул. Стеван Богоев и КП 9804 - Општина Велес.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 42.480,00 денари (2,12%)

**Позиција Ф2** - Уредување на градежно земјиште

За експропријација, за надзор над изведба на градежни објекти и геодетските услуги од предвидените средства во износ од 2.400.000,00 денари се потрошени средства во износ од 547.774,00 денари (22,82%).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2011 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа нумерички и ажурирани подлоги.

**Позиција Ф3** - Уредување на простор во рурални подрачја

Од ставката уредување на простор во рурални подрачја се изврши: тампонирање со дробен камен од 0 до 60 со потребно планирање и набивање на пристапниот пат од Езерото Младост до село Сопот во должина од 450м; се изврши тампонирање со дробен камен од 0 до 60 со потребно планирање и набивање на пристапен пат во Населба Речани; се изврши пробивање и тампонирање со поставување на бетонски ивичњаци на пристапна улица кон новоизведени објекти во Населба Хабитат; се изврши тампонирање и

асфалтирање на улица во с.Горно Оризари во должина од 220м и се изврши тампонирање на банкини на локалниот пат Велес - Бузалково и др.

Од предвидените средства во износ од 3.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 899.299,00 денари (29,98 %).

**Позиција ФА** - Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура.

Се изработија проекти за новопроектирана улица паралелна со Тодор Јанев; за новопроектирана улица покрај театарот ( за поврзување на улица Благој Ѓорев со улица Алексо Демниевски); за колско пешачка патека спој на улица Марксова со улица Андон Шурков до надвозникот на битолска пруга; за новопроектирана улица поврзување на улица Киро Чауле со улица Луј Пастер; за сервисна улица помеѓу Благој Ѓорев и Прва Комуна; две раскрсници за кружно одвивање на сообраќајот (кружна раскрсница помеѓу улиците Благој Ѓорев, Осма Велешка Бригада, Народен Фронт и Тодор Јанев и кружна раскрсница спој на регионалниот пат R 526 и R 103); Проект за реконструкција на патен правец Велес-с.Бузалково, Реконструкција на патен правец Јазла – с. Иванковци; Проект за водоснабдување на Езеро Младост од градскиот водоснабдителен систем; Анекс на проект за водоснабдување на Езеро Младост, Инфраструктура за Населба Хабитат (улици, водовод и канализација); Локална урбанистичка планска документација за пешачка патека Езеро Младост, Реконструкција на улица Стојан Бурчевски Буридан; Основен проект за разводна мрежа во с.Сливник и проект за канализациона мрежа во с.Сливник, како и потребна ревизија на целокупната изготвена инвестиционо техничка документација.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.445.931,50 денари (72,30%).

### 3.6. Ј – Комунални дејности

Во програмата за комунални дејности и заштита на животна средина за 2011 беа предвидени средства во износ од 104.000.000 денари а беа реализирани 50.477.612 денари односно реализацијата на програмата изнесува од 48,53 %. Програмата се реализираше по одделни подпрограми чија реализација чие извршување ќе биде подолу образложено:

**Ј0 - Одржување на урбана опрема**

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема со потребни фарбања и промена на оштетени делови.

Од предвидените средства во износ од 500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 451.796,00 денари (90,36%).

**ЈН - Урбана опрема (капитални расходи)**

Во текот на цела година се врши одружување на урбаната опрема и се поставува нова. На барања на граѓани се поставуваа клупи, кош со обрач и

конструкција, ракометни стативи, огради од плетена мрежа, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Во 2011 година се поставени повеќе од 700м ракофати и повеќе од 250м огради.

Од предвидените средства во износ од 1.800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.659.833,50 денари (92,22 %).

**Ј1 Снабдување со вода**

Се изведе нова водоводна линија за улица 1 во населба Хабитат на должина од 130м. Во сателитска Населба Езеро Младост се изведе нова водоводна линија во должина од 343м ПЕ 100 НД 110 од 10 бари и 918,50м ПЕ 100 НД 160 од 10 бари и се изврши реконструкција со поставување на нови цевки за носење на вода до селската чешма во Башино село и тоа ПЕ 100 НД 90/10 бари.

Од предвидените средства во износ од 600.000,00 денари се потрошени средства во износ од 176.278,50 денари односно 29,38 %.

**ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување**

Предвидените средства не се реализирани бидејќи средствата беа наменети како учество во одобрени проекти . Со оглед на фактот дека не се одобрија средства ниту од еден инвеститор не се реализираше оваа ставка.

Од предвидените средства во износ од 1.850.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0 %).

**Ј2 - Одведување и пречистување на отпадни води**

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосферска канализација (поради таложење на наноси) и тоа канал за атмосверска вода кај Ветеринарна станица, канал за атмосверска вода кај Историски архив, во населба Речани и др., на улица Белградска се изврши прибирање на атмосверските води со поставување на вибропресовани армирано бетонски цевки ф400; во викенд Населба на Езеро Младост се изведе прибирање на атмосверските води со поставување на вибропресовани армирано бетонски цевки ф400; се изведе атмосверска канализација на улица Родна Ивева со изведба на армирано бетонски канал; се изведе нова канализациона линија за улица 1 во населба Хабитат на должина од 57м ф250 и 72м ф200.

Од предвидените средства во износ од 4.900.000,00 денари се потрошени средства во износ од 444.906,00 денари (9,1 %).

**ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Се пушти во работа пречистителна станица за 400ЕЖ во с.Горно Оризари – Зона 3 ; во с.Сујаклари се изведе канализациона линија со

поставување на 264м коругирани канализациони цевки ф200; се реализираше канализациона линија крак на Езеро Младост 450м; се изведоа две линии во Населба Речани со вкупна должина од 1км, се изведе шахта за прибирање на фекални води кај Стар мост и се вршеше редовно одржување на фекалните канализации на територијата на општина Велес.

Од предвидените средства во износ од 7.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 712.389,00 денари (9,50 %).

**Ј3 - Јавно осветлување**

Од оваа ставка се изврши плаќањето за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се прошируваше постоечката мрежа за улично осветлување, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите како и дислокација на ормари надвор од трафостаница.

Од предвидените средства во износ од 18.200.000,00 денари се потрошени средства во износ од 18.009.445,00 денари (98,95%).

**ЈА – Изградба на јавно осветлување**

Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во с. Мамутчево, во с.Чалошево, кај Мишелинко, на улица Игманска, Населба Речани кај рампата, пред Пролет Комерц, кон Петров мебел и др. Се постави кабел 2х16 во должина повеќе од 1км за проширување на мрежата. Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во с.Бузалково во должина поголема од 800м. Се осветли просторот од Бензиска пумпа до рампата на скопски пат.

Се вршеше проширување на мрежата за улично на улица Родна Ивева и Маца Овчарова.

Се изврши Новогодишно украсување на градот.

Од предвидените средства во износ од 3.600.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.648.366,00 денари (45,79 %).

**Ј4 - Јавна чистота**

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота за 2011 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за реализираните активности на чистење, миење и одржување на јавните површини , како и чистење на снег и мраз во зимски услови за 2011 година.

Извештајот за реализираните работи согласно Програмата за 2011 година ќе биде доставен на разгледување од страна на Советот на Општина Велес.

Од предвидените средства во износ од 10.000.000,00 денари се исплатени средства во износ од 9.943.685,00 денари (99,44 %).

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**

Во 2011 година реализирано е: Поплочување постоечките скали на потегот од сервисната улица за пристап кон градинката до потокот; скалите кој ги поврзуваат двете платоа на градскиот пазар; се уреди Градскиот парк со монтажа на ивичњаци, се поплочи нова трим патека со должина од 600м .
Во 2011 година се бетонирани следните улици:

- Се избетонира дел од улица Стојан Бурчевски Буридан
- Се избетонира улица Јордан Џурнов на површина од 780,00м2
- Се изврши санирање на бетонската улица Славе Петков со бетонирање на 123м2
- Се изврши бетонирање на дел од улица Игманска (70м2)
- Бетонирање на дел од улица Родна Ивева
- Се поплочи со камени коцки крак на улица Васа Кошулчева
- Се изработи тротоар на улица Димче Мирчев

Во 2011 година се бетонирани следните потпорни ѕидови:

- Се изведе потпорен ѕид на улица Роса Плавева
- Се избетонира парапетен ѕид на улица Богдан Каракостев и Јовче Чучук
- Се избетонира бетонско плато на улица Андон Шурков
- Се изведе потпорен ѕид на улица Раштански пат
- Се изведе потпорен ѕид на улица Коле Цветков
- Се расчисти теренот од срушен потпорен ѕид и се изведе нов на улица Сараевска
- Се изведе потпорниот ѕид на улицата во Населба Хабитат со должина над 20м и променлива висина од 2,3 до 2,7м
- Се изведе потпорен ѕид на улица Тодор Ацев и на улица Милан Страчков
- Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој асфалт

Се изврши прередување на дел од улици со завршен слој камени коцки на улица Крали Марко, Васа Кошулчева, на просторот пред Спомен Костурница и делумно прередување на камени коцки на улица Петре Милевски. Во повеќе наврати се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој бетон и асфалт. Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно, како и одржувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација. Се изврши изведба на хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др.

Од предвидените средства во износ од 10.900.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.507.560,00 денари (41,35 %).

**ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Се изврши пробивање, тампонирање и поставување на ивичњаци на улица во Населба Хабитат ; се избетонира дел од улица Стојан Бурчевски Буридан и се изведоа неколку пропусти за прифаќање и одведување на атмосверските води на локалниот пат Бузалково 'Рлевци.

Се изврши бетонирање на улица Ванчо А Ѓакот.

Се асфалтираше улица во село Оризари.

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал со кој граѓаните сами извршија зафати за обезбедување на теренот.

Од предвидените средства во износ од 25.950.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.430.955,00 денари (13,22 %).

**ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација**

Се изврши поставување на легнати полицајци во Населба Превалец.

Од предвидените средства во износ од 250.000,00 денари се потрошени средства во износ од 99.120,00 денари (39,65 %).

**Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2011 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини опишани во ЈМ0. Уредени се висечките жардињери кои се поставени на светлечките столбови во Младински парк, на Стар мост и Нов мост, Кејот на реката Вардар и на улица Димитар Влахов.

Од предвидените средства во износ од 5.250.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.959.117,50 денари (94,46 %).

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Набавен е материјал за хортикултурно уредување на новоизведените жардињери на улица Благој Ѓорев наспроти Гимназијата Кочо Рацин, на улица Димитар Влахов наспроти поранешен хотел Вила Зора, жардињера КЈУБИ, и уредување на новите зелени површини во Градскиот парк.

Од предвидените средства во износ од 3.000.000 денари се потрошени средства во износ од 1.959.136,50 денари (65,30 %).

**Ј8 - Други комунални услуги**

Во 2011 година извршена е пролетна и есенска дератизација на јавно прометни површини и брегот на реката Вардар од страна на ЗЗЗ Велес; извршено е авионско третирање против комарци во два наврати; како и редовно и континуирано справување со кучиња скитници согласно Договорот склучен со Ветеринарна станица Велес.

Од предвидените средства во износ од 2.050.000,00 денари се потрошени средства во износ од 685.092,00 денари (33,42 %).

**ЈЛ - Други комунални услуги (Капитални расходи)**

Се уреди Градскиот парк со монтажа на ивичњаци, се поплочи нова трим патека со должина од 600м и се изврши реконструкција на дел од зелените површини.

Од предвидените средства во износ од 5.700.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.627.221,00 денари (28,55 %).

**Ј9 Одржување на простори за паркирање**

Од предвидените средства во износ од 200.000,00 денари не се потрошени средства - (0,00 %) реализација.

**ЈЕ Изградба на простор за паркирање**

Од предвидените средства во износ од 1.100.000,00 денари не се потрошени средства - (0,00 %) реализација.

**П1 - Заштита на животната средина**

Во ставката Анализи на квалитет на животната средина извршени се мерења на загадувачки материи во животната средина и имисии на бучава во соседство од угостителски и други објекти.
Во ставката чистење на диви депонии извршено е чистење на дива депонија на улица Васил Иљоски и на улица Вера Циривири.

Од предвидените средства во износ од 650.000,00 денари се потрошени средства во износ од 162.710,50 денари (25,00 %).

## 3.7. К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2011 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 27.211.993 денари. Од овие средства 8.750.000 беа од Буџетот на Општина Велес, средства од 1.980.811 денари се сопствени приходи на културните установи а преостанатите средства во износ од 16.481.182 денари се од

Министерството за култура. Средствата од Министерството за култура се однесуваат на блок-дотациите наменети за локалните установи од областа на културата.

За поддршка на културните манифестации од национално значење – „Рацинови средби“ и Фестивалот на античка драма „Стоби“ и за проектот на Министерството за култура Топол културен бран на Општина Велес од Министерството за култура беа трансферирани 915.000 денари.

Програмата за култура опфаќа седум дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, поддршка на проекти, годишнини, инвестиции со кои се создаваат уметнички добра, поддршка на локални установи, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

**Манифестации**

Во Програмата е предвидено реализирање на 46 манифестации од меѓународен, републички и локален карактер, но некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали, изложби, промоции, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и изнесува преку 100. За реализирање на културни манифестации во 2011 година предвидени се средства во вкупен износ од 8.000.000 денари од кои од Општината се издвоени средства од 5.950.000 денари и од Министерството 2.050.000 денари.

Реализирани се четири меѓународни културни манифестации (Рацинови средби, Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, Интернационален фестивал за античка драма „Стоби“, Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“)

Реализирањето на Интернационалниот фестивал за античка драма „Стоби“ оваа година со одлука на Советот на Општина Велес му беше делегирана на ЗГ „фестивал за античка драма „Стоби“.

Реализирани се повеќе проекти со здруженија на граѓани како Младински фестивал на алтернативни театри „Импакт“, Грнчарска работилница, Етно работилници во куќите на уметноста (грнчарска и ткајачка), „Денови на Кемал Ататутк“,

Во делот годишнини на значајни личности и настани реализирани се бројни свечености по повод државни празници и јубилеи на истакнати велешани од македонската историја (Петар Поп-Арсов, Панко Брашнар, Коле Неделковски и ЈЦК Џинот). По повод јубилејот изработена е трајна поставка за животот и делото на Џинот во спомен собата на Џинот во ќуќата-музеј на ЈХК Џинот, одржан е симпозиум на тема Џинот живот и дело и изработен е промотивен материјал за Џинот.

Оваа година презентацијата на велешката култура во странство беше во давање поддршка на КУД за учество на фестивали во Бугарија, Турција и Романија и гостување на Градскиот црковен хор во Виена.

Донесена е одлука за седиште на Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори“и депо за уметнички дела во куќата музеј Касапови.

Традиционални културни манифестации одржани во 2011 година се: Питијада – што по втор пат се одржа на отворено, во ноември, Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце", Денот на Македонските просветители

Св. Кирил и Методиј, Недела на детето, Детски Рацинови средби, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

На негувањето на културата, традицијата и обичаите во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува во мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на албанската заедница, „Денови на Кемал Ататурк", манифестација на која се презентира турската традиција и култура.Исто така од Програмата се одвоени средства за обележување на празниците и на другите припадници на заедниците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие етнитети.

За обележувањето на Денот на Општината 9-ти Ноември беше организирана богата уметничка програма, врачување на Актерската награда за животно дело „Петре Прличко" што годинава му беше доделена на актерот Борис Чоревски и изложба на дела создадени на Колонијата „Папрадишки мајстори".

Во 2011 година по втор пат бше обележан и патронот на Велес „Свети Пантелејмон", светец заштитник што се слави на 9 август.

И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

По повод Новата Година беше организирана свеченост на која беа врачени награди за најуспешни работници во јавните служби и договори за стипендирање на талентираните ученици и студенти.

На платото пред Основниот суд беше поставена отворена новогодишна сцена на која во текот на три дена имаше можност да се претстави секој што се занимава со музика или некој друг вид уметност. Во новогодишната ноќ настапија повеќе естрадни уметници од Република Македонија.

**Начин на реализирање**

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2011 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

Процентот на реализација на Програмата за култура вклучително работењето на културните установи и реализирањето на културните манифестации изнесува 73,84 %.

### 3.8. Л – Спорт и рекреација

Користејќи го законското право Општина Велес и во 2011 година ги делегираше надлежностите од областа на спортот на Здружението на граѓани Сојуз на спортови Велес за реализирање на Програмата за спорт.

По донесувањето на Програмата, Сојузот на спортови во соработка со општинската администрација пристапи кон нејзина практична реализација.

Програмата од областа на спортот во 2011 година беше димензионирана на 7.052.234 денари и опфаќа:

Спортски манифестации
Поддршка на спортски сојузи
Масовна физичка култура
Поддршка на спортот во градот
Инвестиции

Финансиската поддршка на спортски манифестации, поддршка на активностите на спортски сојузи и поддршка на масовна физичка култура во програмата е планирана со вкупно 2.790.000 денари додека за истата намена се реализирани во износ од 1.973.607 денари односно 70,74%.

Поддршка на спортот во градот – надомест за користење на спортски објекти за квалитетен спорт и пионерски и кадетски спортски екипи беше планирана во висина од 2.650.000 денари додека за намената за поддршка на спортот во градот се реализирани во износ од 2.398.000 денари или 90,49%.

И за инвестиции во областа на спортот на територијата на општина Велес се предвидени 1.612.234 денари додека за истата намена се потрошени средства во износ од 735.234 денари односно 45,60%.

Вкупниот процентот на реализација на Програмата за спорт за 2011 година изнесува 72,41%.

Со програмата се даде поддршка на спортисти од Општина Велес за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри.

Поставување и набавка на спортска опрема и реквизити
Реконструкција и одржување на спортски терени и спортски објекти
Уредување на патека на р.Вардар за кајак на диви води
Реконструкција и санација на градското стрелиште
Уредување на игралиште за одбојка на песок
Изготвена Стратегија за млади за периодот 2012-2016 година.

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаа турнирите во мал фудбал, Турнирот во борење на пеливани, спортската манифестација во боречки вештини, Вардарската регата „Гемиџии“, меморијалните турнири во сите спортови и отворените забавни фудбалски школи.

Со цел да се вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности. Во 2011 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица, Општинскиот фудбалски сојуз и Сојузот на спортови. Сите сојузи во своите програми за 2011 година

реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола.

Вниманието на јавноста особено го привлекоа и одржаните градски првенства во спортски риболов, стрелаштво, одбојка на песок, тенис и велосипедизам.

Сите планирани активности се реализирани со помош на несебичното залагање и волонтерската работа на спортските работници.

Согласно основните цели на Програмата, Општината Велес прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт. Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2011 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Велес донесе Решение за распределба на средства во висина од 2.300.000 денари за поддршка на квалитетниот спорт во градот. Согласно изградените критериуми најголем дел од средствата се доделени на спортски екипи кои се натпреваруваат во првата и втората лига, а потоа редоследно на екипите од пониските спортски рангови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

Во овој дел од Програмата се предвидуваат средства и за поддршка на пионерски спортски екипи и за поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни натпревари.

**Начин на реализирање**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2011 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше здружението на граѓани Сојуз на спортови на која и се делегирани надлежностите од областа на спортот.

## 3.9. В – Социјална заштита и заштита на децата

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2011 година е димензионирана на 56.733.574 денари. Од кои 2.560.000 од Буџетот на Општина Велес, а останатите се блок-дотации од Министерството за труд и социјална политика наменети за Локалната установа Детска градинка „Димче Мирчев“ како и сопствени приходи на детската градинка. Изразено во проценти оваа програма е реализирана во износ од 95,48 % во однос на планираните средства.

Средствата во Програмата се распределени на:
Социјална поддршка на заедницата
Општина по мерка на детето
Лица со хендикеп
Меѓуинституционална соработка
Родова рамноправност
Грижа за стари лица
Меѓуопштинска соработка
Инвестиции
Трансфер на средства

Во оваа Програмата се предвидени најмалку средства што не значи дека има и најмалку активности. Напротив, голем дел од активностите се сведуваат на волонтерски активности и активности поврзани во образовните институции, ПЕ на министерствата и невладините организации:

Финансиска поддршка на социјално загрозени семејства

Еднократна парична помош на семејства настрадани во елементарни непогоди (500.000 ден.)

Поддршка на лица жртви на семејно насилство

Набавка на училишен прибор за деца без родители и родителска грижа

Финанскиска помош на лица припадници на маргинализирани групи

Социјална инклузија на воспитно запуштени деца во ОЈУ ДГ „Димче Мирчев".

Изготвен ЛАПЛИ- Локална агенда за лица со онвалидност 2011-2015

Поддршка на рехабилитација на воздушна бања на деца со респираторни заболувања

Набавка на новогодишни подароци на деца без родители и родителска грижа

Учество во партнерски проекти со невладини организации од областа на социјалната и здравствена заштита (трибини, работилници, едукации за превенција, донации )

Поддршка на проектни активности на ЗГ од областа на социјалната и здравствената заштита и родовата рамноправност

Поддршка на активности на лица со церебрална парализа и слепи лица

Активности за поддршка на стари лица

Лекарски прегледи за лица со дијабетис,

Печатење на звучно списание за слепи лица „Зрак"

Во Декадата на Роми со оваа програма се поддржуваат проекти на ГО, а континуирано веќе четврта година се дава поддршка на проектот за инклузија на ромските деца во предучилишните установи.

Стартуваше проектот Грижа за стари лица во домашни услови во партнерство со ОО на Црвен крст.

За обележување на Денот на лицата со хендикеп се поддржаа активностите на ПОУ „Маца Овчарова" и Центарот на лица со посебни потреби, се поддржуваа и се организираа хуманитарни акции.

Едукативниот дел од областа на социјалната заштита во 2011 година беше насочен кон: работилници со средношколска популација за превентива од болести на зависности, работилници за превенција од семејно насилство со жени во рурални средини и градот, воспитно-едукативни работилници за сексуално воспитување на лица со инвалидност, едукативни екскурзии за

членови од ГО чија мисија е унапредување на животниот стандард на лица со инвалидност.

Во соработка со Здружението на пензионери дадена е поддршка на манифестации организирани за оваа категорија граѓани, а во соработка со ОО на Црвен крст дадена е поддршка на сиромашните семејства, како и спроведување на активности од Стратегијата за намалување на туберкулозата на територијата на Општина Велес.

## 3.10. Н – Образование

Прогамата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2011 година е димензионирана на 352.971.530 денари. Најголем дел од овие средства во износ од 311.347.155 се средства што ги трансферира Министерството за образование на име блок-дотации за средното и основното образование,средствата од самофинансирачките активности се во вкупен износ од 33.554.375 денари и од Буџетот на општината за активностите од оваа Програма одделени се 8.070.000 денари.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2010 година е реализирана во вкупен износ од 327.854.471 денари односно истата е реализирана 92,79%.

Делот за блок дотациите е реализиран во износ 304.366.148 денари или 97,75 %.

Самофинансирачките активности се реализирани на ниво од 18.983.735 денари или 56,58 %.

Делот на општина Велес е реализиран во износ од 4.504.518 денари или 55,82 %.

Програмата за образование за 2011 година содржи активности, поддршка на проекти, инвестиции, тековни работи и трансфер на средства. Овие поглавја опфаќаат:

Прогласување на најдобар наставник во средно и основно образование и одделенска настава

Реализирање на проект „Безбедни училишта – хармонична средина

Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи и набавка на опрема во основните и средни училишта во износ од 3.000.000 денари

Реконструкција спортски објекти и отворени спортски терени во основни и средни училишта во висина од 1.400.000 денари.

Санитарни и здравствени прегледи на вработените во образование

Осигурување на училишните објекти

Сите позиции од програмата се реализирани со големо залагање на вработените во училиштата. Дел од активностите се и проектните активности финансирани од Општина Велес, како што е на пример проектот „Безбедни училишта-хармонична средина“..

Во делот Инвестиции оваа година најголем дел од средствата се насочија кон изградбата на модуларната училишна зграда во ООУ „Стојан

Бурчевски Буридан" и санирање на последиците од пожарот што ја уништи старата училишна зграда.

Капиталните инвестициите што ги презема Министерството за образование исто така беа фокусирани на создавање услови за непречено одвивање на наставата во училиштето во с. Иванковци.

Од буџетски средства на Општина Велес со 2011 година финансирани се осигурувањата на училишните објекти и санитарните прегледи на вработените.

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2011 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Детските Рацинови средби итн. Зачленувањето на прврачињата во Светската детска организација беше збогатено со гостување на хорот „Златно славејче" – Скопје, матурска екскурзија во Крушево и тн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование како на пр. Лига систем натпреварите, Отворениот спортски ден итн.

Во Програмата за социјална заштита за одредена категорија ученици бесплатно е поделен училишен прибор и испратени се ученици на рехабилитација.

### 3.11. W – Противпожарна заштита

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари. Во моментот на преземањето од страна на Министерството за внатрешни работи беа укинати средствата за плата за едно лице, кое беше на отслужување на казна затвор.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2011 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 25 вработени во ТППЕ планирани се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 10.314.000 , а реализирани се вкупно 10.242.012 денари или 99,93% од блок дотациите за плати и надоместоци.

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи за 2011 година беа планирани 3.140.000 денари од Буџетот на Општина Велес, што е за 240.000 повеќе во однос на 2010 година.

Со оглед на фактот дека со Законот за пожарникарство е предвидено финансиско учество на општините кои не формираат Териториjална противпожарна единица, во Програмата за 2011 година планирани се 300.000 денари од општините Чашка и Градско, на кои Општина Велес им дава услуги од областа на противпожарната заштита. Меѓутоа, и покрај законската обврска, ниту една од двете општини не уплатуваат средства за оваа намена на сметката на Општина Велес.

Во текот на 2011 година Општина Велес интервенираше во тековното одржување на зградата, направена е набавка на техничка опрема потребна при гаснење на пожар, а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат.

И во текот на 2011 година беа организирани здравствени прегледи на вработените во ТППЕ согласно Законот за пожарникарството.

Инаку, планираните и потрошените средства од Програмата за 2011 година се усогласени и се движат во рамките на планираното.

Во приходниот дел разлика во планираното и реализираното се јавува во делот на средствата планирани од наплатени премии од каско осигурување, па така наместо планираните 1.500.000 денари реализирани се само 1.379.457 денари. Не се реализирани ниту планираните 300.000 од општините Чашка и Градско.

Од планираните приходи ( без наменските дотации од Буџетот на РМ ) од 3.140.000 реализирани се вкупно 2.667.514 денари или 84,95 %, што значи дека е многу реален планираниот приход.

Во расходниот дел од Буџетот на Општина Велес од планираните 3.140.000 потрошени се 1.813.576 или 57,76 %. Процентот на реализација во овој дел се намалува со неискористените планирани расходни средства во делот на заштитата и спасувањето и управувањето со кризи, за што немаше потреба од целосно искористување на планираните средства.

Според податоците, со добро планирање и менаџирање со средствата, потрошените средства се движат во рамките на планираните расходи според Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2011 година.

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма АО - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.000.000 денари и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 200.000 денари во 2011 година вкупно се потрошени 270.000 денари и тоа 135.000 од програмата А0 – Совет на Општина и 135.000 од програма Д0 – Градоначалник и истите детално ќе бидат прикажани подолу во Извештајот:

**Тековни резерви Програма АО- Совет на општина**

1. Надомест за припреми и подготовки за натпревари на кајакарски клуб- 40.000 денари
2. За учество на светска математичка олимпијада за ученици во средното образование- 25.000 денари.
3. За учество на светско првенство во велосипедизам – 20.000 денари.
4. За надомест на штета од пожар на Митрев Дејан – 50.000 денари.

**Тековни резерви Програма Д0-градоначалник**

| Име и презиме | Смрт на член на потесно семејство |
|---|---|
| Стојка Анѓелова | 15.000,00 |
| Јованка Митева | 15.000,00 |
| Маријана Нешова | 15.000,00 |
| Силвана Карагирова | 15.000,00 |
| Јордан Ѓорѓиев | 15.000,00 |
| Слободан Атанасовски | 15.000,00 |
| Крстевска Пенка | 15.000,00 |
| Зоран Јордановски | 15.000,00 |
| Лидија Атанасовска | 15.000,00 |
| **Вкупно** | **135.000,00** |





# ПРИЛОЗИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

## 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

| Програми | Планирано 2012 | Реализирано 2012 | реал/плани 2012 % |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 13.783.760 | 12.458.689 | 90,39 |
| Социјална заштита | 59.019.255 | 53.661.611 | 90,92 |
| Спорт и рекреација | 6.265.000 | 5.406.303 | 86,29 |
| Култура | 25.262.076 | 17.762.783 | 70,31 |
| Образование | 358.127.931 | 334.639.042 | 93,44 |
| Локален економски развој | 19.305.000 | 10.142.589 | 52,54 |
| Програма за уредување на градежно земјиште | 108.055.000 | 68.909.214 | 63,77 |
| Капитални трошоци на Општината | 3.500.000 | 1.536.986 | 43,91 |
| Општинска администрација | 43.685.000 | 40.005.031 | 91,58 |
| Месна самоуправа | 200.000 | 95.875 | 47,94 |
| Градоначалник | 3.670.000 | 3.325.853 | 90,62 |
| Совет на Општина | 15.682.865 | 10.231.690 | 65,24 |
| **Вкупно** | **656.555.887** | **558.175.666** | **85,02** |


Планирани и реализирани програми за 2012 година
Совет на Општина
Градоначалник
Месна самоуправа
Општинска администрација
Капитални трошоци на Општината
Програма за уредување на...
Локален економски развој
Образование
Култура
Спорт и рекреација
Социјална заштита
Противпожарна заштита
0
100
200
300
400
Millions
Реализирано 2011
Планирано 2011


реализирани -планирани програми 2012
100,0
90,0
80,0
70,0
60,0
50,0
40,0
30,0
20,0
10,0
0,0
90,4
90,9
86,3
70,3
93,4
52,5
63,8
43,9
91,6
47,9
90,6
65,2
Противпожарна заштита
Социјална заштита
Спорт и рекреација
Култура
Образование
Локален економски развој
Програма за уредување...
Капитални трошоци на...
Општинска...
Месна самоуправа
Градоначалник
Совет на Општина
реал/плани

### 3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 15.682.865 денари реализирани се 10.231.690 денари односно реализирана е програмата на советот со 65,24 %.

Советот на Општина Велес во 2012 година одржа 19 редовни и една вонредна седница и донесе 323 акти. За работењето на членовите на советот во 2012 година на име надоместоци исплатени се 4.057.470 денари, односно 39,66 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 336.000 ден односно 3,28 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста“, „Пограма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка “, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот“и „Програма за активностите на општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по поодделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА ЗА 2012 ГОДИНА.

1. Основа

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2012 година беше фокусирана на генерален пристап во комуникацијата со сите специфични целни групи на граѓани (корисници на услуги).

Програмата целеше кон обезбедување на механизми за комуникација, доближување на општината до граѓаните, навремено и точно информирање за надлежностите и обврските на општината како и услугите што општината ги обезбедува за граѓаните. Програмата целеше и кон обезбедување на неопходна поддршка за реализацијата на значајни донмашнни и меѓународни манифестации (во контекст на комуникација на програмата на настаните и реализираните активности).

2. Имплементација

Во 2012 година, врз основа на Програмата од вкупно планираните 725.000 денари, реализирани се 376.386 денари

Во рамките на програмата планираните средства во висина од 50.000 денари за изработка и печатење на брошури не се реализирани, затоа што овие трошоци се покриени од други програми, првенствено од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2012 година.

Од планираните 80.000 денари за изработка и печатење на флаери, реализирани се 34.810 денари.

Изработката и печатењето на плакати (ставка 3) во која се планирани 30.000 денари исто така е покриена од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2012 година.

За изработка и емитување на спотови од планираните 70.000 денари, реализиерани се 32.804 денари.

За изработка и емитување на видео презентации од предвидените 50.000 денари, реализирани се 14.160 денари.

Предвидените ставки за изработка и емитување на аудио спотови (со предвидени 30.000 денари) , изработка и емитување на аудио презентации (предвидени 25.000 денари) и организацијата на јавни настани за промоција на активностите на општината (предвидени 40.000 денари) не се реализирани од оваа програма, туку од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2012 година како и други програми во рамките на Буџетот за 2012 година.

За објавување на соопштенија за јавност, од планираните 250.000, реализирани се 204.075,50 денари.

Во ставката за непредвидени трошоци, од планираните 100.000 денари, реализирани се 90.537 денари.

Заклучок:

Програмата е реализирана согласно потребите во текот на годината. Неопходно е разграничување на оваа програма од останатите програми во општината со што ќе се обезбеди соодветна реализација согласно програмските определби за комуникација со јавност, а активностите ќе се реализираат во целост со средства од оваа програма.

- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ЗА 2012 ГОДИНА.

1. Основа

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Меѓународната соработка во 2012 година беше насочена кон продлабочување на меѓународната соработка со со збратимените и градовите пријатели на Велес, реализација на долгорочни меѓународни проекти како и поддршка на процесите на апликација во програмите на ЕУ.

Програмата овозможи промоција на културните, економските и туристичките потенцијали на Велес на меѓународен план и интензивна меѓународна размена во чии рамки се воспоставија и нови партнерства.

2. Имплементација

Од вкупно планираните 3.085.599 денари врз основа на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2012 година се реализирани 601.216 денари.

За организиран престој на делегации во Велес планирани се 150.000 денари, а реализирани се 457.800,00. Средствата се реализирани за пречек и сместување на гости од збратимените, градовите пријатели, уметници и партнерски организации од странство.

За организиран престој на Делегации на Општина Велес во странство, во 2012 година од планираните 30.000 денари, реализирани се 7.721 денар. Средствата се реализирани за покривање на неопходните трошоци за патувања во странство.

За реализација на проектот „Франкофонско катче“ во соработка со Асоцијацијата АЛМА од Алзас, Франција од планираните вкупно 140.000 денари, од кои Општина Велес покрива 70.000 денари, реализирани се 64.972 денари.

Во рамките на проектот Оска 3, архитектонско наследство, како дел од Програмата за децентрализирана соработка со Регионот Долна Нормандија, од планираните 136,639.00 ден ( од кои 70.000 се планирани од Општина Велес) реализирани се 24,490.00 ден.

Во програмата за збратимување со градот Шербур Октевиљ, Република Франција и реализација на конкретна техничка помош, средствата не се реализирани поради одложување на активностите од страна на францускиот партнер за периодот 2013-2014 година.

Во ставката реализација на меѓународни проекти одобрени од ЕК, од планираните 125,182.00 ден потрошени се 3,333.50 ден. Средствата се потрошени за покривање на трошоците за апликација на проекти. Останатите средства не се реализирани поради неодобрувањето на апликациите од страна на ЕК.

Во ставката Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници, спортисти и претставници на медиумите, на значајни средби, културни и спортски манифестации планираните 50.000 денари не се реализирани затоа што овие трошоци се покриени од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и други програми за 2012 година.

Во ставката членство во меѓународни организации на општината, локалните установи и здруженија на граѓани, од планираните 30.000 денари, реализирани се 9.000 денари. Средствата се реализирани за поддршка на членството на здруженија на граѓани во меѓународни мрежи и организации.

Во ставката "непредвидени трошоци" од планираните 50.000 денари, реализирани се 33.900 денари.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2012 година е во целост остварена. Покрај продлабочувањето на соработката на билатерален план, општината продолжи со реализацијата на долгорочни меѓународни проекти, го зголеми бројот на збратимени и градови пријатели и реализираше конкретни проектни активности, особено на планот на франкофонијата

- ПОДДРШКА НА НВО СЕКТОРОТ

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2012 година беше димензионирана на 950.000 денари.

За учество во реализација на партнерски проекти со здруженија на граѓани предвидени се 500.000 денари од кои се реализирани 461.666 или целосно земено во сите позиции ова програма е реализирана 98% .

Во 2012 година посебно беше изразена соработката со здруженијата на граѓани од областа на социјалната и здравствената, заштитата на животната средина, областа на културата.

Во 2012 година голема активност пројавија невладините организации од заедниците што живеат на територијата на Општина Велес за промовирање на својата култура, традиција и обичаи. Заедницата на Бошњаците беше вклучена во проект финансиски поддржан од ЕУ.

Голем успех постигна Здржението на Турците кое воведе традиција на презентирање на турската култура на живеење преку отворен ден на Турците во манифестацијата „Денови на Кемал Ататурк".

Од областа на културата пристигнати се 15 барања.

## 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 3.670.000 денари во буџетот реализирани се 3.325.853 ден. односно 90,62 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.215.888 денари односно 33,11 %. Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 330.000 денари или 8,99 % и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општинските установи.За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции се исплатени средства во вкупен износ

од 1.587.112 денари односно 43,24 % од вкупната реализација. Остатокот од средствата во износ од 192.852 денари односно 5,25 % се исплатени на име патни и дневни трошоци, комунални услуги, комуникации и транспорт.

### 3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 47.185.000 денари, а се реализирани 41.542.017 денари или 88,04 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 19.086.064 ден односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 40,45 %. За стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања) и субвенции и трансфери се потрошени 20.934.957 ден или 44,37 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 1.536.986 денари или 3,26 % . Најголем дел се реализирани за реконструкција на делови од имотот на Општината.

### 3.4. Г- Локален економски развој

Извештај за реализирани активности на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и информатичката технологија во 2011 година.

**Развојни приоритети и цели**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2012 година беа насочени кон следните цели:

-Реализација на акциониот план за енергетска аефикасност, согласност Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010 – 2014, подготовка на енергетски контроли и практична имплементација на дефинираните мерки во објектите управувани од страна на општината, заради потребата за намалување на трошоците во делот на употребата на енергенсите, добротот управување и подобрување на севкупните услови.

-Доизградба на инфраструкурата на Езеро Младост. И оваа година, како и неколкуте предходни, ќе се продолжи со подобрување на условите и развој на инфраструктурата на Езерото Младост.

-Доизградба на инфраструктура во индустриските зони „Речани 2“ и „УЗУС – мало стопанство“

-Продолжување на тековните проекти започнати предходната година поврзани со информатичките услуги, интеграцијата на постојните ИТ системи и подобрувањето на работата на Градоначалникот, Советот на Општина Велес и администрацијата.

**Проектни активности и реализација**

Генерално, проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР и ИТ имаа за цел забрзан и динамичен развој на општината, нејзин организациски развој и зајакнување на капацитетите и обезбедување подобри услуги кон граѓаните, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

Во денари

| Програма | Назив | Планирано | Потрошено | Разлика | Реализација % |
|---|---|---|---|---|---|
| Г1 | 12-Г1.ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РЕГИОН.РАЗВОЈ НА ВАР | 580.000,00 | 552.160,00 | 27.840,00 | 95,20 |
| Г1 | 12-Г1.РАЗВОЈ НА ПРОГ.ЗА ПОД .СЕМЕЈНИ И МАЛИ БИЗНИС | 1.250.000,00 | 1.100.000,00 | 150.000,00 | 88,00 |
| Г1 | 12-Г1.ТРОШ.ЗА ОДДРЖ.НА АПЛИК.ОД ТРЕТИ ЛИЦА | 310.000,00 | 269.578,00 | 40.422,00 | 86,96 |
| Г1 | 12-Г1.ТЕКОВНО ОДРЖУВ.НА ХАРДВЕР И СОФТВЕР | 480.000,00 | 237.477,50 | 242.522,50 | 49,47 |
| Г1 | 12-Г1-ОБУКА ЗА МЛАДИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА | 250.000,00 | 207.680,00 | 42.320,00 | 83,07 |
| Г1 | 12-Г1.НАБАВКА НА САТЕЛИТСКА СНИМКА | 365.000,00 | 360.808,50 | 4.191,50 | 98,85 |
| Г1 | 12-Г1.ПОДГОТ.НА ТЕХ.ДОКУМ.ЗА ПОСТАВ,ИНТЕРНЕТ КИОСЦ | 400.000,00 | 326.860,00 | 73.140,00 | 81,72 |
| Г2 | 12-Г2.НАСТАП НА САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | 300.000,00 | / | 300.000,00 | 0,00 |
| Г2 | 12-Г2.ПОДГОТОВКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ | 200.000,00 | 280.244,00 | -80.244,00 | 140,12 |
| ГА | 12-ГА.ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАС.НА ЕЗ.МЛАДОСТ | 3.000.000,00 | 2.519.075,00 | 480.925,00 | 83,97 |
| ГА | 12-ГА.ДОИЗГРАДБА НА ИНФРАС.ВО ИНД.ЗОНА РЕЧАНИ 2 | 500.000,00 | / | 500.000,00 | 0,00 |
| ГА | 12-ГА.ДОИЗ.НА ИНФРАСТРУК.ВО ИНДУСТРИС.ЗОНА УЗУС | 2.400.000,00 | 1.224.069,00 | 1.175.931,00 | 51,00 |
| ГА | 12-ГА.КУПУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА-ХАРДВЕР | 600.000,00 | 146.644,00 | 453.356,00 | 24,44 |
| ГА | 12-ГА.РАЗВОЈ НА НОВИ УСЛУГИ И ФУНКЦИОН.НА ПЛАТФОР. | 1.750.000,00 | 1.548.160,00 | 201.840,00 | 88,47 |
| ГА | 12-ГА.РАЗВОЈ НА НОВИ ФУНКЦИОНАЛ.НА ИНТЕГРИРАНО РЕШ | 550.000,00 | / | 550.000,00 | 0,00 |
| ГА | 12-ГА.НАБАВКА НА СОФТВЕР И ЛИЦЕНЦИ | 1.300.000,00 | 1.063.032,50 | 236.967,50 | 81,77 |
| ГД | 12-ГД.ИМПЛЕ.НА МЕРКИ ЗА ЕНЕР.ЕФ.ПРЕКУ КОФИНАН.НА А | 600.000,00 | / | 600.000,00 | 0,00 |
| ГД | 12-ГД.ИЗРАБ.НА ЕН.КОНТРОЛИ СО ДЕТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА | 600.000,00 | 306.800,00 | 293.200,00 | 51,13 |
| | ВКУПНО: | 15.435.000,00 | 10.142.588,50 | 5.292.411,50 | 61,34 |

Мора да се има во предвид дека активностите на одделението, во делот на информатичката технологија, во значителен дел беа ориентирани кон целосна имплементација на втората фаза во рамки на новата платформа за електронски услуги, подготовка на ИТ системот за сертификација согласно барањата на стандардот за безбедност на информации, надградби и дополнувања на воведеното решение за работата на советот и усогласувањата на електронскиот систем за

управување со документи, согласно барањата на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2008.

### 3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 11.600.000 денари а реализирани се 7.149.532 денари или 61,63 %. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции ( потпрограми).

**Позиција Ф1** - Урбанистичко планирање

1.ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место се изработи стратешка оцена за влијание врз животната средина за измена и дополна на ГУП Топилница, УП вон населелено место за Езеро Младост, локалитет КО Башино село и дел од КО Отовица, Еколошка документација за инфраструктурни објекти за потребите на општината и инфраструктурни проекти за изработка на урбанистички проекти .

Од предвидените средства во износ од 2.000.000 денари се потрошени средства во износ од 761.629 денари (38,08%)

**Позиција Ф2** - Уредување на градежно земјиште

За експропријација, за надзор над изведба на градежни објекти и геодетските услуги од предвидените средства во износ од 2.600.000 денари се потрошени средства во износ од 1.634.645 денари (62,87 %).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа нумерички и ажурирани подлоги.

**Позиција Ф3** - Уредување на простор во рурални подрачја

Од ставката уредување на простор во рурални подрачја се изврши: тампонирање со дробен камен од 0 до 60 со потребно планирање и набивање на пристапниот пат од Езерото Младост до викенд населба . Се продолжи фекална канализација во село Црквино во должина од 220м; фекална канализација во село Иванковци во должина од 372м и набавка и монтажа на 700м канализациони цевки во село Раштани и др. Во дел од овие активности учество зема и месното население од село Црквино и село Иванковци со ископ , монтажа и затрупување на ровот. Се изврши поправка на локалниот пат кон село Ораовец со вградување на 60м3 тампон. Се вгради тампон на банкината на локалниот пат Свилара – Оризари.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.753.258 денари (87,66 %).

**Позиција ФА** - Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура.

Се изработија проекти за Колектор од Сујаклари, преку Кумарино и Мамутчево; Проект за покривање на отворен канал од фабриката Благој Ѓорев до влив во река Вардар, Водоснабдување на село Бузалково и

Раштани, Инфраструктурни проекти за Водоснабдување и канализација во село Сливник, ,Колектор за атмосверски води од магацините на Тргошпед до постоечки канал на Топилница со влив во река Вардар; Анекс на проект за водоснабдување на село Црквино ; Проект за препумпување на фекална канализација во Горно Оризари; Новопроектирана улица спој на Населба Младост со Населба Отовица и др. Изработени се Елаборати за оценка на влијанието врз животната средина за сите инфраструктурни проекти. Изработена е потребна ревизија на целокупната изготвена инвестициона техничка документација.

Од предвидените средства во износ од 5.000.000 денари се потрошени средства во износ од 3.000.000 денари (60 %).

## 3.6. Ј – Комунални дејности

Во програмата за комунални дејности и заштита на животна средина за 2012 беа предвидени средства во износ од 95.805.000 денари а беа реализирани 61.685.489 денари односно реализацијата на програмата изнесува од 64,39 %. Програмата се реализираше по одделни подпрограми чија реализација чие извршување ќе биде подолу образложено:

**Ј0 - Одржување на урбана опрема**

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема со потребни фарбања и промена на оштетени делови на улица Благој Ѓорев, во Младински парк, Фонтана Кенгур и во забавниот парк Дизни.

Од предвидените средства во износ од 1.500.000 денари се потрошени средства во износ од 593.333 денари (39,56%).

**ЈН - Урбана опрема (капитални расходи)**

Во текот на цела година се врши набавка на урбаната опрема и нејзино поставување. На барања на граѓани се поставуваа клупи, кош со обрач и конструкција, ракометни стативи, огради од плетена мрежа, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Во 2012 година се поставени ракофати на Вера Циривири, Маца Овчарова и ограда на Костурска , Маца Овчарова и др. Се изврши изработка, транспорт и монтажа видиковец на улица Славко Ѓорѓиев Сватот со димензии 4х4.

Извршена е набавка на 16 контејнери од 1,1м3 и 60 пластични канти за собирање на комунален отпад за потребите на јавните површини и за сопствениците на трговските дуќани.

Од предвидените средства во износ од 1.700.000 денари се потрошени средства во износ од 762.768 денари (44,87 %).

**Ј1 Снабдување со вода**

Се вршеше тековно одржување на пумпите на системот за водоснабдување на Езеро Младост. Се вршеше дотур на потребните количини на вода за жителите во Населба Порцеланка, а по потреба и на жителите во село Караслари.

Од предвидените средства во износ од 1.000.000 денари се потрошени средства во износ од 68.200 денари (6,82 %).

**ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување**

Предвидените средства од 5.000.000 денари наменети за проектот Изградба на водоснабдителен систем за езеро Младост, урбан блок 1, урбан блок 2 и урбан блок 3 со поврзување од градскиот водоводен систем беа реализирани во износ од 3.326.715 денари (66,53%).

**Ј2 - Одведување и пречистување на отпадни води**

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосферска канализација (поради таложење на наноси) и тоа канал за атмосверска вода кај Ветеринарна станица (од постоечки пропуст до мостот на локалниот пат Велес – Раштани покрај оградата на Фабриката Киро Ќучук, канал за атмосверска вода кај Историски архив, во населба Речани, атмосверскиот канал на улица Благој Ѓорев ( наспрато Детската Градинка – Тунел) и др. Во Населба Превалец беше реализиран проектот за продолжување на фекалната канализација од пропустот на железничката пруга до влив во река Тополка.

Од предвидените средства во износ од 3.350.000 денари се потрошени средства во износ од 372.365 денари (11,11 %).

**ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Се вршеше редовно одржување на фекалните канализации на територијата на општина Велес.

Од предвидените средства во износ од 1.000.000 денари се потрошени средства во износ од 65.901 денари (6,59 %).

**Ј3 - Јавно осветлување**

Од оваа ставка се изврши плаќањето за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се прошируваше постоечката мрежа за улично осветлување, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите како и замена на постојни со економични светилки.

Од предвидените средства во износ од 18.000.000 денари се потрошени средства во износ од 17.426.994 денари (96,82%).

**ЈА – Изградба на јавно осветлување**

Се изврши Новогодишно украсување на градот и проширување на мрежата за улично осветлување во градот и населените места.

Од предвидените средства во износ од 2.400.000 денари се потрошени средства во износ од 999.441 денари (41,64 %).

**Ј4 - Јавна чистота**

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота за 2012 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за реализираните активности на чистење, миење и одржување на јавните површини , како и чистење на снег и мраз во зимски услови за 2012 година.

Извештајот за реализираните работи согласно Програмата за 2012 година ќе биде доставен на разгледување до Советот на Општина Велес од страна на ЈКП Дервен.

Од предвидените средства во износ од 9.500.000 денари се исплатени средства во износ од 9.491.414 денари (99,91 %).

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**

Во 2012 година реализирани се следните зафати: се поплочи дел од Вера Циривири (од спој со улица Димитар Влахов до спој со улица Киро Рогужаров), се изведоа пристапни скали кон улица Румена Хаџипанзова. Во Младинскиот парк се изведе потпорен ѕид со префабрикувани елементи, се поплочи обиколна патека на крај на амфитеатар и две пристапни патеки со широчина од 2,5м.

Во 2012 година се бетонирани следните улици:

Се избетонира дел од улица Орце Мартинов

Се избетонира дел од улица Коле Цветков

Се избетонира дел од улица Ганчо Хаџи Панзов

Во 2012 година се бетонирани следните потпорни ѕидови:

Се изведе потпорен ѕид на улица Орце Мартинов

Се изведе потпорен ѕид на улица Петре Алчев

Се изведе потпорен ѕид на улица Климент Охридски

Се изведе потпорен ѕид на улица Крушевска

Се изведе потпорен ѕид на спој на улица Максим Горки со улица Даме Груев;

Се изведе потпорен ѕид на Васил Ѓоргов за оформување на простор за детски забавен парк.

Се изведе армирано бетонски ѕид на улица Јордан Џурнов

Се изведе патека за инвалидизирани лица во Младински парк од улица Благој Ѓорев покрај ѕидот на Соборниот храм.

Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој асфалт

Се изврши пpередување на дел од улици со завршен слој камени коцки на улица Милан Страчков, Васа Кошулчева и др. Се поплочија дел од патеки во градскиот Парк со демонтираните камени коцки од улица Максим Горки и Вера Циривири. Во повеќе наврати се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој бетон. Се изврши чистење на банкини на локалниот пат кон село Ораовец, на локалниот пат од Отовица кон Кумарино, како и овозможување на прегледност на вертикалната сигнализација низ градот. Се изработи и се постави автобуска постројка во село Сујаклари. Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно, се изврши набавка на потребните количини на индустриска – камена сол, како и одржувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација. Се изврши изведба на

хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др.

Од предвидените средства во износ од 12.400.000 денари се потрошени средства во износ од 9.506.107 денари (76,66 %).

**ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Се изврши пробивање, тампонирање и поплочување на дел од улица Киро Чауле, се поплочи дел од улица Ѓоре Органџиев, се поплочи улица Максим Горки (на потег од Мегдан до плоштад Којник), продолжи фазното поплочување на Сараевска, се санираше потегот под подвозникот на локалниот пат Велес – Дурутовец и се изврши тампонирање и бетонирање на патот од Долно Караслари кон Горно Караслари.

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал со кој граѓаните сами извршија зафати за обезбедување на теренот. Се изведе потпорен ѕид на улица Прохор Пчински, на улица Илија Климкаров, на улица Богдан Каракостев, Љубен Весов, Игманска, Орце Шутев, Јордан Џурнов, Вера Циривири 212 и др.

Се избетонираа дел од улица Јордан Џурнов и Јовче Тикваров.

Од предвидените средства во износ од 20.200.000 денари се потрошени средства во износ од 7.379.680 денари (36,53 %).

**ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација**

Се изврши поставување на посебни технички мерки за забавување на сообраќајот на улица Димко Најдов, Благој Ѓорев и Љубљанска.

Од предвидените средства во износ од 250.000 денари се потрошени средства во износ од 199.727 денари (79,89 %).

**Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2012 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини опишани во ЈМ0.

Од предвидените средства во износ од 6.800.000 денари се потрошени средства во износ од 6.332.570 денари (93,12 %).

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Средствата предвидени за подигнување и реконструкција на нови зелени површини се потрошени за спроведување на Програмата за подигнување и реконструкција на нови зелени површини за 2012 година и се однесуваат на уредување на Младинскиот парк.

Од предвидените средства во износ од 3.500.000 денари се потрошени средства во износ од 2.757.580 денари (78,79 %).

**J8 - Други комунални услуги**

Во 2012 година извршена е пролетна и есенска дератизација на јавно прометни површини и брегот на реката Вардар од страна на ЈЗУ Центар за Јавно здравје Велес; извршено е авионско третирање против комарци во два наврати; како и третман на кучиња скитници согласно Договорот склучен со Ветеринарна станица Велес.

Од предвидените средства во износ од 2.350.000 денари се потрошени средства во износ од 723.576 денари (30,79 %).

**ЈЛ - Други комунални услуги (Капитални расходи)**

Се изведе пешачка патека од префабрикувани бетонски елементи во Градскиот парк за поврзување на Градскиот базен и Градскиот парк ( покрај оградниот ѕид на Градскиот стадион од северната страна). Се продолжи со уредување на плоштадот во село Долно Каласлари.

Од предвидените средства во износ од 4.050.000 денари се потрошени средства во износ од 1.679.118 денари (41,46 %).

**J9 Одржување на простори за паркирање**

Од предвидените средства во износ од 200.000,00 денари не се потрошени средства - (0,00 %) реализација.

**JE Изградба на простор за паркирање**

Од предвидените средства во износ од 2.605.000,00 денари не се потрошени средства - (0,00 %) реализација.

**P1 - Заштита на животната средина**

Во ставката Анализи на квалитет на животната средина извршени се мерења на загадувачки материи во животната средина и имисии на бучава во соседство од угостителски и други објекти.

Во ставката чистење на диви депонии извршено е чистење на диви депонијии во Населба Порцеланова, дива депонија покрај локалниот пат Велес Раштани во непосредна близина на Градските гробишта, во непосредна близина на складот на Шумско стопанство Бабуна, просторот под Железен мост.

Од предвидените средства во износ од 650.000 денари се потрошени средства во износ од 74.193 денари (11,41 %).

### 3.7. К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2012 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 25.262.076 денари. Од овие средства 11.032.319 се од Буџетот на Општина Велес, средства од 1.915.802 денари се сопствени приходи на културните установи а преостанатите средства во износ од 12.313.955 денари се од Министерството за култура. Средствата од Министерството за култура се однесуваат на блок-дотациите наменети за локалните установи од областа на културата.

Програмата за култура опфаќа седум дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, поддршка на проекти, годишнини, инвестиции со кои се создаваат уметнички добра, поддршка на локални установи, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

Манифестации

Во Програмата е предвидено реализирање на 40 манифестации од меѓународен, републички и локален карактер, но некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали, изложби, промоции, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и изнесува преку 124. За реализирање на културни манифестации во 2012 година предвидени се 6.410.000 денари. Реализирани 4 меѓународни културни манифестации (Рацинови средби, Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, Интернационален фестивал за античка драма „Стоби“, Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ за чија реализација Советот на Општина Велес разгледуваше посебни извештаи.

Реализирани се повеќе проекти со здруженија на граѓани како Младински фестивал на алтернативни театри „Импакт“, Грнчарска работилница, Етно работилници во куќите на уметноста (грнчарска и ткајачка), „Денови на Кемал Ататутк“, „Средби на Бошњаците

Во делот годишнини на значајни личности и настани реализирани се бројни свечености по повод државни празници и јубилеи на истакнати велешани од македонската историја. Најголем акцент оваа година беше ставен на обележувањето на 23 Октомври – Денот на Македонската револуционерна борба, по кој повод Општина Велес заедно со Државниот архив на Република Македонија – Подрачно одделение Велес подготви изложба посветена на овој историски период.

Должна почит беше дадена при обележувањето на 130 годишнината од смртта на ЈХК Џинот по кој повод се одржа и научен симпозиум посветен на овој наш преродбеник. Трудовите од симпозиумот се објавија во билтенот „Велес“ за 2012 година.

175 години од раѓањето и 115 години од смртта на велешкиот дипломат, преведувач, публицист и поет Андреја Петкович кој најголемиот дел од животот го поминал во Ријека како конзул на царска Русија, беше обележана со поставување спомен плоча на куќата во која живеел и работел. Ова спомен обележје беше финансирано од градот Риека и Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Истото патување беше искористено за посета на Градските гробишта Мирогој во Загреб каде Општина Велес постави спомен-плоча на гробот на Панко Брашнар.

Оваа година велешката култура во странство се презентираше преку изложбата на дела создадени на Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори“. 30-тина дела од архивата на Општина Велес – слики, резби и скулптури, беа претставени најнапред во Сплит на 24 мај по понод Денот на сесловенските просветители, за потоа во организација на Заедницарта на Македонците во Хрватска изложбата да биде претставена во сите градови во Република Хрватска каде има ограноци на Здружението на Македонците.

Традиционални културни манифестации одржани во 2012 година се: Питијада – што по трет пат се одржа на отворено и овој пат се поврза со обележувањето на Денот на Општина Велес – 9-ти Ноември , Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце", Денот на Македонските просветители Св. Кирил и Методиј, Недела на детето, Детски Рацинови средби, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

На негувањето на културата, традицијата и обичаите во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува во мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на албанската заедница, „Денови на Кемал Ататурк“, манифестација на која се презентира турската традиција и култура.Исто така од Програмата се одвоени средства за обележување на празниците и на другите припадници на заедниците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие етнитети.

За обележувањето на Денот на Општината 9-ти Ноември беше организирана богата уметничка програма, врачување на Актерската награда за животно дело „Петре Прличко“ што годинава му беше доделена на актерот Петар Темелковски и изложба на дела создадени на Колонијата „Папрадишки мајстори“.

Во 2012 година по трет пат беше обележан и патронот на Велес „Свети Пантелејмон“, светец заштитник што се слави на 9-ти август. Обележувањето беше збогатено со одржување локална конференција од областа на здравството на која учествуваа претставници од сите установи, институции и граѓански ортганизации од областа на здравството.

И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

По повод Новата Година беше организирана свеченост на која беа врачени награди за најуспешни работници во јавните служби и договори за стипендирање на талентираните ученици и студенти.

На улица „Благој Ѓорев“ беше поставена отворена новогодишна сцена на која во текот на два дена имаше можност да се претстави секој што се занимава со музика или некој друг вид уметност. Во новогодишната ноќ настапија естрадни уметници од Република Македонија.

Надвор од планирањата предвидени во Програмата, до Општина Велес во текот на 2012 година пристигнаа 13 барања од граѓански организации и поединци од кои 12 се позитивно решени.

**Начин на реализирање**

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2012 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

Процентот на реализација на Програмата за култура вклучително работењето на културните установи и реализирањето на културните манифестации изнесува 70,31 %.

Ова пред се се должи на ефикасниот и домаќински однос во работата и успехот голем дел од манифестациите да се реализираат со помалку средства од планираните.

Процентот на нереализиран дел од програмата се должи на фактот што во делот инвестиции не е набавена опрема за симултан превод и штандови за реализирање на културни манифестации на отворено , како и некои помали инвестирања што се планира да се остварат во следната година.

### 3.8. Л – Спорт и рекреација

Програмата од областа на спортот во 2012 година беше димензионирана на 6.265.000 денари и опфаќа:

I. Спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Масовна физичка култура
IV. Поддршка на спортот во градот
V. Инвестиции

Поддржани се повеќе од 60 спортски настани, од кои дел со меѓународен карактер. Исто така дадена е поддршка на сите спортски сојузи, на клубови и поединци што даваат активен придонес за развој на спортот во Општина Велес.

И во 2012 година од оваа Програма беа обезбедени значителни средства за поддршка на активностите на спортски сојузи, поддршка на развојот на спортот во градот – надомест за користење на спортски објекти за квалитетен спорт и пионерски и кадетски спортски екипи.

Беа поддржани како екипи така и поединци што земаа учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри. Општината финансиски го помогна олимпиецот Кристијан Ефремов, а им приреди и достоен пречек на ракометните репрезентативци од Велес – Манасков и Темелков.

Во 2012 година се реализираа и активности од Стратегијата за млади за периодот 2012-2016 година, согласно динамиката содржана во неа и приоритетните области .

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаа турнирите во мал фудбал, Турнирот во борење на пеливани, спортската манифестација во боречки вештини, Вардарската регата „Гемиџии“, меморијалните турнири во сите спортови и отворените забавни фудбалски школи.

Со цел да се вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности. Во 2012 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица, Општинскиот фудбалски сојуз и Сојузот на спортови. Сите сојузи во своите програми за 2012 година реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола.

Вниманието на јавнота особено го привлекоа и одржаните градски првенства во спортски риболов, стрелаштво, одбојка на песок, тенис и велосипедизам.

Сите планирани активности се реализирани со помош на несебичното залагање и волонтерската работа на спортските работници.

Како резултат на тоа повеќето училишта во Општина Велес – средни и основни, ја добија довербата да бидат домаќини на републички училишни натпревари во определени спортови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни

трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

Во овој дел од Програмата се предвидуваат средства и за поддршка на пионерски спортски екипи и за поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни натпревари.

Она што е карактеристично за 2012 година во областа на спортот е ревитализирањето на ФК „Борец“ и неговиот огромен успех во III лига, со голема веројатност во 2013 година да се натпреварува во II фудбалска лига на РМ.

Надвор од програмата до Општина Велес се пристигнати 45 барања од областа на спортот кои се во целост прифатени.

Програмата за спорт и млади во 2012 година се реализираше во износ од 5.406.303 односно 86,29 %.

**Начин на реализирање**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2012 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше стручната служба на Општина Велес.

## 3.9. В – Социјална заштита и заштита на децата

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2012 година е димензионирана на 59.019.255 денари. Од кои 3.140.000 од Буџетот на Општина Велес а останатите се блок-дотации од Министерството за труд и социјална политика наменети за Локалната установа Детска градинка „Димче Мирчев“ како и сопствени приходи на детската градинка. Изразено во проценти оваа програма е реализирана во износ од 90,92 % во однос на планираните средства.
Средствата во Програмата се распределени на:

- Социјална поддршка на заедницата
- Општина по мерка на детето
- Лица со хендикеп
- Меѓуинституционална соработка
- Родова рамноправност
- Грижа за стари лица
- Меѓуопштинска соработка
- Инвестиции
- Трансфер на средства

Програмата за социјална и здравствена заштита од година во година расте и по обем на активности и по висината на издвоените средства од Буџетот, иако надлежностите од овие области сеуште во најголем дел не се облигаторни за локалната власт.

Голем дел од активностите се сведуваат на волонтерски активности и активности поврзани во образовните институции, ПЕ на министерствата и граѓанските организации:

Она што ја обележа 2012 година во областа на Социјалната и здравствената заштита е отпочнувањето со примена на ЛАПЛИ, изготвувањето на стратегијата за стари лица и отпочнување со нејзина реализација, како и одржувањето на две конференции – Локалната конференција од областа на здравството и Националната конференција за изедначување на правата на лицата со инвалидност.

Вредно е да се напомене дека во 2012 година Општина Велес отпочна со емитување на специјална ТВ емисија за лицата со инвалидност „Во еден свет".

Во едукацијата и превентивата во соработка со граѓански организации беа реализирани повеќе трибини, обуки и работилници од областа на здравствената заштита и болестите на зависности, како и промовирање на родовата рамноправност. Дел од оваа програма, и законска обврска на Општина Велес е набавката на дефибрилатор. Се очекува обука на лица што ќе ракуваат со него.

Општината донесе и програма за волонтирање преку која ќе биде воспоставена и патронажната служба - социјален работник на терен во функција на изготвување на социјална карта на општината.

Во Декадата на Роми со оваа програма се поддржуваат проекти на ГО, а континуирано веќе пет години се дава поддршка на проектот за инклузија на ромските деца во предучилишните установи. Проектот е проширен со опфаќање на поголем број деца и обезбен бесплатен превоз за нив.

Проектот „Грижа за стари лица во домашни услови" што стартуваше мината година во партнерство со ОО на Црвен крст, оваа година од средства на Буџетот на Општина Велес е збогатен со ангажирање на физиотерапевт за старите лица.

Во соработка со ОО на Црвен крст со кој Општина Велес потпиша меморандум за соработка беше извршен дотур на храна и лекови на населението во селата отсечени поради лошите временски услови и ниски температури.

За обележување на Денот на лицата со хендикеп се поддржаа активностите на ПОУ „Маца Овчарова" и Центарот на лица со посебни потреби, се поддржуваа и се организираа хуманитарни акции.

Во соработка со Здружението на пензионери дадена е поддршка на манифестации организирани за оваа категорија граѓани, а во соработка со ОО на Црвен крст дадена е поддршка на сиромашните семејства, како и спроведување на активности од Стратегијата за намалување на туберкулозата на територијата на Општина Велес.

## 3.10. Н – Образование

Прогамата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2012 година е димензионирана на 358.127.931 денари. Најголем дел од овие средства се во износ од 316.185.041 се средства што ги трансферира Министерството за образование на име блок-дотации за средното и основното образование,средствата од самофинансирачките активности се во вкупен износ од 34.858.197 денари, средства од донации во

износ од 1.229.692 денари и од Буџетот на општината за активностите од оваа Програма одделени се 5.855.001 денари.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2012 година е реализирана во вкупен износ од 334.639.042 денари односно истата е реализирана 93,44%.

Делот за блок дотациите е реализиран во износ 313.298.514 денари или 99,09 %.

Самофинансирачките активности се реализирани на ниво од 18.157.459 денари или 52,09 %.

Делот на општина Велес е реализиран во износ од 2.254.409 денари или 38,50 % .

Средствата од донации се реализирани на ниво од 926.692 денари или 75,36 %.

Програмата за образование за 2012 година содржи активности, поддршка на проекти, инвестиции, тековни работи и трансфер на средства. Овие поглавја опфаќаат: Прогласување на најдоби наставници во средно и основно образование и одделенска настава, реализирање партнерски проекти со училиштата и граѓанските организации од областа на образованието, интервеции во училишните и спортски објекти и набавка на опрема во основните и средни училишта, санитарни и здравствени прегледи на вработените во образование, осигурување на училишните објекти и тн.

Она што треба да се истакне во областа на образованието во извештајниот период е изградбата на модуларно училиште во с. Отовица кое е подрачно училиште на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан" од с. Иванковци.

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2012 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Детските Рацинови средби итн. Зачленувањето на првачињата во Светската детска организација, екскурзијата за средношколци и екскурзијата на најдобрите ученици во Крушево и тн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование како на пр. Лига систем натпреварите, Отворениот спортски ден итн.

Во Програмата за социјална заштита за одредена категорија ученици бесплатно е поделен училишен прибор и испратени се ученици на рехабилитација.

### 3.11. W – Противпожарна заштита

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на

Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2012 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 25 вработени во ТППЕ од Буџетот на РМ планирани се средства во вкупен износ од 10.314.000 . Реализирани се вкупно 10.634.747 денари или 100% од блок дотациите за плати и надоместоци и 422.882 денари од Буџетските средства на Општина Велес. Со измените на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2012 година од Буџетот на Општина велес за оваа намена планирани се 664.768 денари. Недостигот на средства за плати е покриен од општинскиот буџет за да се исплатат надоместоците за прекувременото ангажирање на вработените пожарникари во акциите за гаснење на пожарите што ја зафатија Општина Велес.

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи за 2012 година беа планирани 4.110.000 денари од Буџетот на Општина Велес, што е за 970.000 повеќе во однос на 2012 година.

Со оглед на фактот дека со Законот за пожарникарство е предвидено финансиско учество на општините кои не формираат Територијална противпожарна единица и во Програмата за 2012 година планирани се 300.000 денари од општините Чашка и Градско, на кои Општина Велес им дава услуги од областа на противпожарната заштита. Меѓутоа, и покрај законската обврска, ниту една од двете општини не уплатуваат средства за оваа намена на сметката на Општина Велес.

Во текот на 2012 година Општина Велес интервенираше во тековното одржување на зградата и подобрување на условите за работа во објектот на ТППЕ. Направена е интервенција во работните простории, извршена е набавка на потребната униформа и заштитна опрема на пожарникарите потребна при гаснење на пожар, а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат.

И во текот на 2012 година беа организирани здравствени прегледи на вработените во ТППЕ согласно Законот за пожарникарството и Законот за здравје при работа.

Инаку, планираните и потрошените средства од Програмата за 2012 година се усогласени и се движат во рамките на планираното.

Во приходниот дел разлика во планираното и реализираното се јавува во делот на средствата планирани од наплатени премии од каско осигурување, па така наместо планираните 1.250.000 денари реализирани се 1.109.444 денари односно 88,76 %. Не се реализирани ниту планираните 300.000 од општините Чашка и Градско и приходите од сопствени извори на ТППЕ во износ од 30.000 денари.

Во расходниот дел од Буџетот на Општина Велес од планираните 3.687.118 ( без средствата за плати) потрошени се 2.275.330 денари односно 61,71 % што зборува за домакинско работење и економично трошење на планираните средства. Процентот на реализација во овој дел се намалува со неискористените планирани расходни средства во делот на заштитата и

спасувањето и управувањето со кризи, за што немаше потреба од целосно искористување на планираните средства.

Потрошените средства се искористени за покривање на комуналните трошоци, одржување на возилата и 85.330 денари за исплата на надоместоците на членовите на Комисијата за проценка на штети,( Б. Расходи за заштита и спасување: 2. Надомест за Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди ).

Во текот на 2012 година двајца професионалани пожарникари и еден преведувач од македонски на аглиски јазик беа на двонеделна обука во Обединетото кралство во рамките на проектот „Операција Флоријан". Трошоците за нивниот престој, како и патните сметки се покриени од страна на организаторот. Од Буџетот на Општина Велес исплатени се 2.769 денари за тројцата претставници на име патничко осигурување.

Според податоците, со добро планирање и менаџирање со средствата, потрошените средства се под планираните расходи според Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2012 година, што не влијаеше воопшто врз квалитетното и ефикасно извршување на задачите на вработените во Територијалната противпожарна единица Велес.

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма А0 - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.000.000 денари и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 350.000 денари, во 2012 година вкупно се потрошени 666.000,00 денари и тоа 336.000,00 од програма А0-Совет на општина Велес и 330.000,00 од програма-Д0-Градоначалник.

- **Тековни резерви**

**Програма А0-Совет на Општина**

Надомест за штета настаната од одрон на карпа за Адамчевски Драган во износ од 10.000 ден.

За еднократен надомест за атлетски клуб ,,Изгрев" во износ од 15.000 ден.

За еднократен надоместок за поддршка и реализација на спортски активности на ракометен клуб ,,Борец" во износ од 151.000 ден.

За надомест за покривање на дел од трошоците за реализација на првиот велешки велигденски фестивал 2012год. во износ од 30.000 ден.

За еднократен надомест за санирање на штета од пожар на Зено Балтиќ во износ од 20.000 ден.

За еднократен надоместза штета направена од одрон на карпа во износ од 20.000 ден,исплатена на лицето Зоранчо Петровски.

За еднократен надомест за патување на лица со инвалидитетво Бар-Црна Гора во износ од 30.000 ден.

Поддршка на учество на Балкански театар.фестивал во Србија во износ од 30.000 ден.

Исплатено на Шкортова Билјана износ од 30.000 ден. за поддршка на учество на мис модел на светот во Кина.

Вкупно од Програмата А0- Совет на Општина од контото 413110- Тековни резерви(разновидни трошоци) се потрошени вкупно 336.000,00 денари.

**Програма Д0-градоначалник**

**Исплата за смрт на член на потесно семејство**

| Реден број | Име и презиме | Смрт на член на потесно семејство |
|---|---|---|
| 1. | Јосифова Зора | 15.000,00 |
| 2. | Ѓорѓиев Ѓорѓи | 15.000,00 |
| 3. | Максимов Трајче | 15.000,00 |
| 4. | Димов Блажо | 15.000,00 |
| 5. | Димовска Јасмина | 15.000,00 |
| 6. | Чаушева Лилјана | 15.000,00 |
| 7. | Ѓорѓиев Јордан | 15.000,00 |
| 8. | Најдова Драгица | 15.000,00 |
| 9. | Џгурова Живка | 15.000,00 |
| 10. | Арсова Лила | 15.000,00 |
| 11. | Кочова Блага | 15.000,00 |
| 12. | Карбева Трајанка | 15.000,00 |
| 13. | Наќинова Викторија | 15.000,00 |
| 14. | Илчевска Гордана | 15.000,00 |
| 15. | МанасиеваСнежана | 15.000,00 |
| 16. | Стојанова Ленче | 15.000,00 |
| | ВКУПНО | 240.000,00 |

**Исплата за смрт на вработен**

| Реден број | Име и презиме | Смрт на вработен |
|---|---|---|
| 1. | Јосифова Зора | 30.000,00 |
| 2. | Димовска Цвета | 30.000,00 |
| 3. | Лазаревски Стојанче | 30.000,00 |
| | ВКУПНО | 90.000,00 |

Од тековни резерви програма До- Градоначалник од контото 413110-Тековни резерви(разновидни расходи) - за смрт на член на потесно семејство се исплатени средства во износ од 240.000,00 денари и за смрт на вработени во буџетските установи се исплатени 90.000,00 денари  или вкупно се исплатени 330.000,00 денари.



# 3-МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

## Информација за изведени активности во период јануари-април 2013 година

1.Со префабрикувани бетонски елементи, се поплочи паркинг просторот непосредно до Стар Мост

2.Се поплочи паркинг просторот непосредно до зградата на Работнички универзитет

3. Се поплочи дел од ул.„Љубен Весов“ од спој со ул.„Кочо Рацин“ до плоштадката пред оџакот на „Вила Зора“

4.Поплочување на улица спој на „Благој Ѓорев“ со „Прва Комуна“

5.Се изврши реконструкција на урбаната опрема во централното градско подрачје

6.Се поставија ракофати и огради во високите зони на градот

-ракофат тип 2 во должина од 26м на улица„ ЈХК Џинот“
-ракофат тип 1 во должина од 10м на улица „ЈХК Џинот “
-ракофат тип 1 во должина од 20м на улица „Вера Циривири“
-ракофат тип 2 во должина од 22м на улица „Вера Циривири“
-ограда од 82м на улица „Вера Циривири“
-ракофат тип 1 во должина од 6м на улица „Маца Овчарова“
-ракофат тип 2 во должина од 44м на улица „Маца Овчарова“
-ракофат тип 1 во должина од 11м на улица „Александар Несторов “
-ракофат тип 2 во должина од 82м на улица „Александар Несторов“
-ракофат тип 1 во должина од 18м на улица „Петре Милевски“
-ракофат тип 2 во должина од 20м на улица „Петре Милевски“
-ракофат тип 1 во должина од 24м на улица„ Богдан Прличков “
-ракофат тип 2 во должина од 12м на улица „Богдан Прличков“
-ракофат тип 1 во должина од 19м на улица „Белградска“
-ракофат тип 2 во должина од 12м на улица „Белградска“
-ракофат тип 1 во должина од 8м на улица „Стеван Богоев“
-ракофат тип 2 во должина од 39м на улица „Стеван Богоев“
-ракофат тип 1 во должина од 12м на улица „Јордан Џурнов“
-ракофат тип 1 во должина од 65м на улица „Родна Ивева“
-ракофат тип 2 во должина од 55м на улица „Родна Ивева“
-изработка и поставување на метални решетки на улица „Крали Марко“
-ракофат тип 1 во должина од 12м на улица„ Крали Марко“
-ракофат тип 1 во должина од 4м на улица„ Петар Дељан“
-ракофат тип 2 во должина од 35м на улица „Петар Дељан“
-поставување на 27м ограда на улица „Петар Дељан“
-ракофат тип 2 во должина од 10м на улица „Даме Груев“
-ракофат тип 2 во должина од 15м на улица „Јовче Џипунов“
-ракофат тип 1 во должина од 51м на улица „Богдан Каракостев“
-поставување на ограда на скали на улица „Богдан Каракостев“
-ракофат тип 1 во должина од 35м на улица „Неретва“

7.Се изведе потпорен ѕид на улица „Костурска“ 2

8.Се изврши пробивање на дел од улица „Благој Нечев“ со поставување на ивичници и тампонирање

9.Се изврши бетонирање на раскрсницата помеѓу улиците „ Орце Мартинов“ и „Игманска“

10.Се отпочна со пробивање на новопроектирана улица покрај новиот театар

11.Се изведе препумпна станица за нормално функционирање на Фекална канализација во село Горно Оризари- Зона 3

12.Се изврши крпење на ударни дупки со ладна маса на повеќе локации низ градот

13.Се демонтираа камените коцки и се поплочи Плоштад Којник со бехатон елементи

14. Се започна со реконструкција на уличното осветлување на улица „8 ми Септември“

15.Се изврши бетонирање на вториот крак на улица „Трајко Петкановски“ во должина од 235м и 3,5м широчина

16.Се изврши бетонирање на дел од улица„ Александар Несторов“

17.Се уредија зелените површини на улица „Благој Ѓорев“

18. Во 2013 година се бетонирани следните улици:

дел од улица „Ганчо Хаџи Панзов“

пристапен пат кон соборен храм во Башино Село на површина од 350,00м2

дел од улица „Вера Циривири“ на површина од 90,00м2

дел од улица „Вера Циривири“ на површина од 80,00м2

дел од улица „Маца Овчарова“ на површина од 120,00м2

дел од улица „Стојан Бурчевски- Буридан“ на површина од 170,00м2

дел од улица „Игманска“ и улица „Питу Гули “

пешачка патека на улица „Родна Ивева„ 50м2

дел од улица „Камка Тоцинова“ (од 12 до 19 и од 36 до 44)

атмосферски канал 18 м долг и 1,0м висок на улица „Благој Страчков“

потпорен ѕид на улица „Богдан Каракостев“ долг 3м и висок 4м

потпорен ѕид на улица „Маца Овчарова“ долг 20м и висок 1,70м

потпорен ѕид на улица „Јовче Тикваров“

потпорен ѕид на улица „Благој Страчков“

Се избетонираа пристапни скали на две локации на улица „Стеван Богоев“








http://www.uslugi.veles.gov.mk/

ОПШТИНА ВЕЛЕС



2009-2013






# Велес

ОПШТИНА ВЕЛЕС

2009-2013